Готје Пирот

# ПОИМОТ ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО

Готје Пирот

# ПОИМОТ
# ГРАЃАНСКО
# СОДРУЖНИШТВО

**ПОИМОТ ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО**
**Наслов на оригиналот:** LA NOTION DE SOCIETE CIVILE
**Автор:** GAUTIER PIROTTE
Оригиналот на оваа публикација е издаден на француски јазик од страна на
**EDITIONS LA DECOUVERTE s.a,**
**9 bis, rue Abel Hovelacque**
**75013 Paris - France**

Издавачот на оригиналот, **LA DECOUVERTE s.a, му го пренесе на МЦМС ексклузивното право да ја преведе и објави оваа публикација**.

**Издавач:** Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот:** Александар Кржаловски, прв извршен директор

**Автор:** Готје Пирот

**Превод:** Ило Трајковски

**Редактор:** Милева Ѓуровска

**Лектура:** Даниел Медароски

**Тираж:** 500 примероци

**Дизајн:** Кома

**Печати:** Борографика

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Сите права се задржани. Репродуцирање, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk

Издавањето на оваа публикација е овозможено од Цивика мобилитас, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU). Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат.

# СОДРЖИНА


**ВОВЕД** ..... 7

**ПРВ ДЕЛ** ..... 11

**ЕВОЛУЦИЈА НА ПОИМОТ ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО** ..... 11

**I. ПОЛИТИЧКА ЗАЕДНИЦА И ЦИВИЛИЗАЦИЈА** ..... 11

**Koinönia politikë и граѓанско содружништво** ..... 11

РАМКА: Цивилизираноста и процесот на цивилизирање ..... 13

**Заедницата на христијани** ..... 14

**II. МОДЕРНИ РАЗМИСЛИ** ..... 17

**Граѓанското содружништво и природната состојба** ..... 17

**Трговско граѓанско содружништво** ..... 19

**Контра моќта на граѓанското содружништво** ..... 22

**Хегелијанскиот момент** ..... 27

**Експлоатација, хегемонија и револуција** ..... 31

**III. СОЦИЈАЛНО ДВИЖЕЊЕ И ТРЕТ СЕКТОР** ..... 36

**Работнички движења и социјална економија** ..... 36

РАМКА: Јакобинскиот мит и француското граѓанско содружништво од XIX век ..... 37

РАМКА: Социјална економија или непрофитен сектор ..... 39

**Падот и подемот на граѓанското во XX век** ..... 41

РАМКА: Разочараноста од посткомунистичкото граѓанското содружништво ..... 43

**Сумарна табела на доминантните концепции за граѓанското содружништво и нивните главни застапници** ..... 45

**ВТОР ДЕЛ** ..... 47

**СОВРЕМЕНИ СОЦИЈАЛНИ И ПОЛИТИЧКИ КОРИСТЕЊА** ..... 47

**IV. ГРАЃАНИ, ПАРТИЦИПАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА И ЈАВНИ ПРОСТОРИ** ..... 47

**Здруженија и произведување на социјални капитали** ..... 48

РАМКА: Неотоквилијанците ..... 51

**Нормативната димензија** ..... 55

**Поимот јавен простор** ..... 56

РАМКА: Делиберативна демократија ..... 58

РАМКА: Граѓанин и партиципативна демократија ..... 60

РАМКА: Партиципативниот буџет во Порто Алегре ..... 64

**V. ГРАЃАНСКОТО СОДРУЖНИШТВО ВО ПОЛИТИКАТА НА РАЗВОЈОТ ........ 66**
**Државата, мотор на модернизацијата ........ 66**
**Криза на државите развивачки и криза на развитокот ........ 68**
РАМКА: Шестте причини за поддршка на граѓанското содружништво ........ 73
**Организациите на граѓанското содружништво во срцето на развојот ........ 74**
РАМКА: Секторските коалиции на организациите од граѓанското содружништво ........ 76
**Ограничувањата на партиципативниот развој ........ 78**
**VI. КОН ЕДНО ГЛОБАЛНО ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО ........ 82**
РАМКА: Космополитското граѓанско општество на Имануел Кант ........ 82
**Дали постојат незападни граѓански содружништва ........ 85**
РАМКА: Неверојатното африканско граѓанско содружништво ........ 87
**Интернационално граѓанско содружништво ........ 88**
РАМКА: Сонот на светскиот асоцијационизам ........ 96
РАМКА: Западниот баласт на светското граѓанско содружништво ........ 98
**Граѓанинот -потрошувач: Една погрешна патека? ........ 102**
**ЗАКЛУЧОК ........ 106**
**БИБЛИОГРАФСКИ УПАТИ ........ 109**
**ИНТЕРНЕТ УПАТИ ........ 119**

# ПОИМОТ ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО

CIVICA MOBILITAS

# ВОВЕД

Еден воинствен алтерглобалист тврди: „По битката во Сиетал беше јасно дека граѓанското содружништво стана трета глобална сила. Тоа го зазеде своето место до владите и пазарните инстанци, клучните институции кои денес ги одредуваат насоките и природата на глобализацијата“ (Perlas, 2003: 31). Претседателката на Движењето на претпријатијата на Франција (MEDEF, Mouvement des enterpises de France) истакна: „Бидејќи претпријатието е еден од главните столбови на граѓанското содружништво, да не речеме главниот, треба да се имаат предвид сите негови елементи. Ние ќе го насочиме вниманието кон јавностите кои историски беа оддалечени од нас, односно кон судиите, докторите, уметниците или кон оние кои од неодамна се прикажуваат како кадри. Приближувањето со луѓето од образованието, со сите во образованието, ќе биде приоритет. И, бидејќи правилата на играта се нови, МЕДЕФ не одбива дебата со НВО или со здруженијата кои веќе сега се светот на иднината“ (Parisot, 2005). Еден специјалист од општествените науки констатира: „Денес многу општества, на Западот како и на Истокот, на Северот како и на Југот, се соочени со едно исто политичко прашање: како да се уреди напнатоста меѓу приватната сфера и јавната сфера, меѓу единката и општеството, меѓу јавната етика и приватните интереси? И покрај разликите меѓу нив, овие општества споделуваат една заедничка перспектива: граѓанското содружништво се третира како потенцијален посредник меѓу овие спротивставени сили кои претставуваат закана за стабилноста и општествената кохезија“ (Lehning, 1998: 27).

Овие три цитати илустрираат многу различни, а некогаш и спротивставени концепции, во кои поимот граѓанско содружништво денес е главен предмет. Од крајот на студената војна, поимот граѓанско содружништво се наметна, како во секојдневниот говор така и во

учените излагања, во медиумските прикази или во документите на интернационалните институции (Европската Унија, Светската Банка, ОЕЦД итн.). Се чини дека успехот е постигнат без оглед што овој збор нема секогаш прецизно значење.  Поимот граѓанско содружништво денес може да се користи за означување на едно место на протести, на спротивставувања или на општествени новитети. Тој може да означува отворање на еден демократски политички систем кој се соочил со криза на репрезентативноста. Тој може да се однесува на политички чинители, на економски чинители, на општеството во целина, на една класа носители на развојот (како новите невладини организации – НВО, или NGO на англиски – на Југот, на пример), на организациите на работодавачи или на синдикатите, на содружнички мрежи носители на социјални капитали итн.

Граѓанското содружништво често се определува низ неколку помалку или повеќе прецизни разлики. Тоа се разликува како од државата, така и од пазарот, од црквата или од војничкото содружништво. Овие разлики фрлааат само малку светлост врз дефиницијата на специфичноста на тој простор и неговите социјални чинители.

Тие кажуваат дека тој не е држава. Во оваа перспектива која граѓанското содружништво го поврзува со идејата за контра-моќ, тоа не треба да се поистовети ни со владата ни со нејзината управа. Како различно од државата, граѓанското содружништво би можело да се помеша се пошироката сфера на политиката. Него денес му се припишуваат значајни вредности, на пример како потенцијален резервоар на политички елити или како олеснувач на јавното регулирање. Интересот за граѓанското содружништво денес е дел од преоценувањето на односите меѓу граѓанинот и државата, на политичката моќ на обичниот човек (Lagrée, 2004).

Концепциијата за граѓанското содружништво како трет сектор него го разликува не само од државата туку и од пазарот. Но, односите помеѓу

граѓанското содружништво и сферата на економијата се исто така сложени како и помеѓу граѓанското содружништво и политичката сфера. На пример, непрофитните здруженија кои го анимираат тој трет сектор (значи здруженијата според законот од 1901), иако по дефиниција не настојуваат да акумулираат капитал како нивен профит, понекогаш се моќни и влијателни економски оператори..

Граѓанското содружништво, исто така, се разликува од религиското содружништво. Граѓанското содружништво претставува свет на лаици кои својот живот го водат надвор од религиските институции. Но, и покрај тоа, врските меѓу граѓанското содружништво и религиските институции, движења и организации се конфузни, без оглед на верувањето. Овој феномен не е карактеристичен само за јудејско-христијанската традиција (Gandhour, 2002). Тука треба да се потсетиме и на улогата која некои црковни лица ја имаа во многубројните спротивставувања на граѓанските содружништва на авторитарните режими во латинска Америка или централна Европа.

На крајот, граѓанското содружништво не е војничкото содружништво. Во овој случај, тоа опфаќа се што не носи воена униформа, значи црквата, владата и пазарот, кои инаку се исклучени од граѓанското содружништво.

На почетокот на 1990-ите години, Доминик Колас строго констатира дека: „Станувајќи етикета за секаков вид стока, а понекогаш и само празна етикета, 'граѓанското содружништво' формира едно заедничко место за кое погодностите на лозинката допуштаат да се зборува без да се знае што се кажува; место каде се избегнуваат караниците. (Colas, 1992:.44). Во текот на вековите и социполитичките контексти, главно западни, концепциите за граѓанското содружништво се наметнуваа (а не се надоградуваа) една на друга, потхранувајќи ја повеќезначноста на зборот.

Така, терминот “будење на граѓанското содружништво“ - термин кој во медиумските и научните полиња често се користи од времето на демократската транзиција во Латинска Америка и централна и источна Европа од 1980-ите и 1990-ите, не придонесе вистински за концептуално прецизирање и покрај бројните обиди во таа насока (меѓу другите: Rangeon, 1986; Colas, 1992; Seligman, 1992; Ehrenberg, 1999; Etemadi, 2000; Khilnami, 2001). Напротив, изгледа дека се појавува еден уште поголем процеп меѓу, на една страна, сомнежите и преиспитувањата карактеристични за академскиот свет (особено франкофонскиот) во врска со научниот интерес за овој поим и, на друга страна, развојот (да речеме институционализацијата) на одредени социјални практики од страна на различни чинители кои овој поим го интегрираат во нивниот регистер на колективни дејствувања и во нивните идентитети („ние, ... активистите на граѓанското содружништво“). И додека бројот на претстави за граѓанското содружништво се зголемува и допринесува за раѓање на конкретни социјални и политички појави (консултативни општински совети со новите НВО сектори во земјите од Југот), истражувачите се прашуваат: која е таа видлива врска меѓу граѓанското содружништво и функционирањето на демократските режими? Дали се мешаат поимите јавен простор и граѓанско содружништво? Дали навистина, од времето на падот на авторитарните режиме на Југот и на Истокот, сведочиме за будење на граѓанското содружништво во рамките на процесите на повеќестраната транзиција? И, пред сé, дали постојат граѓански содружништва надвор од западниот свет каде што обидите за негова концептуализација беа најплодни? Дали е уште една грешка одважноста да се зборува за глобализирано граѓанско содружништво?

Оваа книга има за цел да даде некои насоки за разбирање на овој поим и некои негови современи употреби.

# ПРВ ДЕЛ

## ЕВОЛУЦИЈА НА ПОИМОТ ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО

### I. ПОЛИТИЧКА ЗАЕДНИЦА И ЦИВИЛИЗАЦИЈА

Главните размисли поврзани со поимот за граѓанското содружништво се образложени во рамките на западната политичка филозофија, дисциплина која ја карактеризира потрага по политичкиот поредок и социјалниот идеал. Ако граѓанското содружништво беше омилен предмет на внимание на филозофите од модерната ера, првичниот интерес за него можеме да го најдеме во античка Грција и во Рим.

### KOINÖNIA POLITIKË И ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО

Во античка Грција се појави еден дотогаш непознат систем на учество во животот на градот: демократијата. Паралелно со тоа се појави и едно филозофско рамислување за општеството, неговото функционирање и за управувањето со градот. Во аристотелијанската мисла, „граѓанското содружништво" (или *koinönia politikë* ) е синоним за *polis*, тоа е заедница на граѓани политички организирани. Од неа се исклучени жените, робовите и туѓинците (*météques*). Тоа претставува една форма на заедница која се разликува од семејството (*oikos*) и од народот (*etnos*). Во античкиот град-држава, граѓанското содружништво упатува на јавниот живот кој се одвива пред очите на сите и на плоштадот (*agora*-та) и како такво се разликува од домаќинското содружништво (*sociéte domestique*) кое го опфаќа сето она што е во врска со репродукцијата на животот, со работата на робовите како и со активностите на жените. Спротивно од граѓанското содружништво, домаќинското содружништво е строго приватно, управувано од еден газда кој ја практикува својата моќ во рамките на куќата.

Грчката антика и Аристотеловото наследство оставија три основни идеи. Првата е дека нема граѓанско содружништво без групирања или здруженија на единки. Аристотел, исто така, укажува дека нема граѓанско содружништво без поредок, без договорни социјални односи, без согласност меѓу единките. Оттука, некои ќе го поврзат граѓанското содружништво со идејата за еден општествен договор, слободно прифатен од единките (Хобс, Лок, за пример). Третата идеја, која опстојува во една, понекогаш, отфрлена форма, претпоставува поврзаност меѓу степенот на цивилизираност на едно општество и нивото на неговата политичка организација. Единствено државата може да гарантира *цивилизиран*, односно праведен и среќен живот. Општествата без држава се општества кои останале во природната состоба. Единствено *цивилизираните* општества можат да изнедрат еден степен на префинетост во уредувањето на нивните социјални конвенции. Оваа врска која го поврзува граѓанското содружништво – разбрано како политички и правен поредок на една заедница – со цивилизацијата, значи, игра улога на еден социјален белег кој овозможува разликување на цивилизираното суштество од варваринот или, поедноставно од Другиот, од туѓинецот. Врската граѓанско содружништво-цивилизираност-цивилизација познава многу историски примери. Славните трудови на Норберт Елијас за процесот на цивилизирањето во Западот сведочат за тоа (види рамка подолу). Ја подвлекуваме, исто така, важноста на ова разлика во контекст на големите поморски експедиции од XV и XVI век, кога цивилизираноста, исто така, овозможи да се воспостави јасна линија на раздвојување меѓу западната цивилизација на трагачи (секако колонизатори) и таканаречените варвари од штотуку откриените народи. Лоренс Кајон посочува: „'цивилизираноста' и 'цивилизацијата' мораат ретроспективно да бидат забележени како еден процес на континуиран развој чија што крајна верзија е, секако, Западот. Во текот на XX век, 'цивилизацијата' стана нешто што западниот империјализам сакаше да го нанесе врз остатокот од планетата" (Cahoone, 2002: 213).

## ЦИВИЛИЗИРАНОСТА И ПРОЦЕСОТ НА ЦИВИЛИЗИРАЊЕ

Во неговата книга *De Civilate morum puerilum* (За *цивилизирирањето на децата*) објавена во 1530 година, Еразмо (1467-1536), под цивилизираност подразбира збир од манири кои детето треба да ги усвои за да се интегрира во општеството. Образованието е, значи, усвојување на цивилизираност и процес на упристојување на единката. Да се биде пристоен, значи де се интегрираат во себе надворешните правила на однесување (владеење со инстинктите, хигиена итн.) Цивилизирањето претпоставува најпрво еден процес на социјализирање на детето. Но, таа не се сведува на индивидуалните однесувања туку овозможува појавување и на еден колективен простор сосредоточен врз заедничките работи (добрите манири). Прирачниците за вештините за живеење од периодот на италијанската ренесанса (XV век) беа материјалот за маестралното дело на Норбет Елиас објавено во два славни тома (*Цивилизирање на манирите/* и *Динамиката на Западот*), публикувани во Франција во 1974 и 1975). Обработувајќи ги овие прирачници, Елиас забележал една значајна еволуција која имала тенденција да се забрза во текот на XVII век. Во тек на 'процесот на цивилизирање' луѓето се принудуваат да го отфрлат од себеси она што ги потсетува на животинската природа (Elias, 1939; 1974). Во *Динамиката на Западот,* преку 'социогенеза на државата' покажува „како градењето на добрите манири и нивната прогресивна интериоризација го раѓаат конституирањето на модерната држава во нејзината апсолутистичка, а подоцна бирократска верзија".

Цивилизираноста има двојна природа: индивидуална, која се издига од образованието, социјализацијата, асимилацијата и од целиот корпус правила за функционирање на едно дадено општество; колективна, која вклучува фундаментално прашање поврзано со заедничкото битисување барајќи суштински одговор на прашањето: „Како се прави општество?" „Спротивно на тековните социолошки анализи за порастот на индивидуализмот, цивилизираноста е секогаш двојно потврдување: потврдување на единката таква каква што е, но и потврдување на другите како слични и еднакви, потврдување на една заедничка природа" (Zarifan, 1997: 129).

Втората оставштина од антиката потекнува од римската империја, која во текот на еден добар дел од нејзиното постоење, со атињаните споделуваше едно хиерархиски организирано општество, еден многу поограничен пристап кон граѓанственоста. Во Рим, *koinönia politikë* најде свој латински еквивалент во фразата *societas civilis*, која во XVI век беше преведена на француски со *société civile,* во *Summe de théologie*

на Меланшон во 1546 година и во францускиот превод на *Држава* од Аристотел од страна на Ле Рој во 1568 (Colas, 1992: 27). *Civitas,* некогаш значи град, во смисла на групирање на политички организирани единки, некогаш содружништво од единки кои го сочинуваат него. Римската филозофија ја продолжи грчката филозофија, но во еден поширок политички контекст од оној на градовите-држави. Граѓанското содружништво овде означува заедница на политички организирани граѓани (*civis*), но, исто така, Римјаните оперираа и со разликата меѓу граѓанското содружништво, семејството и народот. Придавката ‘граѓанско’/*civil* означува два различни, но поврзани поредоци: на една страна, оној на статусот на граѓанин како член на таа политичка заедница и, на друга страна, тој означува префинето однесување на *civis* не само како граѓанин (член на еден политички колектив) туку и како цивилизирана единка (а не како варварин).

Кикерон (106-43 пред И.Х.) неколку пати го употребува *societas civilis* за да ја означи *res publica*-та (заедничко-то добро). Граѓанското содружништво почива врз принципот на правда отелотворена во закон. „*Lex est civiles societas vinculum*“ (Законот е врвцата на граѓанското содружништво), пишува тој во *De Republica* (том 1. 32). Граѓанското содружништво, како заедница на политички и правно организирани единки, ја прави можна цивилизацијата. Најголема опасност за Републиката е хаотичното следење на личните апетити, непочитувањето на законот, подредувањето на колективните интереси под личните амбиции. Кикерон, исто така, ја подвлекол важноста на почитувањето на приватната сопственост за одржување на една доблесна Република. Приватната сопственост, според него, ги заштитува граѓаните од тиранијата, а државата од корупцијата.

## ЗАЕДНИЦАТА НА ХРИСТИЈАНИ

По падот на Рим (во V век), пренесувањето на концептите настанати во антиката, а особено на тој за граѓанското содружништво го овозможи христијанската традиција - некогаш со поинакво толкување на истите. Сепак, размислувањата за социјалниот поредок и политичката организација на заедницата се определени од дискурсите поврзани со постоењето на една света волја. Ќе треба да се чека доаѓањето на рене-

сансата за луѓето постепено да прекинат да го промислуваат социјалниот и политичкиот поредок со повикување на принципот на светото кој нив ќе ги трансцендира. Според христијанските теолози од Средниот век, граѓанското содружништво кое на земјата се меша со заедницата на христијани, бара една морална база која ја обезбедува Бог. Свети Августин (354-430 ) во *Божјиот град* (412-426) го спротивставува божјиот град на земскиот град (societas terestra, исто така, преведен и како societas civilis) во кој луѓето живеат во грев и заемна зависност, негуваат страсти , насилство и егоизам. Тој значи се залага за оддалечување од земските работи и за почитување на правилата на постојните институции (како црквата). Тома Аквински (1266-1274) во *Summe théologique* (пишувана од 1266 до 1273) го истакна принципот за еден Бог создавач и се посвети себе си на обезбедувањето теориски докази за тоа. Доколку се настојува да се најде една разумна анализа на социјалното живеење, тогаш Бог станува креатор на сите нешта. Таквата анализа останува подредена на принципите на натприродната теологија. Во таквата света творба, луѓето се поврзани едни со други преку еден голем синџир на животот. Ако граѓаните мораат да се потчинат, господарите се обврзани да владеат праведно и според командите од Бог. Врз овие принципи и со следење на световните намерениа се воспставува цивилизирано општество.

Кон крајот на Средниот век употребата на поимот граѓанско содружништво доживее нов полет. Тој беше всаден во западните политичко филозофски расправи кои одекнуваа во контекст на политиката од таа епоха, одбележана со верските војни од XV век. Доминик Кола подвлекува: „Кон крајот на XVI век 'граѓанското содружништво' и *societas civilis* се многу чести во речникот на политиката и во полемиките поврзани со верските војни за втономијата на земската моќ во однос на црковната моќ и за автономијата на суверените во однос на народот" (Colas : 1992 : 28).

Се до XVIII век, граѓанското содружништво е, пред сé, цивилизирано општество, уредено според принципите на моралот и правдата формализирани преку законите кои и помагаат на заедницата да се издигне над природната состојба. Ваквото упатување на цивилизацијата навраќа на уреденоста на општеството, но се насетува и една спротивставеност меѓу чуварите на таа организација: црквата и владетелот. Таа

цивилизираност, исто така, се меша со новиот социјален поредок кој се појавува со порастот на моќта на трговската буржоазија во XVII век.

Паралелно со односите на затегнатост меѓу секуларната моќ и духовната моќ, врз концептуализацијата и виталноста на помот граѓанско содружништво, исто така, влијаеше и реформата во рамките на црквата. „Еден дел од средновековното христијанство го поистовети Божјиот град со Црквата, а Земскиот град со Државата. Во рамките на еден прекроен августинизам се зачна лутеранскиот политички момент кој го уважи граѓанското содружништво и кој, правејќи од секого свештеник, забрани една црква да може да биде препознаена како божјиот град“ (Colas , 1992: 29). Идеите кои ги бранеше Реформацијата (XVI век) поддржуваа намалување на улогата на свештенството и допуштање на единките сами да се соочат со Бога, без посредници. Теологијата на предодреденоста имаше за последица да ја втурне единката, во потрага по знаците за нејзината избраност од Бога (бидејќи рајот не е веќе гарантиран), да живее во неизвесност и нечујна внатрешна осаменост (Weber, 1904-1905; 1964: 121). Протестантизмот направи граѓанинот да изгледа како „слободен договарач“ (Abel, 2002 : 54) кој се раѓа со создавање на доброволни групи во кои има строга дисциплина. Тоа е оној граѓанин кој Алексис де Токвил ќе го открие како дејствува за време на *собирите на граѓани* во младата Америка, граѓанин чии доблести тој ќе ги посочи во *Демократијата во Америка* (1835-1840), едно дело многу влијателно врз актуелните сфаќања за граѓанското содружништво.

# II. МОДЕРНИ РАЗМИСЛИ

Иако размислата за граѓанското содружништво секогаш се впишувала во нормативните дискурси чија цел е дефинирање на 'доброто општество', таа постепено се секуларизира. На тој начин, таа се наметна во дебатите кои религиската моќ ја спротивставија, на една страна, на секуларната моќ која имаше тенденција да зајакнува и, на друга страна, на бранителите на пазарната економија во експанзија.

## ГРАЃАНСКОТО СОДРУЖНИШТВО И ПРИРОДНАТА СОСТОЈБА

За Томас Хобс (1588-1679), граѓанското содружништво претпоставува добро организиран социјален поредок кој ги штити единките од опасностите на природното општество (*The Leviathan*, 1651). Со цел да ги надминат природните општества, кај Хобс тоа се семејствата или природната состојба – како општества во кои за жал владее „војна на сите против сите" – граѓанското содружништво (преведено како *civitas*, во *De Cive*, објавено во 1642, и иницијално прифатено на француски како „Држава") треба да вроди со еден договор. Попрецизно, општествениот договор создава граѓанско содружништво со установување на еден суверен. Граѓанското содружништво соодветствува на збир луѓе подчинети на тој суверен. Тоа исходува од една творба, од волјата на луѓето да востановат пацифизиран политички поредок со цел да ја обезбедат својата сигурност и својата благосотојба. Во оваа насока, Пуфендорф (1632-1694), во *Природното право и луѓето*, ја разви идејата за една општественост која му е природна на човекот и го спротивстави граѓанското содружништво, како содружништво на граѓани (*cives*) на општеството на христијани (*Црквата*) и на „општеството" како природно поврзување на единки кое не потекнува од една колективна согласност за востановување на заедничка моќ.

Следејќи го Томас Хобс, Џон Лок (1632-1704) во *Две расправи за владата*, од 1690 година, сметаше дека граѓанското содружништво е општествениот тоталитет, вклучувајќи ја и државата на која луѓето и ја довериле контролата и спроведувањето на природниот закон. „Оние кои сочинуваат едно единствено тело, кои имаат востановено заеднички закони и судии на кои тие може да се повикаат, а кои имаат овласту-

вање да ги прекинат споровите и судските процеси, кои може да се појават меѓу нив и кои можат да ги казнат оние кои им прават зло на другите: тие таквите се во граѓанско содружништво едни со други. Оние пак кои не може да се повикаат на никаков суд на земјата, ниту на некаков позитивен закон, тие се во природната состојба; таму каде што нема место за друг судија, таму каде што тие самите се судии и извршители (...) тоа е вистинска и совршена природна состојба" (Locke, 1960: 242). Природната состојба кај Лок е, како и кај Хобс, една „несреќна ситуација во која се судираат индивидуалните убедувања во врска со доброто однесување и во која не може да постои овластен одговор на прашањето кој може да биде судија?" Граѓанското содружништво е општество ослободено во најможна мера од една ваква ситуација" (Khilnani, 2001: 40).

Истовремено, Лок кон ова хобсовско граѓанско содружништво додава уште една дополнителна одредница; тоа не е едноставно само политика, во смисла на осигурување на безбедноста на граѓаните, тоа е, исто така, и економија, бидејќи тоа ја гарантира заштитата на приватната сопственост. Освен тоа, граѓанското содружништво кај Лок не е стриктна спротивност на природната состојба, туку повеќе еден правен поредок кој гарантира заштита на правата на единките кои во природната состојба секоја поединечно ги поседува. Темелот на граѓанското содружништво е направен од приватната сопственост, правните норми и демократското учество. Локовото граѓанско содружништво е доброволно, индивидуално (не центрирано околу една заедница како онаа на христијаните, како кај Тома Аквински) и партиципативно (а не зададено или манипулирано од еден монарх или од државата). Групите кои го формират граѓанското содружништво се здружуваат за да го ограничат апсолутизмот и да ги заштитат слободата, поредокот и сопственоста. Извориште на граѓанското содружништво е договорот меѓу слободните и разумни единки кои настојуваат да ги заштитат своите животи, нивното здравје, нивната слобода, но исто така и нивните добра. Џон Лок инсистира на еден суштински поим, конститутивен за граѓанското содружништво: довербата, која станува базичен модел на човевековото заемнодејствување Според Лок, довербата не е некое чувство кое се менува во зависност од усвоените стратегии прилагодени на условите, туку, темел на еден вистински политички

поредок. Исто така, водачите и водените треба да ја прифатат релевантноста на управната моќ за довербата: доверба меѓу граѓаните, но, и доверба меѓу владетелот и поданиците. Токму врз овој локовски темел на граѓанското содружништво се издигаат економските визии на англо-шкотското просветителство од XVIII век.

## ТРГОВСКО ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО

Размислувањата околу граѓанското содружништво ќе добијат ново придвижување со развојот на прединдустриското капиталистичко општество кога овој поим ќе се појави како „израз на еден класен идентитет спротивен на феудалната аристократија и на потребата да се сковаат идеолошки средства кои ќе соодветствуваат на новата ситуација" (Houtart, 1998: 7). Значи, станува збор за оправдување на новиот социјален поредок кое штотуку се воспоставува со развитокот на трговскиот капитализам обвинет дека ја преобразува христијанската заедница така што го менува базичниот модел на човечко заемнодејствување кој и денес почива врз заемната зависноста на потребите. Англо-шкотските филозофи од XVIII век направија три значајни промени во размислувањето за поимот граѓанско содружништво. Најпрво, нивните дела покажуваат видна еволуција во однос на оние на Џон Лок: се работи за сфаќање на граѓанското содружништво како творба на разумни единки, каде основа на социјалната врска веќе не е *довербата,* туку *потребата*.

Следното, англо-шкотското просветителство настојуваше да покаже дека покрај новиот економски и социјален поредок се обликува и еден нов морален поредок, како непланиран резултат од индивидуалните дејствувања. Стравот од оној свет кој ги поврзуваше членовите на христијанската заедница е заменет со морален поредок кој таа заедница ја гледа како нешто создадено од едноставни социјални заемнодејствија сега и овде.

На крајот, 'етатистичкото' граѓанско содружништво на Томас Хобс е заменето со „трговско" граѓанско содружништво кое преку слободната игра на личните интереси, на потребите и поединечите желби на секој, ги зголемува профитот и благосостојбата на сите. Тоа е она што

Бернард Мандевил (1670-1733) го илустрира во *Басна за пчелите* (1714) со сосема оправдан поднаслов: „Приватните пороци прават јавно добро." Граѓанското содружништво не може повеќе да ги пушта своите корени само врз дејствување кое се обзира на политички институции (држава, влада или суверен), на кои граѓаните по пат на договор им делегираат пацифизирачки суверенитет. Тоа сега се создава од едноставното следење на приватните интереси. Настојувајќи да ги задоволиме нашите сопствени потреби, ние го овластуваме задоволувањето на потребите на другите, а со тоа се избегнува „војната на сите притив сите." Од оваа перспектива, се очекува динамиката на пазарот да доведе до постојано подигање на цивилизираноста: тој ги задоволува потребите и постојано создава нови. Граѓанското содружништво повеќе не се конструира со договор, тоа не може да се донесе со декрет, туку секојдневно се потврдува во слободното заемнодејствување на разумни единки. Ваквата пацификација на социјалниот поредок никако не значи и одсуство на конфликти. Така, Клод Готије, ја подвлекува важноста на конфликтот кај Адам Фергусон (1723-1816, *Essay on the History of Civil Society, 1767*): „Без конфликт нема движење, а без движење нема можност за отворање на егото кон другите. Така, конфликтот, во неговата суштина, не е нешто што треба да биде ограничено, затворено од социјалниот поредок туку само да биде насочуван, преобликуван бидејќи од него зависи можноста за едно навистина втемелувачко посредување на егото [...]. Конфликтот ја имаа таа вредност да ја натера единката да го надмине мотивирањето на своите дејтсвија единствено и директно од интересите [...]. Дејсвијата кои се поттикнати од конфликтот постојано создваат бројни последици, а во тие последици се наоѓаат материјалите за социјалниот поредок" (Gautier, 1993: 79-80).

Покрај тоа, ова трговско содружништво создава и, исто така, поддржува една посебна сфера на меѓучовечки односи кои не се водени од *потребата*. Англо-шкотското просветителство виде, во односите на пријателство, љубовта или братството, доказ дека единките не се здружени во содружништво единствено заради корист и рационални интереси. Безличните пазари имаат како ненамерна, но позитивна последица, тоа што тие овластуваат создавање на приватни односи ослобедени од императивите на приватната полза и личните интереси. Адам Фергусон сметаше дека пречките за развивање на солидарност

меѓу единките во контекст на трговското содружништво не се наоѓаат толку многу во порастот на трговијата и мануфактурата, туку во конституирањето на една централизирана уставна држава. Во рамките на учењата на англо-шкотските просветители се укажува на ваквата опасност (централизацијата на јавната власт да се изроди во деспотизам) и на лекот од тоа (следењето на индивидуалните интереси), што повторно се открива со Токвил кога тој ќе ги спореди политичките системи на Франција и Америка.

Во рамките на овие концепции за трговското граѓанско содружништво, важно место зазема Адам Смит (1723-1790). Сепак, во неговото познато дело *Истражување на природата и причините за богатството на нациите* (1776) тој никогаш не се повикува на поимот граѓанско содружништво, иако тој е веќе употребуван од страна на неговите современици. Наместо него тој ги претпочита термините „општество" и секако „нација." И покрај тоа, Смит направи еден огромен рез во концептуалната еволуција на граѓанското содружништво кое веќе не е спротивставено на природната состојба (општество кое не е политички организирано), туку сега на државата. Одделувајќи се јасно овој пат од државата за да се фокусира на трговската размена, граѓанското содружништво, веќе, не упатува на приватната или на домашната сфера, туку открива јавен карактер. Граѓанското содружништво на Адам Смит е насочувано од за него соодветните закони на размената, на интересите и потребите. Државното мешање во слободната игра на чинителите носи ризик да ја поремети таа спонтана цивилизираност и добрата природна уреденост на општеството. На некој начин, според англо-шкотските просветители, воопшто, но особено според Адам Смит, граѓанското содружништво не се создава со декрет, тоа постои независно од било чија намера (Gautier, 1993).

Врз истиот овој Локов темел, кој граѓанското содружништво го врзува за приватната сопственост, Жан Жак Русо (1712-1778) предлага едно мислење кое се спротивставува на англо-шкотските просветители. Русо не се самозалажуваше со илузиите за прогресот на една цивилизација центрирана околу трговската размена, приватните интереси и потребите. Русо удира по тоа општество кое, како што пишуваат Мандевил, Смит и Фергусот, се цивилизира преку следење на личниот ин-

терес. Во следниот параграф од *Општествениот договор* (1772), наоѓаме тешка критика на таквото граѓанско содружништво втемелено врз приватната сопственост: „Првиот кој заградувајќи парче земја се осмелил да рече 'Ова е мое' и најде доволно прости луѓе да му поверуваат, тој е вистинскиот втемелувач на граѓанското содружништво. Од колку злодела, војни, убиства, од колку мизерии и ужаси би го поштедил човечкиот род оној кој вадејќи ги колците или затрупувајќи ги меѓите би им викнал на своите браќа: 'Немојте да го слушате овој измамник; Вие сте изгубени ако заборавите дека плодовите им припаѓаат на сите, а земјата е ничија!'" (Rousseau, 1772; 1973: 345).

Русо, исто така, убаво ги согледа и опасностите од корупција во едно општество водено единствено од мотивите за егоситичко задоволување на личните потреби. Оттука, потребно е да се најде рамнотежа во полза на една форма на здружување на луѓето која ќе овозможи истовремено почитување на принципите на еднаквоста и слободата, или поинаку речено: "Да се најде една форма на здружување која со сета заедничка сила ги брани и заштитува личноста и добрата на секој содружник и преку која секој се обединува со сите, покорувајќи се единствено на себеси и останува исто толку слободен колку претходно" (Rousseau, 1772; 1973: 72). Преку овој договор, човекот поминува од природна состојба кон „граѓанска состојба" предизвикувајќи една значителна промена во своето однесување, инстинктот го заменува со праведноста давајќи им на своите активности моралност која му недостигаше претходно„ (Rousseeau,1772; 1973, p.72). Значи, гарант за усовршувањето на цивилизацијата не е граѓанското содружништво, стадиум меѓу природната состојба и граѓанската состојба (Lochak, 1986), воден од поединечните интереси и од заштитата на приватната сопственост, туку тоа е обединувањето на граѓаните во политичко општество. Со општествениот договор, единката и граѓанинот конечно се помируваат.

## КОНТРА МОЌТА НА ГРАЃАНСКОТО СОДРУЖНИШТВО

Паралелно со развитокот на пазарната економија, во рамките на западно европските општества се засилува една секуларна моќ која се повеќе и повеќе се централизира и тежнее кон апсолутизам. Во тој спец-

ифичен контекст, граѓанското содружништво се појавува не веќе како ознака за поредокот наспроти природата, за цивилизацијата (како инкарнација на добрите манири, посветеноста, на политичката организација или на претпримрмачкиот дух) спротивставена на дивјаштвото, туку како ознака за оној дел од општеството кој им се спротивставува или им се опира на религиските и/или државните моќници. Веќе не станува збор за сфаќање на граѓанското содружништво само како форма за изразување на цивилизацијата, на организираното и усогласено општетство. Со појавата на модерните држави, полека полека се појавува индивидуалната свест на политичките чинители. Свест, која ќе треба да се одбрани од арбитрарноста на религиските и/или политичките власти (*cf.* Locke).

Во *Духот на законите* (1748) Монтескје (1689-1755) ги дефинира социолошките услови на политичките слободи. Тој тука особено го нагласува принципот за разделување на властите така што *една власт да ограничува друга власт*. Често се посочува на правната примена на оваа максима, бидејќи таа се однесува на базичниот принцип на разделувањето на властите, темелот на секој либерално демократски систем. Сепак, потребно е да се посочи и на една друга димензија на овој принцип, на која особено укажува Рејмонд Арон: „Суштинска идеја на Монтескје не е разделувањето на властите во правна смисла на зборот, туку во смисла на она што може да се нарече рамнотежа на општетствените сили, условот на политичката слобода“ (Aron. 1967; 1993: 40). Она што Монтескје го согледа во идеалниот режим на умерената монархија е улогата на посредничките моќи, особено на оние на аристократијата: „Нема ли монархија, нема ни аристократија, нема ли аристократија нема ни монархија. Но, може да има деспот“ (Montesquieu, 1748; 1950: 45). Тој ја потврдува важноста на посредничките моќи за она што, во неговите очи, претставува најдобар политички режим, во споредба со деспотизмот или анархијата која тој ја нарекува „демократија“.

Во таа игра на постигнување на рамнотежа меѓу општествените сили, улогата на племството е суштинска. Тоа располага со три основни ресурси за контраурамнотежување на кралската моќ,: „Тоа е, најпрво, самата аристократска привилегија која ги одвојува аристократите од целата нација и нив ги здружува во одбраната на нивниот статус. На второ место, тоа е честа која е еден културен став специфичен за плем-

ството која, преку лојалноста кон своите предци, се оживува преку големите амбиции, преку големата гордост и желба за слава кои неа ја туркаат да заборави на самата себеси за одново да ги потврди традициите на својата раса. [...] Племството ги контролира блоковите на солидарност. Општеството на стариот режим единките ги препознаваше само како членови на рурални заедници (господства, манастири, рурални парохии...) или на урбани заедници (градски занаети, универзитети...). Големите лордови, световни или религиозни [...] се, така да се рече, на чело на тие блокови на слидарност, а секако на оние руралните, бидејќи тие имаат капацитети да мобилизираат за да го наметнат како важно нивното гледање на работите. Таквата приврзаност кон нивната фамилија, кон нивните клиенти и кон нивната послуга е извор на нивната општествена сила“ (Kuty, 1988: 79). Теда Скокпол подвлекува дека и покрај трумфот на апсолутизмот за време на Луј XIV „структурата на државата на стариот режим останува исклучително сложена, со нејзините, така да речеме, повеќекратни преклоповачки нивоа. Ако апсолутната управа ја држеше врховната власт, нејзините различни структури – кралски совети, интенданти – вистински не ги потиснуваа средновековните децентрализирани институции како дворовите и благородничките поседи, општините и провинциските сталежи (претставнички собранија) ситуирани во рамките на далечни провинции кои се нарекуваа земји на државата [...] Исто толку што се исклучителни неговите остварувања, Луј XIV следи и една добро утврдена француска кралска традиција: тој наметнува нови контроли врз старите структури без нив да ги укине. На тој начин, победничката автократија настојува да ги замрзне, односно да го гарантира опстанокот на одреден број социополитички институции – благороднички, корпоративни, провинциски – чии што оригинални функции таа настојува да ги превземе или да ги замени. (Skocpol, 1985: 82).

Ние ги гледаме последиците кои едно вакво сфаќање ги има врз поимот граѓанско содружништво. Би, можеле, на пример, да го разбереме потелкото на оваа концепција која создавањето на граѓанското содружништво го поврзува со демократскиот режим, што ќе рече, со еден политички режим во кој, според некои правни и социјални аранжмани, „власт ограничува власт“, во кој власта на Владетелот има контра-рамнотежа која доаѓа од страна на социјалните сили кои здружу-

вајќи се стекнуваат способности за намалување на опасноста од тиранијата. Исто така, Монтескје отвори еден важен пат по кој ќе се движат многу мислители се до денес.

Кратко пред Алексис де Токвил, Бенџамин Констант (1776-1830) искажува загриженост од можна опасност од тиранија на една силна држава во однос на граѓанските и политичките права. Констант подвлекува дека на граѓанското содружништво од негово време му се заканува двојна опасност. На една страна, демократската виталност на граѓанското содружништво е загрозена поради абсорбирањето на единките во уживањето на нивната приватна независност и во следењето на нивните посебни интереси. На друга страна, втора опасност претставува абсорбирањето на општеството од страна на државата. Сепак, секоја сфера е водена од специфични принципи. Ако за Констант овие сфери се автономни, тоа не значи дека тие се помалку комплементарни. Зајакнувањето на државата и осамостојувањето на граѓанското содружништво не се две меѓусебно исклучувачки движења. Не може да има силна држава без силно граѓанско содружништво, односно целосно автономно. Бидејќи законите на политичката сфера не се друго, туку одраз на општеството, тие самите се плодови на цивилизацијата, трговијата и на комуникацијата. Јакобинскиот мит за уништувањето на посредничките тела (cf. глава III) предизвика вознемирувачки спротививности во врска со потенцијалниот апсолутизам на јавната власт надлежна за колективните интереси и, уште повеќе, во врска со конституирањето на едно општество на поединци повлечени во нивните приватни сфери.

Мишел Братон го претставува Токвил како да е преокупиран со „тиранијата на мнозинството и, секако со противречностите кои се појавуваат помеѓу двата принципи на модерните општества: слободата и еднаквоста“ (Bratton 1994: 53). Принципот на еднакоста турка кон јакнење на државата бидејки задоволувањето на потребите на сите бара една заштитничка и бирократска држава. Но, ваквото зајакнување на етатистичката моќ претставува потенцијална опасност за индивидуалните слободи. Во мноштвото здруженија Токвил виде гаранција за почитувањето на индивидуалните слободи и за една задоволителна дистанца меѓу државата и семејствата. На овој начин, тој најави една формула која одекна како концепцијата на Монтескје и која ќе се впи-

ше и во една уште поважната расмисла за востановувањето на Република во Франција: „Кај аристократските нации, секундарните тела формираат природни здруженија кои ја попречуваат злоупотребата на власта. Во земјите во кои не постојат вакви здруженија, ако единките не можат да формираат вештачки и привремени нешта слични на нив, јас не можам да видам брана против било каква форма на тиранија, против можното неказниво подчинување на некој голем народ од страна на грст луѓе или од еден човек“ (Tocqueville, 1835-1840; 1986: 193). Тој понатаму пишува: „Јас забележувам дека ние ги уништивме индивидуалите можности за изолирана борба против тиранијата и, наместо тоа, гледам влада која сама ги наследува сите прерогативи одземени од семејствата, од корпорациите и од луѓето: од угнетувачката, но почесто само конзервирачката сила на еден мал број граѓани произлезе слабоста на сите“. (Tocqueville 1835-1840, 1986: 46-47) Од тука, Токвил, во постоењето на едно густо содружничко ткиво наоѓа еден од условите за еманципација на вистинската демократија, способна да ги помири изедначувањето на социјалните услови и почитувањето на индивидуалните слободи.

Откривајќи ја демократијата во Америка, тој е воодушевен од важноста на содружничкиот факт. Тој пишува: „Американци од сите возрасти, во различни услови, со различни убедувања се здружуваат постојано. Тие немаат само стопански и трговски здруженија во кои сите учествуваат, туку и илјадници други видови: религиски, морални, сериозни и забавни, многу општи и многу специјализирани, огромни и многу мали; Американците се здружуваат за да славаат, да основаат семинарии, да градат домови, да подигнат цркви, за да распострануваат книги, да испраќаат семинаристи на другиот крај; на овој начин тие градат болници, затвори, училишта. На крај, тие се здружуваат, било да се работи за тоа да обелоденат некоја вистина било за да развијат некакво чувство повикувајќи се на некој голем пример. Таму каде што, на чело на некое ново претпријатие во Франција ќе ја видите владата, а во Англија благородникот, во Америка ќе видите здружение.“ (Tocqueville, 1835-1840 ; 1986: 502).

Токвил јасно ги согледа и промените кои се случуваа по Француската револуција: „Аристократијата од сите граѓани направи еден долг

синџир кој се издигаше од селанецот до кралот,; демократијата го скина тој синџир и ја стави секоја алка одвоено“ (Tocqueville, 1835-1840; 1986: 497). За повторно да се стават во контакт тие алки има едно решение: здружувањето. Во едно слободно читање на Токвил, развитокот на граѓанското содружништво би се покажал како резултат од слободата за здружување на американскиот народ. Но, можно е читање на Токвил и од една поволунтаристичка перспектива и да се прашаме дали општствениот договор на крајот не се елаборира токму низ содружничките превирања помеѓу граѓаните мотивирани од нивните соодветни интереси. Здружувањето на граѓаните во демократското општество ќе биде услов за надминување на „слобоста на сите“ и за спротивставување на тиранијата на владетелите.

## ХЕГЕЛИЈАНСКИОТ МОМЕНТ

Џон Лок, нагласувајќи ја важноста на правото на приватна сопственост за граѓанските содружништва, им го отвори патот на англо-шкотските просветители и на една концепција за граѓанско содружништво засновано на разумното дејствување на единките преокупирани со заштитата на нивните добра, на оние кои Георг Вилхелм Фридрих Хегел (1770-1831) ги нарекува "буржоазија".

Во третиот дел на неговата *Принципи на филозофијата на правото,* објавена во 1821 година, Хегел своите сфаќања за граѓанското содружништво ги изнесува во рамките на анализата на она што тој го нарекува Sittlichkeit или "етички живот" или "социјална етика". Sittlichkeit доаѓа од sitte што значи "обичај, морални норми." Sittlichkeit е квалитет на оној кој се однесува во согласност со обичаите, кој ги почитува моралните норми на општеството во кое живее. *A priori*, тука не се напушта вообичаеното филозофско размислување наследено од антиката за граѓанскиот карактер на општеството. Сепак, Хегел ќе ја промени вообичаената перцепција за значењето на граѓанското содружништво бранета се дотогаш. Како и Смит, и Хегел ја одвои државата од граѓанското содружништво.

Во хегелијанскиот пристап, Sittlichkeit е третиот момент на правото (по апстрактното право и моралот), поинаку речено во согласност со неговата дијалектичка мисла, тоа е моментот на остварување на него-

вата суштина. Тоа е оној елемент на правото кој целосно ги определува однесувањата на единките до точка кога тоа е навика (habitus), како втора природа, како моментот во кој законските правила „преминуваат во морални норми“. Sittlichkeit е, значи, исход од процесот на правото и темел на неговото извршување, тоа е она што го прави можно правото. Овој „етички живот“ и самиот е еден процес составен од три дијалектички поврзани елементи: семејството, граѓанското содружништво и државата.

## ХЕГЕЛОВАТА ШЕМА НА SITTLICHKEIT/МОРАЛНОСТА

**ДРЖАВА**

**(III момент)**

*Универзален алтруизам*

▲

**СЕМЕЈСТВО** ⟶ **ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО**

**(I момент)** **(II момент)**

*Приватен алтруизам* *Универзален егоизам*

Моралноста/Sittlichkeit се пројавува најпрво во семејството, во нејзината непосредна и инстинктивна форма. Членовите на семејството ги поврзува една врска на солидарност која, исто така, гарантира целосна интеграција на единките кои на еден начин, се откажуваат од независен живот. Семејството претставува еден вид ембрион на општеството кој и претходи и ја условува егзистенцијата на самите единки. Темелна врска на семејната организација е онаа од бракот меѓу мажот и жената со различни, но надополнувачки социјални улоги. Семејството не е социјална форма која се потпира единствено врз сама себе. Образованието на децата, на пример, подразбира дека тие ќе мораат да го напуштат тоа семејство и да започнат независен живот. Преминот од семејството во граѓанското содружништво се остварува сосема природно благодарение на принципот на личноста, по пат на раздружување на семејството, „во едно мноштво од семејства кои во една најопшта смисла се однесуваат како конкретни личности кои се одржуваат сами себеси и кои, како резултат на тоа едни кон други градат односи

кон надворешните“ (Hegel, 1821; 2003, § 181). Тој прецизира дека: „, Во реалноста, проширувањето на семејството како негов премин во еден друг принцип е, делумно, негово постепено проширување во народ – во нација, која во тој факт го има своето природно заедничко потекло и, делумно, повторно здружување на раштрканите семејни заедници, било по пат на сила, било по пат на доброволно здружување врз основа на потребите кои нив ги поврзуваат и врз основа на заемното дејствување за нивно задоволување“ (Hegel, 1821 ; 2003, § 181 додаток).

Значи, граѓанското содружништво зазема една посредна положба. „Буржоаското граѓанско содружништво е *специфичниот ентитет* кој се востановува меѓу семејството и државата (Hegel, 1821 ; 2003, § 182, текст 2). Моралноста/Sittlichkeit најпрво се пројавува како еден очигледен тоталитет, како семејство, кое значи се дезинтегрира во сферата на граѓанското содружништво пред да се врати во Единството преку државата. За да биде можно враќањето кон Единството, граѓанското содружништво не се претставува само како прост момент на дезинтеграција на семејството. Тоа во себе, мора подеднакво да ги подржува карактерискитe на социјабилноста. Лефевр и Машери подвелкуваат: „Главниот проблем кој ќе го постави Хегеловата теорија за граѓанското содружништво е разбирањето на идентификувањето на оној многу специфичен тип солидарност која ги поврзува неговите членови едни со други, дури и тогаш кога тие тежнеат да се разделат, следејќи го секој својот посебен интерес кој, се чини, има задача нив меѓусебно да ги спротивставува и да ги спречува да формираат едно задничко општество, еден ефективен колективитет.“ (Lefebvre and Macherey, 1984, стр. 23). Според тоа, Хегеловото размислување ја нагласува онаа суштинска вознемиреност на западните општества во модерната ера, вознамиреност која се сведува на прашањето: како да се направи општество поаѓајќи од единки мотивирани од потрагата да ги задоволат своите лични потреби?

Првиот принцип на таквото граѓанско содружништво е конкретната личност, приватната единка – „како севкупност на потреби и една мешавина од природни и стекнати нужности“ – во однос со други такви приватни личности – „во која секој се потврдува и се задоволува благодарение на другите и, во исто време, секој е изложен на посредување

од универзалноста на формата која е вториот принцип“ (Hegel, 1821, 2003, § 182) Граѓанското содружништво значи се препознава како систем на потреби, поинаку речено како сферата на производството и поделбата на трудот.

Излегувајќи од ембрионот на општеството, претставен од семејството, единката воспоставува социјални односи кои неа ја прават членка на еден колективитет кој и овозможува да ги задоволи нејзините специфични интереси и да ги насочи сите нејзини активности. Меѓутоа, оваа социјабилност е кревка бидејќи е водена од потрагата по егоистични интереси. Хегелијанското граѓанско содружништво не познава државјани (што е сфера на државата) туку *буржуи*, односно единки преокупирани единствено со сигурноста на добрата кои им припаѓаат ним лично и со кои тие се идентификуваат (значењето овде не е ограничено само на трговците и индустријалците).

Во рамките на хегелијанското граѓанско содружништво важно место им се припишува на корпорациите. По семејството, корпорацијата е вториот етички корен на државата, онаа која е заснована во граѓанското содружништво. (Hegel, 1821 ; 2003, § 255). Корпорациите и, воопшто, здруженијата настојуваат да ги искомбинираат посебните интереси и, исто така, овозможуваат регулирање на интересовните конфлики. Сепак, најмногу што допуштаат корпорациите е пристап до колективниот интерес, но не и до општиот интерес кој како таков не се постига на друго место, освен во третиот момент на моралноста/Sittlichkeit, Државата. Тука државата се обмислува како сфера на помирување на оние конфликти кои се несовладливи во граѓанското содружништво.

Тоа што граѓанското содружништво и претходи на државата е логично во хегелијанската дијалектика, во која моралноста/Sittlichkeit треба да помине низ некои посредни етапи, медијадии, пред да стигне до својот крај. Но, не станува збор за една хронолошка врска. Илустрација за тоа е изразот ‘буржоаско граѓанско содружништво’. Кај Маркс, овој израз овозможува да се карактеризира едно историски ситуирано општество кое следи по едно општество од една друга епоха итн. Кај Хегел, таткото во семејството, буржујот и државјанинот се карактеристики кои не следат една по друга во една емпириска еволуција, туку нужно се совпаѓаат во една иста индивидуа како членка на општес-

твото. Со други зборови, државата го надминува граѓанското содружништво без истото да го елиминира, државјанинот не го поништува ни таткото во семејството, ни буржујот.

## ЕКСПЛОАТАЦИЈА, ХЕГЕМОНИЈА И РЕВОЛУЦИЈА

По примерот на Смит и другите англо-шкотски филозофи од XVIII век, Хегел го претпоставува постоењето на единки (буржуите) кои настојуваат да ги задоволат своите лични потреби. Тој исто така ја образложува разликата меѓу државата и граѓанското содружништво кои се до XVIII век се мешаа. Почнувајќи од тој хегелијански момент, никој повеќе не може да размислува за граѓанското содружништво без неговиот однос со државата, еден сложен однос, мешавина од спротивставеност и надополнување, едното не може да постои без другото. Во продолжение на Хегел, Маркс (1818-1883) поаѓа од една визија за граѓанското содружништво која е центирана врз економските односи. Во неговата *Основи на критиката на политичката економија* (1859), Маркс поаѓа од неговото читање на Хегел според кое правните и политичките институции ги пуштаат своите корени во материјалните односи на егзистенцијата (нешто што одговара на хегеловото граѓанско содружништво).

По примерот на Хегел и англо-шкотските просветители, Маркс го сфаќа граѓанското содружништво како место на посебни интереси. „Во тоа содружништво во кое владее слободната конкуренција, се чини дека индивидуата е ослободена од природните и други врски кои во претходните епохи неа ја држеа во преградките на еден конкретен и прецизно дефиниран човечки конгломерат. Ова единка од XVIII век е производ, од една страна, на распаѓањето на социјалните форми на феудализмот и, од друга страна, на новите производни сили кои почнуваат да се појавуваат од XVI век. (...) Единствено почнувајќи од XVIII век, од ‘буржуаското содружништво’ различните социјални врски и се покажуваат на единката како прости средства за остварување на сопствените цели, како едн вид на надворешна нужност. Меѓутоа, епохата која ја создаде оваа концепција за изолораната индивидуа е токму онаа во која социјалните односи (кои на ова ниво станаа општи) достигнаа највисок развој. Во најсилна смисла, човекот е политичко жи-

вотно; тој не е просто само едно општествено животно, туку истовремено животно кое не може поинаку да се индивидуализира освен во општеството“ (Marx, 1859; 1972: 12). Граѓанското содружништво е социјален простор кој полека, но сигурно беше исчистен, како од афективниот универзум на семејните врски, така и од формалниот домен на бирократската држава во полза на, во Западна Европа, триумфот на капиталистичките производни односи. Маркс, заедно со англо-шкотските просветители инсистира на модерната природа на граѓанското содружништво. Појавата на граѓанското содружништво е почеток на модерната ера, последната фаза во еволуцијата на меѓовечките односи. Но, оваа модерност овде се втемелува врз нагласено асоцијалната природа на личниот живот. Буржоаското содружништво ја опфаќа целината на материјалните односи на единките во рамките на една фаза на развојот одредена од производните сили. “Тоа го опфаќа вкупниот трговски и индустриски живот на дадена етапа и ги надминува државата и нацијата, иако тоа кон надвор мора да се афирмира како националност, а кон внатре да се организира како држава. Терминот граѓанско содружништво се појави во XVIII век откако односите на сопственост се ослободија од античката и средновековната заедница. Граѓанското содружништво како такво се развива само со буржоазијата; иако социјалната организација која директно произлегува од производството и трговијата и која во сите времиња ја дава базата на државата, како и на целата идејна надградба, постојано беше означувана со истото име“ (Marx, 1859; 1972: 54-55)

Маркс, во однос на Хегел, направи своевиден пресврт. Хегеловиот државен детерминизам (дека државата е таа која го создава колективниот интерес и претставува носечки столб на општеството) Маркс го замени со детерминизам на граѓанското содружништво. Според Маркс, државата не е крајот и крајната цел на историјата, туку угнетувачки механизам во служба на буржуаското граѓанско содружништво. Ако, според Хегел, политичкото содружништво (државата) го детерминира содружништвото (граѓанското), според Маркс, граѓанското содружништво (социјалните односи определени од економијата во поширока смисла и кои како такви се дел од базата сфатена како целина од материјално економски и социјални услови на едно дадено општество) доминира со политиката (односно, со елементот на надградбата).

| Маркс | | Грамши |
|---|---|---|
| | **НАДГРАДБА** | |
| Политика | | Држава (принуда) |
| Идеологија | | Граѓанско содружништво (хегемонија) |
| | **БАЗА** | |
| Економија (граѓанско содружништво) | | Економија |

Значајна промена во марксистичкото разбирање на граѓанското содружништво направи Антонио Грамши (1891-1937) Тој се прашуваше: зошто капитализмот се уште опстојува таму каде што има објективни услови за премин во комунизам? Одговорот, сметаше тој, треба да се бара во културната хегемонија остварувана од доминатната класа низ сите институции на секојдневниот живот, поинаку речено на граѓанското содружништво. Значи, Грамши разлачи два елементи во марксистичката надграба: првиот е граѓанското содружништво составено од вкупноста на ’приватните’тела, а вториот е ’политичкото содружништво’ или поинаку речено државата. На овие два дела секој засебно им соодветствува функцијата за хегемонија на граѓанското содружништво и функцијата за директна доминација остварувана од државата.

Иако терминологијата е понекогаш збунувачка, Грамши во поимот граѓанско содружништво го препозна мноштвото здруженија, цркви, синдикати, културни организации, клубови, соседски групи и политички партии. Борбата за воспоставување комунизам не се состои просто од освојување на државниот апарат за да се преврти пирамидата, туку и од борба против културната хегемонија која ја остварува доминантната класа, а тоа нему му овозможи да открие, покрај државата, уште еден непријател во Италија мегу двете војни: католичката црква.

Во оваа марксистичка перспектива, придонесот на Грамши е двоен. На една страна, тој го одвои граѓанското содружништво од економската база и истото го смести во рамките на надградбата, накарши државата, во сферата на идеологијата. Тој, во *Белешки од затворот*, напишани меѓу 1929 и 1935, пишува: „Засега, може да се утврдат два големи ’ката’

во надградбата: оној кој би можеле го наречеме кат на 'граѓанското содружништво', што ќе рече севкупноста од организации вулгарно наречени 'приватни' и оној на 'политичкото содружништво' или државата; тие и соодветствуваат на хегемонската функција која доминантната група ја остварува врз целото општество и на функцијата на 'директна доминација' или командувањето кое се остварува преку државата и преку владеењето на правото. Тоа се точно функциите на организирање и поврзување" (Gramsci, цитирано според Ricci et Bramont, 1975: 606-607).

Од друга страна, во однос на разликата меѓу базата и надградбата во ортодоксниот марксизам тој додаде една друга разлика во рамките на надграбата, односно разликата меѓу јавното и прватното бидејќи надградбата е составена од политичкото содружништво и граѓанското содружништво, а на овие две разлики им соодветствуваат два засебни начини на доминација на класите кои ги поседуваат средствата за производство врз работничките маси: хегемонијата и принудата, нешто што соодветствува на разликата со која оперираше Макијавели (1469-1527), четири века порано во *Владетелот* (1515). Приватното повеќе не се сведува ниту на семејниот живот, ниту на економското поле (не само сопственоста туку, овој пат, вкупноста на општествени односи на производство). Дефиницијата на граѓанското содружништво, исто како и дефиницијата на државата или на економскиот систем, зависи од проектот за општеството кој го дефинира моќничката елита во функција на нејзините засебни интереси, проект со кој таа ги клука масите, или *преку* граѓанското содружништво (по хегемонски пат) или *преку* државниот апарат (по пат на принуда).

Во оваа смисла, Грамшиевата теорија нуди и втор придонес. Таа не го опишува граѓанското содружништво само како место на остварување на доминација на класата која ги поседува средствата за производство; тоа е и место на конфликти, на веќе видливи борби на работничките класи. Затоа, здружението не е просто само средство за одбрана на индивидуалните слободи од еден деспот, туку тоа е и средство за борба против експлоатацијата на човек од човек и на пробразбата на производните односи, средство за промена на постојните општествени односи кои се одвиваат ... во граѓанското содружништво. Како такво, тоа е место за побуна против едноумието, но исто така и место за констру-

ирање на една културна и идеолошката хегемонија која се остварува преку семејството, училиштето, универзитетот и медиумите исто како и преку доброволните здруженија, бидејќи сите институции се важни за обликување на политичките заложби на граѓаните. Грамши, загрижен револуционер на *praxis*-от, го покажува патот кој треба да се следи за преобразбата да биде радикална: треба да се фатат уздите на државниот апарат за да се насочува граѓанското содружништво во функција на интересите на борбата. Тој пишува: „Помеѓу економската структура и државата со нејзиното законодавство и нејзината принуда се наоѓа граѓанското содружништво, а ова последново треба радикално да биде преобразено во реалноста, а не само во пишаните закони и во книгите на учените; Државата е оној инструмент кој овозможува да се воспостави соодветен однос меѓу граѓанското содружништво и економската база, но за тоа е потребно државата да 'сака' тоа да го прави, поинаку речено потребно е претставниците на промената кои се појавуваат во економската база да ја земат во свои раце државата. Да се очекува дека граѓанското содружништво ќе се хармонизира со новата база по пат на пропаганда и убедување ... тоа е една нова форма на економска реторика, нова форма на празен економски морализам кој не може ништо да постигне." (Gramsci, цитирано според Ricci and Bramont, 1975: 270-271)

# III. СОЦИЈАЛНО ДВИЖЕЊЕ И ТРЕТ СЕКТОР

Покрај поврзувањето на граѓанското содружништво со цивилизираноста или покрај припишувањето на улога на контра моќ на некои општествени чинители членки на граѓанското содружништво одвоено од државата, од владата или од суверенот, има и една трета концепција која граѓанското содружништво го замислува како трет сектор, односно како севкупност на организации кои дават услуги и покажуват слидарност конституирајќи еден сектор на активности кој е засебен (но поврзан со) пазарот и со државата.

## РАБОТНИЧКИ ДВИЖЕЊА И СОЦИЈАЛНА ЕКОНОМИЈА

Во Европа и посебно во Франција, на почетокот на XIX век се појави едно чувство на радикална промена, а може да се каже и на прекин со старото уредување. Ова чувство е поттикнато од два главни настани. На една страна, Француската револуција од 1789 година најави уривање на структурите на моќта кои ја гарантираа традиционалната општествена рамнотежа. Воодушевеноста од еднаквоста на демократските општества (Tocqueville, 1835-1840) се чинеше придружувана од индивидуализмот, нов збор кој се појави со векот во зародиш. Истовремено, општите политички принципи на Француската револуција, се чини, беа незначително малку конкретизрани, еден голем дел од општеството остана без пристап до политичките, економските и социјалните права. На друга страна, индустриската револуција, која започна во XVIII век во Англија и која, побрзо или побавно, во текот на XIX век се прошири и во континентална Европа, предизвика големи општествени превирања (урбанизација, рурален егзодус, развој на нови индустриски базени, машинизам, појава на индустриски и урбан пролетерјат, покрај земјоделскиот и сл.) и крупни општествени проблеми (пренаселеност, промискуитетност, проституција, деликвенција, алкохолизам, рана смртност...).

За решавање на овие проблеми, но и за пристапување кон природните права опишани од страна на просветителите, на европскиот континент се појавија различни содружнички практики. Ситуацијата во

Франција е донекаде карактеристична. Под Стариот режим, здруженијата беа признати само во својство на тела во рамките на едно општество на хиерархизирани тела. Воодушевеноста на револуционерите од еднаквоста ги водеше кон укинување на таквите тела во полза на законот Le Chapelier од 14 и 17 јуни 1791. Таму се истакнува: „Во државата повеќе нема корпорации; нема ништо друго освен засебниот интерес на секоја единка и општиот интерес. Никому не му е дозволено да поттикнува кај граѓаните некој посреден интерес, да ги одвојува од јавните работи со посредство на некој корпоративистички дух.“ Наполеоновиот кодекс, како и законот на Јулската монархија од 1834, не беа многу поприемчиви. Требаше да се чека доаѓањето на III република за постепено да се либерализираат содружничките практики (законот од 1884 година за синдикалната слобода, законот од 1898 година за потпорните друштва и секако законот од 1901 година за слобододата на формирање на здруженија). Бидејќи во XIX век законската рамка во однос на содружничките практики беше поограничувачка, со порастот на индустрискиот капитализам новите здруженија најпрво се појавуваа на црно.

Токму тоа е контекстот во кој, во првата третина на XIX век, во Франција, се појави изразот „социјална економија‟. Во нејзиниот содружнички аспект, оваа социјална економија, од самиот почеток, содржи три составни и основни принципи: одбрана на професионалните интереси според моделот на корпорациите од времето на Стариот режим од што произлегоа првите синдикати; социјална заштита, наследство од еснафите и братствата од Средниот век; економски менаџмент и појава на кооперативи.

## ЈАКОБИНСКИОТ МИТ И ФРАНЦУСКОТО ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО ОД XIX ВЕК.

Пјер Розанвалон (2004) ја поддржува тезата за еден доста парадоксален француски модел на конституирање на граѓанско содружништво (Rosanvallon 2004). Овој парадокс ги става во игра, на една страна, перцепцијата за спртивставеноста на државата и содружништвото (кратко наречена јакобинизам) и, на друга страна, става посебно внимание на стварното постоење на посреднички тела кои се интелектуално неприфатливи. Со други зборови, овој француски модел ја издига во мит радикалната спротивставеност меѓу државата и осамениот граѓанин (от-

како Францускатa револуција ги уништи посредните тела), и покрај тоа што во текот на XIX век видливо се зголемува бројот на содружнички практики кои ја дискредитираат таквата митска верзија за силната држава наспротив изолираниот и соголен граѓанин.

Сакајќи да прекинат со општеството на рангови и тела од Стариот режим, револуционерите се изјаснија во полза на обединетата нација (Rosanvallon 2004). Јакобинскиот модел беше ублажен со реформите и политичките проекти од XIX век. Но, митот траеше, а перцепцијата за виталноста на францускoто граѓанско содружништво се чини остана до денес обележана од тој револуционерен период. Тоа е токму таквата јакобинска држава која, од страна на Алексис де Токвил, е опишана како негатив на американскиот политики систем. Но, ако има таква почетна слабост на француското граѓанско содружништво, таа може да се објасни со други фактори кои не се нужно поврзани со политичкиот модел наследен од просветителството. Мишел Офрле потсетува на важноста на општинските врски или на покровителството кои се задржаа долго во рурална Франција (Offerlé, 2004: 9)

---

Социјалната економија се лоцира на крстосницата на две важни филозофско-политички струи. Првата социјализирачка струја е оживотворена од работничките кооперативи на Шарл Фурие (1772-1837), од праведната размена на Роберт Овен (1796-1865) или од потпорните друштва на Пјер-Жозеф Прудон ( 1809 - 1865). За овие автори, борбата против работничкото оттуѓување бара да се појави нов модел на економска организација кој ќе ја исклучи секоја идеја за експлоатација и ќе биде заснован врз слободното и еднакво здружување на сите. Со полетот на марксизмот во втората половина на XIX век, во рамките на работничката средина, овој содружнички излез ќе биде доведен под сомнение и како неспоив со барањата на класната борба.

Во првата половина на XX век, оваа струја ќе добие уште двајца познати бранители: Жан Жорес (1859-1914), кој беше блиску до Чарлс Жид (1847-1932) кој, во социјалната економија виде средство за трансформација на државата со зачувување на сета нејзина бирократска ригидност, со допуштање на еден жив и флексибилен колективизам. Марсел Мос (1872-1950), исто така, ја поддржа социјалната економија како засебна сфера во однос на приватната економија и државата, но блиска со „секторот на посредни колективитети (Desroches, 1983).

Втората носечка струја на ваквата социјална економија, социјал-христијанската струја, бара воспоставување на едно поправедно и интегрирано општество. За социјал-христијаните, социјалната економија е одговорна за ублажување на дезинтегрирачките ефекти на индустрискиот развој и, истовремено, конституира бедем против социјализмот. Социјал-христијанските економисти ги уважуваа корпоративните структури на Стариот режим како заштитиници на ортаклаците и занаетчиите. Христијанската демократија ги отфрли подеднакво социјалистичкиот етатизам и либералниот капитализам. Фредерик Ле Плеј (1806-1882), кој беше една од исклучителните фигури на оваа струја во XX век, напиша: „Во 1827, во времето кога го напуштив Политехникумот, јас го видов почетокот на социјалните страдања кои денес попримија толку опасен карактер; како и моите најистакнати соученици и јас најпрво барав средство кое нив ќе ги излекува“ (Le Play, 1879; 1989: 12). За овој основач на „друштвото за социјална економија“, во 1856, ова значеше борба против пауперизмот без промена на структурите на општеството. Граѓанското содружништво треба да се реформира преку здружението, а државата преку децентрализацијата. Врз оваа концепција , ќе се накалеми гледиштето на социјалниот католицизам (Alber de Mun), енцикликата *Rerum Novarum* на Папата Лео XIII од 1891 која изрази охрабрување во поглед на социјалната економија.

## СОЦИЈАЛНА ЕКОНОМИЈА ИЛИ НЕПРОФИТЕН СЕКТОР

Во англосаксонскиот свет еден сличен концепт му конкурира на концептот социјална економија. Овде почесто се сборува за *нейрофиттен секттор* (НПС) составен од *нейрофиттни орѓанзиации* (НПО) слични на оние кои ги проучува социјалната економија. Салмон и Анхеир (1998) ги дефинираат НПО-ии врз основа на пет основни критериуми. Најпрво, станува збор за формални и институционализирани организации (обезбедени често со својство на правно лице). Тие не потекнуваат од некоја јавна иницијатива. Тие имаат соодветни органи за одлучување и соодветни правила за функционирање. Значи, тие се независни и не се предмет на никакво туторство. Како што упатува нивното име, ако со своите активности можат да заработат пари, тие нив не може да ги распределуваат како профит за активностите на нивните членови и службеници. Конечно, тие се основаат врз доброволна активност на нивните членови, пристапувањето кон овој тип на здруженија е слободно (што не значи дека сите членови работат доброволно и дека во нивните структури нема про-

фесионализација). Оттука, центрите на концептуалната гравитација на социјалната економија и на студиите за *нейрофийнийе секйори* се разидуваат. *Нейрофийниой* пристап става акцент врз условот за не-распределба на профитот помеѓу членовите (со што се исклучуваат кооперативите), додека социјалната економија ја истакнува демократската природа на содружничкото управување (и пред сѐ друго, на кооперативните принципи).

---

Во XX век, од втората половина на 1970-тите години, изразот „социјална економија" кој по Втората светска војна беше малку подзаборавен, повторно се појави во интелектуалните дебати и на француското политичко поле. Овој препород во времето на жискардестенова Франција се однесуваше главно на левицата (спореди со сампуправната струја во еден момент застапувана од Мишел Рокар) која трагаше по трет пат, помеѓу логиката на пазарната економија заснована врз профитот и логиката на етатизмот заснована врз надворешно ограничување (Chevallier, 1986).

Под влијание на овие две втемелувачки струи произлезени од социјалното движење (социјал-деморкатската струја и социјал-христијанската струја), социјалната економија за себе посакува нешто повеќе од само простор на организации и здруженија меѓу државата и пазарот во кој тие применуваат специфични принципи на управување и социо-економско регулирање. Тоа е еден автентичен проект за пробразба на општеството со цел да се внесе економија во социјалата и да се врати приматот на човекот над другите утилитаристички прокупации (Rosenvallon 1976).

Оваа идеја за Третиот пат или третиот сектор (*third sector*) е водена од еден реформистички оптимизам: развивајќи визија за едно автономно граѓанско содружништво *vis-à -vis* државата, таа се обидува, на некој начин да ја цивилизира државата преку развој на самоорганизација и саморегулација на граѓанското содружништво.

Воспоставувањето на социјални држави во Европа во текот на XX век ќе го преобликува овој проект за солидарна економија, така што иститот ќе го институционализира. Од различни причини, социјалната економија е буквално внесена од страна на пазарот во кој таа денес е неопходен елемент, како и од страна на државата која него го користи како

врска со граѓанинот (Laville, 1994). Кризата на социјалната држава при крајот на триесеттите величествени години овозможи академска и политичка реформулација на овој проект и потикна нови конкретни изрази, нови утописки заедници во работилниците за социо-професионално вклучување на лицата со хендикеп.

## ПАДОТ И ПОДЕМОТ НА ГРАЃАНСКОТО ВО XX ВЕК

Од крајот на Втората светска војна до 1970-тите, за поимот граѓанско содружништво не се интересираа голем број луѓе. Овој слаб интерес се објаснува со комбинација од неколку фактори. Во академската област, на многу факултети за хуманистички и општествени науки во Европа доминантна е марксистичката мисла. Ние видовме дека Маркс му посвети мало внимание на овој поим. На политички план, она што Имануел Волерстаин (1991) го нарекува анти-системски движења (што ќе рече, движења кои му се спротивставуваат на доминантниот систем на глобалната капиталистичка економија), на Западот (социјалната демократија), на Истокот (комунизмот) и на Југот (националните популистички движења) се залагаа за воспоставување модернизирачки држави, изразено интервенционистички во економскиот сектор, исто како и во социјалниот. Денес, модернизацијата на општеството, вклучувајќи го тука и управувањето со социјалните проблеми кои тие процеси ги причинуваат, е дело на само еден чинител: државата. На Запад, организациите кои произлегоа од социјалното движење од XIX век, еднаш институционализирани од страна на социјалната држава, станаа агенси делегирани од јавните власти, распределувајќи различни форми на помош и учествувајќи во образложувањето на осигурувачката солидарност. (Rosenvallon, 1995). Уште полошо, тие беа просто и едноставно заменти со институции на државата.

За да излезе од овој политички и филозофски затворен круг, поимот граѓанско содружништво ќе профитира од обновениот интерес на некои социјални чинители да направат двоен прекин со хегемонијата на марксистичката мисла, на една страна, и со наведено семоќната држава модернизатор, на друга страна.

Би можело да се смета дека колективните мобилизации кои го покренаа крајот на комунистичката ера во централна и источна Европа претставуваат еден од изворите на актуелниот успех на поимот граѓанско содружништво. За Доминик Кола, „(терминот) граѓанско содружништво служи за да се разбере политичката стварност на источна Европа и помага во анализата на ќорсокаците и драмите на едно општество на 'немоќниот граѓанин' и во доделувањето задачи на силите кои се борат за својата слобода и на групите кои се зафатиле со обновување, а потоа и со укинување на системот, ослободувајќи го општестото од партијата-држава, но и со негово создавање во земји во кои такво никогаш не постоело" (Colas, 1992: 41).

Во контекст на спротивставувањето на авторитарните режими на Исток, треба да се потсети на ангажманот на Католичката црква која рамо до рамо со активистите на Солидарност учествуваше во оспорувањето на режимот во Полска, земја од која потекнува новоизбраниот Папа Карол Војтила (1920-2005), кој беше избран во 1978 година. Истиот тој, Јован-Павле II, во неговата енциклика *Certissimus Annus* од 1991 потсетува на принципите, еднаш веќе објавени од страна на папата Јован XXIII во неговата соодветна енциклика (*Pacem in terris*), за приматот на граѓанското содружништво над државата.

Вацлав Хавел, тогаш сметан за една од истакнатите дисидентски фигури на комунизмот во Чехословачка (како ко-основач на *Повелбата 77*), во истата 1978 година објави еден политички есеј *Моќта на немоќните*, во кој ја нагласува важноста на дејствувањето на опозицијата против режимот на Кусак. Еден од деловите на тој есеј носи наслов „Будењето на граѓанското содружништво". Таму може да се прочита: „Во општествата со посттоталитарен систем , сиот политички живот во традиционална смисла е уништен. Единките немаат можност јавно да ги изразат своите политички ставови ,а уште помалку да се организираат политички (...) И покрај ова, очигледно во овие општества постојат поединци и групи на поединци кои не се откажале од политиката која за нив е животна ориентација, и кои настојуваат, на еден или на друг начин, да имаат независна политичка мисла, кои се обидуваат да се изразат, а дури и да се организираат, бидејќи „вистината„ е дел од нивниот живот " (Havel, 1991: 99). Концепцијата за граѓанското содружништво најавена од страна на комунистичките дисиденти (траги од

неа наоѓаме од 1960-тите, во делата на полските интелектуалци како Адам Михник) ја обновува концепцијата наследена од Монтескје, а потоа и од Токвил, за граѓанското содружништво како контра-моќ.

Меѓутоа, падот на комунистичките режими на Истокот, несомнено, повеќе му должи на неуспехот на економските политики спроведувани во овие земји во 1970-тите и 1980-тите години и на омекнувањето на советската власт во СССР (доаѓањето на Горбачов на власт во март 1985 година) отколку на дејствијата на групите кои ја оспоруваа власта (Taras, 2005). Денес, голем број ‘транзитолози’ и експерти за посткомунистичките општества во Источна Европа се согласуваат со ставот за слабоста на граѓанските содружништва на Истокот (Colas, 2002; Howard, 2003) и ја признаваат посебноста на полскиот модел, со оглед на улогата на католичката црква, како и на *Солидарност* (Molnar, 1990). Сепак, крајот на тие режими овозможи релативна видливост на таквите „граѓански организации“ на локално ниво (какви што беа *Новиот форум* во Источна Германија, *Повелбата 77* во Чехословачка, или унгарскиот *Демократски форум*) и силно го медијатизираше таквото „граѓанско содружништво„ од аспектот на контра-моќ.

## РАЗОЧАРАНОСТА ОД ПОСТКОМУНИСТИЧКОТО ГРАЃАНСКОТО СОДРУЖНИШТВО

Во поранешната ГДР, „социјалните чинители (лутеранските цркви) кои беа активни при крајот на режимот не го сочинуваа политичкото јадро во овој дел на обединета Германија, иако тие беа одлучувачки во конечните битки. Можно е оваа ситуација да се спореди со ситуацијата на *Солидарност* во Полска: Солидарност се бореше со години против комунистите; неговите водачи беа прогонувани, затворани. Но, десет години подоцна, на изборите триумфираа поранешните комунисти. Во ситуацијата, пак, како онаа во во СССР во која, за разлика од Полска, немаше ништо повеќе освен една распрсната опозиција и ниско ниво на дисиденство, ситуација која не познаваше олабавување на планската економија, како во Унгарија, не може да се очекува дека, во таква ситуација ќе се најдат ресурси за самоорганизирање на општеството. Покрај тоа, таму поразот на комунизмот никогаш не беше јасно признат.

„Сигурно е дека таму постои недржавен социјален живот (тоа веќе беше случај уште во комунизмот), но дискутабилно е дали постои една автономна сфера на политичка, синдикална и содружничка организација на општеството. И, на друга страна,

поради тоа што масовните движења кои го пратеа падот на комунизмот, конкретно, уличните манифестации не послужија како основа за конституирање на граѓански групи, здруженија, партии, би можеле, ретроспективно да се прашаме дали со тоа што анти комунистичките мобилизации се означуваат како манифестации на граѓанското содружништво на тие движења не им се припишуваат преголеми капацитети за организација и за социјално вкоренување? Ако крајот на комунизмот го реконстуираме поаѓајќи од хипотезата дека граѓанско содружништво постоеше пред падот на комунизмот, тогаш неговото исчезнување би му овозможило на граѓанското содружништво да се афирмира и да се развие. Но, наместо тоа, ние гледаме слабо или скоро речи непостоечко граѓанско содружништво во посткомунистичките општества“ (Colas, 2002: 49-50)

---

Ако ваквите ‘граѓански’ или ‘државјански’ здруженија го симболизираа она што беше набрзина наречено ‘будење’ на граѓанските содружништва (претпоставувајќи дека тие постоеле претходно, но не межеле да се изразат поради принудниот карактер на комунистичките режими), тогаш, може да се прашаме дали тие и денес сеуште се доминантни фигури кои ги претставуваат организациите на граѓанското содружништво. Поради, понекогаш катастрофалните социјални последици од економските и институционалните реформи кои се спроведуваат во тој, така наречен, период на ‘транзиција’ кон пазар и демократија, многу невладини организации, често со поддршка од моќни западни фондови (Европската Унија, Светската Банка, големите интернационални НВО) ги насочија своите активности кон справување со социјалните проблеми (заштита на деца и постари лица, поддршка за професионална интеграција, етнички односи, полов род, екологија, итн.) нешта со кои државата не умее или не може да се справи. Ова е многу помалку една контра-моќ, а повеќе патерица за потпирање на моќта во криза или во реконструкција, што е помалку од она што граѓанското содружништво во Источна Европа мисли дека е. Некако, се чини дека доминантната концепција за граѓанското содружништво како да не е наследена директно од Токвил и од антикомунистичките протести, туку е поблиску до онаа за третиот сектор вклештен помеѓу една реформирана држава и еден пазар кој се уште е во повој (Pirotte, 2002).

## СУМАРНА ТАБЕЛА НА ДОМИНАНТНИТЕ КОНЦЕПЦИИ ЗА ГРАЃАНСКОТО СОДРУЖНИШТВО И НИВНИТЕ ГЛАВНИ ЗАСТАПНИЦИ

| ЕПОХА | КОНЦЕПЦИЈА | ПРИНЦИПИ | ЗАСТАПНИЦИ |
|---|---|---|---|
| **Антика:** Грција и Рим<br>**Среден век** | Цивилизирано и управувано општество | Граѓанското содружништво: опремено со организација – чии членови располагаат со посебни манири кои укажуваат на одредена префинетост.<br>Преведено како *polis, држава, влада, република* | » Платон, Аристотел, Кикерон<br>» Св. Августин, Св. Тома Аквински<br>» Хобс, Лок |
| **XIII век** (Локова база: XVII век) | Трговско граѓанско содружништво | Содружништво во кое до израз доаѓа следењето на пединечниот интерес. Политичкиот и социјалниот поредок се осигуруваат со индивидуалната потрага за задоволување на сопствените потреби.<br>Преведено како пазар.<br>Критичка визија: треба да се надмине егоизмот на *homo economicus* бидејќи без тоа не е можен социјалниот поредок (Русо + Хегел подоцна Маркс)<br>Преведено како *буржуаско содружништво* | » Англо-шкотските просветители од XIII век (Смит, Мандавеј, Фергусо, Хјум)<br>» Русо, Хегел, Маркс, Грамши |
| **XIII век** (Локова база: XVII век) | Политичко граѓанско содружништво | Простор засебен од државата, спсобен за да се спротивстави на различните деспотски склоности (апсолутизам, егалитаристичата страст)<br>Место на отпор кон доминантниот политичко-економски и културен поредок<br>Преведно како *контра-моќ* | » Монтескје потоа Токвил<br>» Дисидентите во комунистичките режими во земјите од источна и централна Европа<br>» Р. Патнам и нео-токвилијанците |
| **XIX и XX век** | Граѓанско содружништво Трет-сектор | Менаџирање на социјалното и формирање на нови видови на солидарност за да ги ублажи недостатоците на пазарот и јавните власти<br>Преведено како *трет сектор* | » Социјална економија (социјал-демократија, утопистички текови...)<br>» Комунитаристи<br>» Џ. Коен и Андре Арато, Х.К. Анхеир |

# ВТОР ДЕЛ

## СОВРЕМЕНИ СОЦИЈАЛНИ И ПОЛИТИЧКИ КОРИСТЕЊА

## IV. ГРАЃАНИ, ПАРТИЦИПАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА И ЈАВНИ ПРОСТОРИ

Денес три белези ги карактеризираат западните концепции за граѓанското содружништво. Тие карактеристики му нудат на истражувачот една нацрт рамка за проучување на граѓанското содружништво, барем што се однесува за западните општества.

Поимот граѓанското содружништво, најпрво, претпоставува постоење на еден содружнички факт во поширока смисла, односно, може да се рече, во најмала рака, едно привремено, формално или неформално поврзување на социјалните чинители. Како што соодветно истакнува Јирген Хабермас: „(Институционалниот никулец на граѓанското содружништво) се формира од такви неетатистички и неекономски групи и здруженија врз доброволна основа кои ги поврзуваат комуникациските структури на јавниот простор формирајќи 'содружништво' во рамките на светот на животот (односно во светот во кој се одвиваат дејствијата на членовите на едно определено општество). Граѓанското содружништво е составено од здруженија, организации и движења кои во јавниот политички простор го прифаќаат, кондензираат, рефлектираат и го засилуваат одекот дека социјалните проблеми се наоѓаат во сферите на приватниот живот. Значи, срецевината на граѓанското содружништво е составена од едно содружничко ткиво кое во рамки на организираниот јавен простор ги институционализира дискусиите кои се предлагаат за решавање на проблемите кои се појавуваат во врска со општиот интерес (Habermas, 1997: 394). Поимот граѓанско содружништво, уште од антика е несомнено поврзан со прашањето да се биде заедно. Ние се групираме бидејќи споделуваме, браниме, штитиме еден поглед на свет, една идејна замисла за праведно и добро општество.

На крај, се појавува третата карактеристика, несомнено придобивка од развојот на нашата современа политичка практика. Не станува збор само за здружување и за изразување, на помалку или повеќе експлицитен начин, на една идеална визија за социјалното, културното или политичкото уредување (поинаку речено за формулирање на едно ‘цивилизирано’ уредување). Покрај тоа, потребна е и една рамка, една сцена, еден јавен простор во кој таквите визии ќе се расправаат. Овде се појавува еден јавен простор, во кој се одвива процес на аргументација и делиберација, во рамките на едно ткиво од густа мрежа од здруженија и институции во врска со социјално диференцирани претстави, верувања, норми и интереси. Таквиот интерес за јавниот простор се појавува истовремено со новиот ентузијазам за учество на граѓаните во контекст на кризата на класичното претставништво во западните демократии.

## ЗДРУЖЕНИЈА И ПРОИЗВЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИ КАПИТАЛИ

Последните децении на XX век сведочат за преиспитување на важноста, особено на политичката важност, на содружништвото, благодарение главно на теориите за социјалниот капитал.

*Поимот социјален капитал*

Исто како поимот граѓанско содружништво и поимот социјален капитал во текот на 1990-тите години доживеа еден впечатлив ентузијазам меѓу истражувачите во политичките и, особено социјалните науки (Bevort и Lallement, 2006). Таквиот исклучителен интерес се должи на трудовите на Роберт Патнам, кој во текот на 1990-тите објави две многу референтни дела: *Да се направи демократијата оперативна* (1993) и *На куглање сам* (статијата од 1995 година, објавена пред книгата со ист наслов во 2000 година). Поимот социјален капитал денес ги надминува рамките на академските дискусии и проучувања во западните општества; тој особено влијае врз стратегиите за борба против сиромаштијата кои се спроведуваат во земјите во развој (покрај другите упати: Grootaert, 1997). Овој концепт не е сепак нов (синтези кај, Pontieux, 2006). Ако се држиме до придонесот на некои социолози,

треба да се нагласи важноста на делата на Џејмс Колман (1990) и, се разбира, на Пјер Бурдје (особено 1980).

Основната идеја на теориите на социјалниот капитал упатува на тоа дека семејните, пријателските или професионалните односи претставуваат важен капитал кој може да се мобилизира во криза, или едноставно да се оствари некоја добивка (Woolcock, 1998; Narayan, 1999). Претпоставката на теориите на социјалниот капитал е заснована врз важноста на социјалните мрежи. Овие мрежи, пред се, имаат вредност за лицата кои се вклучени во нив. Може да ја земеме за добар пример важноста на бележникот со адреси во потрага по работа (Mercklé, 2004). Теоријата сугерира дека заедниците со поголем фонд социјални мрежи и граѓански здруженија имаат подобра позиција во борбата против сиромаштијата и ранливоста, во решавањето на конфликтите и во искорисувањето на новите шанси. Социјалните капитали подеднакво се важни и на 'јавен' или 'надворешен' план. Некои истражувачи, после Патнам, покажаа дека стапката на криминал има тенденција да опаѓа во заедниците со добри социјални мрежи. Во овој случај, социјалниот капитал станува јавно добро кое треба да се брани и да расте.

Од што е направен тој социјален капитал? На почетната точка се наоѓа поимот доверба (trust). Довербата е елементот кој овозможува да започне едно колективно дејствување, поинаку речено да се стави во движење една мрежа и да се избегне колку што е можно омасовувањето на однесувањето на 'слепиот патник' кој е извор на она што Мансур Олсон (1968) го смета за парадокс на колективното дејствување. Во *Логиката на колективното дејствување* Олсон покажува дека во некоја ситуација која не ни се допаѓа нам, најефикасно однесување е исчекување да паднат колективните плодови од мобилизацијата превземена од некои други, а целта е да се дојде до очекуваната промена, да се максимизираат добивките и да се минимизира трошокот на учеството. Притоа, омасовувањето на ваквото однесување сериозно би ги ограничило можностите за колективната мобилизација. Довербата, станува лубрикант на соработката меѓу социјалните чинители. Нема ли доверба, нема норми на взаемност и нема мрежи кои учествуваат во развој на социјалниот капитал. Идејата која се развива е дека едно

здружение, со самото свое функционирање, ја зајакнува довербата меѓу своите членови и негува норми на размена, а со тоа и еден посебен начин на функционирање. Патнамовото размислување брзо влезе во оптек, бидејќи тоа најави дека „доброволната соработка е полесна во една група која има наследено значителен фонд социјален капитал во форма на норми на взаемност и мрежи на граѓански ангажман“ (Putnam, 1993: 167)

Иако се чини дека овој поим е поуспешно дефиниран отколку поимот граѓанско содружништво, сепак ни тој не е изземен од критики. Дали тој не е само нова амбалажа за означување на многу стари социјални реалности? Зошто инаку би се зборувало за социјален капитал, наместо за социјални врски, ако тоа не е за да се охрабри одреден економски империјализам (терминолошки)? Дали тој не значи уште еден обид за еуфемизирање на односите на моќ, теориите за социјалниот капитал најчесто го занемаруваат овој аспект на социјалната реалност (со очигледен исклучок на Бурдје)?

За нашите цели овде, значајно е да се разбере важноста на социјалниот капитал за граѓанското содружништво. Во либералните северно американски теории, во кои што овој поим особено се разви во текот на 1990-тите, се укажува дека во рамките на граѓанското содружништво, а особено преку содружничкиот мравјалник кој него го дефинира, граѓанскиот ангажман произведува еден препознатлив фонд од норми, вредности, доверба и мрежи, накратко акумулација од социјални капитали кои овозможуваат хармоничен политички и економски развој на општеството: „За политичката стабилност, како и за ефикасноста на владата или за економскиот напредок, социјалниот капитал може да биде исто толку важен колку и физичкиот и човечкиот капитал“ (Putnam, 1993)

## НЕОТОКВИЛИЈАНЦИТЕ

За време на Студената војна, американските универзитети внимателно ги следеа социо-политичките промени во Источна Европа и Латинска Америка. Целосно изгубени во врска со еволуцијата во марксистичкиот камп и револуционерните движења, северно американските стручњаци не ја разбраа веднаш улогата на граѓанското содружништво (Laurent 2002). Крајот на комунизмот на Истокот повторно предизвика ентузијазам за овој концепт во академската средина, зголемувајќи го бројот на истражувачки центри, публикации, семинари и симпозиуми кои го третираа овој поим (*civil society talks*).

Денес, дебатата во САД е под големо влијание на школата на неотоквилијанците (прегрупирани околу Роберт Патнам). Тие инсистираат на виталноста на содружничкиот живот како суштински дел на модерното општество. Тој содружнички живот е проткаен со многу доблести. Здруженијата обезбедуваат услуги и даваат милосрдна помош таму каде што државите и/или пазарите се слаби. Тие придонесуваат за формирање на вредности, социјални мрежи и институции кои што придонесуваат за функционирање на пазарната економија. На линија со Токвил, оваа школа инсистира на политичката важност на здруженијата како противтежа на државата и на граѓанското содружништво кое го гледа како носечки столб на промоцијата на транспарентноста и одговорноста на политичките и економските чинители. Но најважната улога на здруженијата лежи во нивниот капацитет за демократска социјализација. Тие, според неотоквилијанците, кај секој од нас ги развиваат нашите 'капацитети' како граѓани. Учествувајќи во здружение, ние учиме да живееме заедно, да следиме еден комплет правила кои го осигуруваат изразувањето на мислења и чувства на секој.

Некои критични читатели (и не помалку: Walzer, 1995; Galston, 2002) ја оспоруваат оваа ангелска визија и симплификација на врската содружништво-демократска виталност. Овие истражувачи се дел од критичката струја (понекогаш нарекувана 'егалитарно-либерална'; Edwards, 2003) и претставуваат една не толку наивна слика за граѓанското содружништво, потсетувајќи на структурните бариери кои попречуваат некои од социјалните групи да ги артикулираат своите интереси во рамките на јавните простори.

Ако Роберт Патнам ја постигна својата слава благодарение на контроверзната теза (меѓу другите критики, онаа на Tarrow, 1996) за падот на граѓанскиот ангажман во Соединетите Американски Држави (претставена во *На куглање сам*), во неговата постара книга *Да се направи де-*

*мократијата оперативна* (1993) тој се обидува да ја покаже важноста на социјалниот капитал кој го создадаваат организациите на граѓанското содружништво за виталноста на демократијата и за економските перформанси на едно дадено општество. Во 1970 година, италијанската влада востанови регионални власти и им додели значителна финансиска автономија. Идејата на Патнам и на неговиот тим од истражувачи е да се разбере зошто влади со идентично правно потекло со текот на времето оствариле различни економски и политички перформанси. Тој забележува дека во почетокот на 1990-тите економскиот развој е повеќе забележителен на северот отколку на југот на италијанскиот полуостров. Тој, исто така, забележува дека на Југот семејните врски, мрежите на припадност кон една мала заедница се чинат посилни, додека на Северот е поразвиена припадност кон хоризонтални мрежи и различни здруженија. За да ја објасни оваа ситуација, Патнам не тргнува од економски или политички фактори, туку од социјални. Во *Да се направи демократијата оперативна*, тој дефинира една триангулација помеѓу економските перформанси, политичкото управување и граѓанската култура. Оригиналноста на книгата лежи во обидот направен од страна Патнам да го пресврти односот на причинитост помеѓу економските, политичките и социјалните фактори. Тука не е подобрувањето на економската и политичката ефикасност на некоја заедница тоа што го ослободува и поддржува граѓанското содружништво (објаснување кое во 1990-тите често е поддржувано од страна на разни 'транзитолози'), а кое, од своја страна, повратно ги засилува економските и политичките перформанси на таа заедница, туку обратно, токму плодовите од функционирањето на граѓанската сфера (што ќе рече, социјалниот капитал) е она кое ги засилува економските и политичките перформанси на заедницата. Граѓанското содружништво не е резултат на промените во економските сфери (либерализација на економската размена) или во политичките сфери (либерализацијата на авторитарениот режим), а уште помалку е индикатор на процесот на транзиција. Граѓанското содружништво е универзална реалност која може да се процени преку содружничкото ткиво и од него создадените социјални капитали. Од неговото успешно функционирање, од културните норми што тоа ги развива и од фондот социјален капитал кој тоа го негува ќе зависат економскиот и политичкиот прогрес на некое општество.

Во "*На куглање сам*" (1995) Патнам, укажува дека граѓанското однесување на Американците е во опаѓање и дека тоа е особено препознатливо низ индикаторите за активното членство во групи и заедници. Овој пад е особено забележлив од средината на 1960-тите. И други показатели се подеднакво во опаѓање и дозволуваат да се претпостави опаѓање на граѓанскиот ангажман, како, на пример, стапката на излезност на изборите, членството во политички партии, бројот на петиции, способноста на Американците да бидат во тек со вестите ... Тогаш кога Американците сепак се придружуваат, според Патнам, тоа е најчесто во групи кои продуцираат многу слаби социјални капитали, како што се поддржување на некоја еколошка кауза, или испраќање писма за поддршка на некој политички затвореник под покровителство на Амнести интернешенал.

*Ограничувањата на содружничкиот пристап*

Значи, овој современ пристап јасно го поврзува поимот граѓанско содружништво со содружничкото ткиво. Од виталноста на здруженијата, од ангажманот на граѓаните што тој ги дозволува, произлегуваат мноштво ефекти за политичката и економската еволуција на одредено општество. Исто така, во текот на 1990-тите имаше и настојување да се мерат т.н. новосоздадени граѓански содружништва преку содружничките практики, (пре)создадени во контекст на транзицијата. Колку таквите мрежи изгледаа поволуменозни и погусти толку повеќе и граѓанските содружништва се покажува како поживи. Брзо се заборавија лекциите од минатото, а особено лекцијата дека постоењето на еден особено стегнат содружнички сектор не е никаква гаранција за развојот и зајакнувањето на демократскиот поредок. Шери Берман (1997), земајќи го примерот на Вајмарската Република, покажа како процветот на содружништвото без соодветни силни политички институции може да придонесе за поткопување на темелите на демократскиот систем и за подемот на еден тоталитарен режим.

Содружничкиот пристап кон граѓанското содружништво од страна на неотоквилитанците се соочува со уште еден проблем: оној за границите на граѓанското содружништво. Дури и ако граѓанското содружништво се ограничи на содружничкиот факт, овој пристап не успева да одговори на едно едноставно прашање: кој è, а кој не е дел од граѓан-

ското содружништво? Дали можеме да се задоволиме со една дефиниција која го сведува граѓанското содружништво на едно содружничко ткиво оттргнато и од државата и од пазарот? Оваа минималистичка концепција не е задоволителна. Помеѓу здруженијата и државата постои една посредувачка зона, „политичкото содружништво", сочинето од партии, различни политички организации. Оваа зона обично ги разделува истражувачите на два табора. Првиот ги гледа организациите од „политичкото содружништво" како елементи на граѓанското содружништво, бидејќи тие остваруваат влијание врз јавните политики со самото постоење на демократски здруженија и со дискусиите во јавната сфера. Значи, политичките партии се со една нога во граѓанското содружништво (особено кога тие се во опозиција) и/или со другата нога во државата (во случај кога се вклучени во владата). Во нашите општества, во прилог на овие аргументи оди интересот за директна демократија и за вклучување на разни здруженија во управувањето со градот (на локално ниво). Вториот табор, од своја страна, е уплашен од коруптивните влијанија на политичките организации врз здруженијата, бидејќи идеално тие би требало да бидат независни од било какви партиски интереси.

Проблемот, исто така, се поставува и во врска со границите помеѓу граѓанското содружништво и пазарот. Од англо-шкотските просветители, особено од времето на Лок, една мисловна традиција го насочи поимот граѓанско содружништво кон приватните економски активности. Како современ одек, оваа економска улога на граѓанското содружништво се нагласува при обезбедувањето социјални услуги, особено за групите со ниски приходи и секако во срединте со слаби држави. Исто така, понекогаш под влијание на активностите на организации од граѓанското содружништво, се развиваат хибридни практики, на половина пат помеѓу економските и солидарните логики, како што покажува примерот со фер трговијата. Сепак, некои истражувачи силно инсистираат на јасно одвојување на граѓанското содружништво од економската сфера. Особено за Мајкл Волзер (1995), граѓанското содружништво е сфера на животот ослободена од пазарот, во која улогата на парите е девалвирана. За Коен и Арато (1997), само онаа концепција која граѓанското содружништво го одвојува од економската сфера може да стане срцевина на една социјална критика и на една политичка теорија.

## НОРМАТИВНАТА ДИМЕНЗИЈА

Толкувањата кои го претпочитаат содружничкиот аспект на граѓанското содружништво наидуваат на една голема препрека: тие се соочуваат со големи потешкотии во дефинирањето на границите на таквото граѓанско содружништво, не само во однос на економските и политичките сфери, туку и во однос на неговите сопствени граници. Дали би можеле да речеме дека Кју Клукс Клан е на ист начин како и NAACP (Национална асоцијација за напредок на црините луѓе) елемент на граѓанското содружништво? Дали колективитетите кои преземаат чинови на граѓанска непослушност („доброволните жетвари" на полињата со генетски модифицирани растенија, колективите како „отпор протв рекламите") се помалку или повеќе граѓански во споредба со здруженијата кои се залагаат за слобода на печатот или против правото на абортус?

Ваквите студии не прават никаква разлика помеѓу овие здруженија во однос на вредностите кои тие ги застапуваат (Etzioni, 2000) и, понесени од еден демократски оптимизам, склони се да ја заборават темната страна на граѓанското содружништво (Portes et Landolt, 1996). Во оваа струја, сите здруженија се вреднуваат подеднакво се додека тие допуштаат практикување на демократските правила низ лице-в-лице односи.

Меѓутоа, може да се проблематизира тоа што сите здруженија развиваат нивни сопствени нормативни одредби и дека промовираат вредности и однесувања кои ги сметаат за најсоодветни. Членството во Кју Клукс Клан или во некоја нео-нацистичка група несомнено создава норми на взаемност и доверба, поими кои се темелот на социјалниот капитал, но тие секако не ги промовираат принципите на еднаквост, рамноправност и правичност меѓу луѓето во општеството. Содружничкиот живот, сам од себе, не е во можност да гарантира посебна целина на општествени норми и вредности, а уште помалку поврзаност помеѓу тие норми и целите на едно идеално општество, поаѓајќи од фактот дека здруженијата и нивните членови многу се разликуваат по нивните социјални карактеристики, нивните интереси и уверувањата. Како што пишува Џ. Кин, „Ренесансата на граѓанското содружништво секогаш носи многу опасности поради тоа што нуди слобода како за деспотите така и за демократите" (Kean, 1988: 45).

Затоа е потребно да се направи разлика помеѓу нормативните дискурси кои не се создадени, на експлицитен или имплицитен начин, од самите претпоставени чинители на некое конкретно граѓанско содружништво од подеднакво бројните нормативни дискурси креирани за граѓанското содружништво. Една неодамнешна студија, предводена од Хелмут К. Анхеиер и С. Дали (2006), за фондациите во Европа, ја вклучува оваа димензија обработувајќи ги претставите на тие организации за нивните визии за идеалното општество и улогата што тие треба да ја играат во него.

Сите здруженија не се поставуваат исто во однос на вредностите и визиите за светот кои го конституираат „идеалното општество“ што го прифаќа една социјална група (Etzioni, 2000). Во овој контекст, расчекорот во ресурсите помеѓу здруженијата претставува посебен проблем и за ‘содружничкото’ толкување на граѓанското содружништво. Ваквата нееднаквост помеѓу здруженијата се изразува како разлика во нивните можности да се слушне нивниот глас, да се поддржи одредена агенда како и да го стабилизираат нивното толкување на споделените норми во јавната сфера (Edwards, 2003).

## ПОИМОТ ЈАВЕН ПРОСТОР

Во оваа трета димензија, граѓанското содружништво е разбрано како еден засебен простор во кој се одигрува процес на аргументација и промислување во рамките на една густа мрежа од здруженија и институции. Граѓанското содружништво станува тој јавен простор во кој се дебатира за социјалните разлики, за социјалните проблеми, за јавните политики, владините акции, општинските работи и културните идентитети.

Појавата на социјална одговорност на претпријатијата, дебатите за легитимитетот на некој вооружен конфликт или за вознемиреностите во врска со глобализацијата се токму примери за таквата реалност. Идејата е дека јавниот интерес не би можел да се дофати поинаку освен преку дебата и демократска борба. Решенијата се постигаат полесно откако социјалните групи ќе го искажат својот збор и врз основа на нивниот интерес за постигање резултати (Edwards, 2003).

Јирген Хабермас, јавниот простор го дефинира како „мрежа која овозможува да се комуницираат содржини, да се заземат позиции, како и мислења; тука изобилството од комуникации се филтрираат и се синтезизираат на начин кој нив ги концентрира во јавни мислења подредени во функција на една специфична тема“ (Habermas, 1997: 387). Во нашите општества, јавниот простор е еден посредувачки простор помеѓу политичкиот систем, на една страна, и она што Хабермас го нарекува свет на животот, на друга страна. Тој се појавува како една многу сложена мрежа, составена од бројни арени за дискусии и преговори водени на различни нивоа (интернационални или локални) и артикулирани, главно, преку централни теми кои стануваат достапни за обичните луѓе. Оттука, би можело да се зборува за јавни простори во множина, кои се разликуваат по густината на мрежите за комуникација, сложеноста на нивната организација, ширината на нивниот реон на дејствување, нивниот епизоден или траен карактер, нивната апстрактна или конкретна димензија. Овие бројни јавни простори, покрај сè, остануваат отворени виз-а-ви другите сè додека тие простори се темелат врз употребата на обичен говор (Habermas, 1997: 400-401).

Хабермасовата концепција за граѓанското содружништво се дистанцира од онаа визија која го ограничува просторот на граѓанското содружништво на оној на економските размени. Тој самиот пишува: „Терминот граѓанско содружништво [...] за разлика од модерниот превод, по Хегел и Маркс, на терминот *societas civilis* како буржоаско содружништво, повеќе не ја подразбира сферата на економијата регулирана од пазарот на трудот, капиталот и добрата“ (Habermas, 1997: 107). Тој, значи, го обновува приватниот содружнички интерес како непазарен и автономен во однос на државата. Граѓанското содружништво е сфатено како трет автономен сектор, но тој не е оттргнат ниту од државата и пазарот, ниту од приватната сфера. Ние овде повторно ја наоѓаме хегеловската триангулација семејство/граѓанско содружништво/држава, само што Хабермас, како Грамши, ги извлекува економските односи од граѓанското содружништво.

Дали граѓанското содружништво се меша со јавниот простор? Хабермас е склон кон тоа институците и организациите на граѓанското содружништво да ги смета како конститутивни елементи на јавните простори (во множина) кои ги „институционализираат дискусите кои

се отвораат во врска со решавањето на проблемите од општ интерес“ (Habermas , 1997: 395).

Се чини дека чинителите на граѓанското содружништво денес располагаат со капацитет за влијание, бидејќи граѓанското содружништво се согледува како еден „систем за предупредување обезбеден со антени високо осетливи за проблемите на општеството“ и секако систем опремен со еден расштркан конгломерат од социјални чинители кои имаат капацитет да „ги формулираат проблемите на убедлив и влијателен начин, дополнително истакнувајќи ги и драматизирајќи ги до мерка да бидат прифатени и третирани од парламентарните тела“ (Habermas, 1997: 386). Едно ефективно граѓанско содружништво мора да може да го прифати мирното изразување на тие бројни идентитети, без да се подели на мноштвото неповрзани агенди. Ова, несомнено би бил демократскиот идеал кон кој тежнеат оние пристапи кои акцент ставаат врз плурализмот и улогата на комуникацијата меѓу чинителите на граѓанското содружништво (Edwards, 2003).

## ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА

Поимот на делиберативна демократија се појави во 1980-ите години, особено почнувајќи со делата на Јирген Хабермас и Џон Ролс (1971; 1997). Делиберативната демократија укажува дека политичките одлуки се донесуваат на дискурзивен начин, односно тие се резултат на размената помеѓу различните учесници каде за нивното донесување клучна е само силата на подобриот аргумент. Таквата делиберативна демократија почива, според нејзините главни теоретичари, на три основни принципи: принцип на аргументација (се води демократска дебата во која треба да надвладува силата на најдобриот аргумент); принцип на вклучување (дебатата треба да биде отворена за мнозинство, а идеално е да се вклучат сите за кои постои веројатност дека ќе бидат засегнати од политичката одлука); принцип на јавност (дебатите треба да бидат транспарентни).

Во контекст на делиберативата демократија организациите од граѓанското содружништво стануваат важни чинители во демократскиот процес. Навистина, тие овозможуваат изразување на претставите за дивергентни и плурални интереси и идентитети, тие ги прават јавните простори и просторите за делиберација во кои може да се изрази плуралноста на концепции за општото добро и во кои што „моралните конфликти“ може да бидат предмет на јавна расправа. Токму затоа, граѓанското содружништво и неговите чинители заземаат значајно место во оваа нова партиципатив-

на ера на демократските системи на запад. Бенџамин Барбер ја дефинира правата демократија како „политика на учество, во која што конфликтот се решава без каква било зададена рационалност, благодарение на едно континуирано самозаконење, постојана партиципација и создавање на една политичка заедница способна да ги преобрази „приватните“ и независни единки во слободни граѓани, а приватните и парцијални интереси во едно заедничко добро„ (Barber, 1984, 1997: 172)

---

Во континуитет се Јирген Хабермас, Џон Кин и Андрју Арато (1997) го дефинираат граѓанското содружништво со четири основни карактеристики. Тоа е засновано врз принцип на плуралност бидејќи е составено од чинители со различна природа („семејства, неформални групи и доброволни здруженија чиј плуралитет и автономија попримаат различни форми на живот“ [Cohen et Arato 1997]); има јавен каратер (Cohen and Arato ја подвлекуваат важноста на институциите на културата и комуникацијата); но и приватен карактер (односно област резервирана за индивидуален развој и за морални избори); и на крај, принципот на законитост (односно, „структурите на општите закони и основните права нужни за одредување на плуралноста, приватниот или јавниот карактер барем во однос на државата, но исто така и виртуелно и во однос на економијата“ [Cohen and Arato, 1997: 346]).

Оваа димензија „на јавни простори“ на современите граѓански содружништва е несомнено она што ги разликува западните политички контексти од повеќето „нови граѓански содружништва во настанување“ во Источна Европа, Азија или суб-сахарска Африка, кои во најдобар случај ги имаат првите две карактеристики, но им недостасува автономија на јавните простори и еманципација на граѓанинот како единка од неговите клановски и семејни лојалности. Тоа е она кое го нагласува Оливие Рој во неговата оценка за постоењето на граѓанско содружништво во Централна Азија. Тој тврди: „Граѓанското содружништво претствува премин во политика, така да се каже крај на посредувањето на „органските заедници (редови, класи и тн.) помеѓу единката и политичкиот (и економскиот) поредок (Roj, 2002: 171-172).

Она што ги карактеризира чинителите на западните граѓански содружништва е тој капацитет за влијание во јавниот простор. „Во јавниот простор, барем кога е тој либерален, чинителите можат да остварат само влијание, со исклучување на секаква политичка моќ [...]. За

да генерираат политичка моќ, нивното влијание треба да се одрази во делиберацијата во институциите со демократска структура и по пат на формални резолуции да поприми форма на овластено влијание“ (Habermas, 1997: 399).

Функционирањето на јавниот простор во рамкте на модерните општества се соочува со одредени тешкотии кои би можеле да се одразат и врз виталноста на граѓанското содружништво. Ако барем теорски можеме да го сфатиме јавниот простор како арена за дискурзивни дебати помеѓу еднакви, сепак дефинирањето на консензусот во однос на „општото добро“ е проблематично: тие дискурзивни области не летаат во воздухот туку се вкоренети во општествата конституирани врз структурирани односи на моќ и превласт. Дефинирањето на тоа општо добро за што придонесуваат организациите од граѓанското содружништво во рамките на јавниот простор се наметнува во таков антагонистички контекст.

Исто така, конститутивниот плуралитет на јавните простори во рамките на демократските општества мора да се справува и со појавите на приватизација на производството и дифузијата на информациите и концентрацијата на големите групации во информатичката индустрија, како и со рекламирањето. И други фактори учествуваат во ерозијата на јавниот простор и во повлекувањето во приватното: нашите начини на живот кои се ограничени од времето и енергиите кои ги одвојуваме за да се ангажираме во таквите дебати, или, уште повеќе, со потиснување дебатите заради барање консензус заснован на најмал заеднички именител.

## ГРАЃАНИН И ПАРТИЦИПАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА

Поимот граѓанско содружништво денес се вклучува во дебатите во врска со претпоставената еволуција на политичките практики, особено во Франција. Овие дебати најпрво се фокусираат врз кризата на претставничката демократија и тежнеат кон нејзино надминување со обновување на граѓанското учество, главно на локално ниво, како и продлабочување на размислите за делиберативната демократија.

Кризата на претставничата политика првенствено се препознава како експлозија на изборната апстиненција, а особено низ протестната ап-

стиенција; поинаку речено, онаа на поединците кои едновремено покажуваат интерес за политиката и една релативна партиска блискост (односно двете третини гласачи на претседателските избори во 2002 година; Perrineau [2005]). Исто така, воочлив е и пад на политичкиот ангажман (2 % од француските избирачи членуваат во партија) и синдикалниот ангажман (8% од популацијата на активно вработени членува во синдикат) [Perrineau, 2005]), што формира една, општо земено, негативна слика за политичката класа. Само по себе, спротиставувањето на претставничката демократија не е нова појава, но привлекува внимание со нејзиното времетраење (над петнаесет години).

На политичкиот спектар, чекор по чекор, налево и надесно се појави еден консензус околу придобивките од учеството на граѓаните, „чинители" на граѓанското содружништво, како одговор на кризата на претставништвото. Точно е дека, од крајот на 1970-тите, политичкиот и законскиот контекст во Франција станаа поповолни во однос на формите на партиципативната демократија преку развој на урбаната политика и урбанистичкото планирање. Во 1977 година е воведен првиот директен упат за учество на граѓаните во елаборацијата на јавните политики, преку програмата „Живеалиште и социјален живот" која имаше за цел подобрување на квалитетот на животот во педесет урбани средини (главно лоцирани на периферијата на големите градови). Сепак, оценката за учеството на граѓаните ќе биде негативна. Законот за децентрализација од 2 март 1982 година, предвидуваше дека со закон треба да се обезбеди позначително учеството на граѓаните во локалната демократија. Требаше да се чека до 1990-тите за да се развие законска рамка за партиципативната демократија, во контекст на децентрализацијата (законот од 1992 година за територијалното уредување на Републиката). Така, рамковниот закон за градот од 1991 година укажува на потребата од претходна консултација за секоја јавна акција на градот која значително ги менува условите за живот на жителите на квартот. Законот на Барние од 1995 ја создаде „јавната дебата," обврзувајќи на консултација за сите поголеми проекти кои имаат последици врз животната средина. Законот на Војне од 1999 година, за просторно планирање и одржлив развој, ги формираше советите за развој на ниво на целата земја додека законот на Вилан од 27 февруари 2002 година ги создаде советите на квартовите во градовите со над 80.00 жители.

Денес, според Блондио може да се разликуваат три форми на граѓанско учество во управувањето со локалните јавни работи. Најпрво, ги наоѓаме собирите и консултативните совети според моделот на *town meetings* (кои Токвил ги откри при неговата посета на Америка), и соседските совети кои се уште се многу витални во САД. Тука ќе се класираат и денешните општински совети за деца или млади; советите на жители-странци; иницијативните и советодавни комитети на некоја област; советите на квартовите; советите на старешини; советодавните комитети на здруженијата... Поточно, станува збор за подигнување на механизми за консултација или за поддржување на некој урбанистички проект или за изградба на некоја инфраструктура која може да ја загрози животната средина или условите за живеење на жителите на квартот. Во најмала рака, се работи, едноставно, за тоа да се информираат и консултираат жителите на населбата. Но, овие постапки на консултација на народот може да се внесат при изработката и усвојувањето општински проекти. Конечно, среќаваме, исто така, и пооригинални демократски формули како: граѓански пороти или дискусиони анкети со кои што една група на граѓани (од дузина, во случајот на граѓанските пороти, до неколку стотици во дискусионата анкета) треба да подготви мислење кое ќе го збогати видувањето на надлежната власт.

Повеќето од овие иницијативи се иницирани и потоа надгледувани од страна на јавните власти, така што ваквиот развој на партиципативната демократија на локално ниво, на некои аналитичари им се покажува повеќе како движење од горе кон долу (top down) наспроти народните иницијативи кои се развија во 1960-тите и 1970-тите години, како што беа општинските акциони групи или народните урбанистички работилници. Ако низ спроведувањето на овие механизми делумно се пројавуваат аспирациите на некои од управуваните, тие во секој случај се покажуваат како ад хок одговори на проблеми на локалното управување. Ваквото вклучување на „чинители од теренот“ ги прави елаборираните јавни политики поефикасни и поправедни. Граѓанинот од граѓанското содружништво не е само гласач или даночен обврзник, туку тој е и социјален чинител опремен со вештини, интереси и намери кои мора да се земат предвид при усвојувањето на некој проект во врска со неговата околина со цел да се одбегнат неги-

рањата и потенцијалните блокади. Успехот на овие партиципативни формули, според Лоик Блондио укажува на суштинска промена на концепцијата за легитимитетот на политичките одлуки која преовладува во нашите општества, тој легитимитет веќе не се обезбедува само од природата на соодветниот орган на власт, туку, исто така, од постапката за консултација во која е вграден легитимитетот (Blondiaux 2004). Покрај тоа, како што е наведено претходно, при обработката на делата за социјалниот капитал, партиципацијата има значајни доблести. Да се учествува, значи да се обновува социјалната врска, да се запознае соседот, да се предпочита солидарноста. На крајот, учеството носи добро на политички план. Советите и собирите се еден вид училишта на демократијата кои на избраните, преку слушањето на нивните избирачи им нудат дополнителен легитимитет.

Сепак, овие партиципативни формули придонесуваат кон оформувањето на определен јавен став, но никогаш не добиваат друга димензија од консултативната, без директено вклучување во демократското одлучување (со исклучок на познатиот партиципативен буџет во Порто Алегре). Тие најчесто се без материјални средства и без некоја реална можност за правно дејство, препуштени на лица ангажирани со договор или за млади работници, како обезвреднети делегации во рамките на општинските совети, без вистинска политичка тежина.

Во ваквата партиципативна демократија, граѓанското содружништво се артикулира околу две клучни фигури: онаа на граѓанинот земен изолирано, единка дефинирана, пред сé, од неговото својство на жител (било да е сопственик или не) на еден кварт, село, улица, или како корисник на некоја услуга (јавен превоз, училиште, здравствениот систем...). Граѓанственоста на членовите на граѓанското содружништво која се изразува во ваквите демократски искуства е одвоена од државјанство/националноста (nationalité) (со исклучок на советите на странци) во името на принципот на универзално учество. Таквиот граѓанин има специфични компетенции (без разлика дали станува збор за здраворазумски или професионални знаења), доблести (демократот кој понекогаш се игнорира) и слабости (индивидуалист, недоволно социјализиран за демократија).

## ПАРТИЦИПАТИВНИОТ БУЏЕТ ВО ПОРТО АЛЕГРЕ

Порто Алегре, главниот град на државата Рио Гранде до Сул во Бразил, не е познат само по социјалните форуми кои таму се одржуваат редовно од 2001 година. Овој град од речиси еден и пол милиони жители е, исто така, познат по искуството со партиципативната демократија која таму се спроведува од доаѓањето на власт на *Партија на трудот* во 1989 година. Овој експеримент се спроведува на три нивоа: најпрво на микро - локално ниво, каде се свикуваат состаноци по иницијатива на граѓани кои се отворени за сите да разговараат за проекти или проблеми кои се однесуваат на некој кварт; потоа, секторски и тематски, кога на пленарки на локалните собранија се синтетизираат и се класифицираат коментарите и предлозите кои доаѓаат од локално ниво и на кои се одредуваат приоритетите во буџетските ставки. Овие собранија избираат делегати кои ќе присуствуваат на форумите каде се дискутираат инвестициски проекти за определен сектор или тема, имајќи ги в предвид приоритетите утврдени од граѓаните, за дефицитот или за спротивното, во врска со јавните услуги и опремата од јавен карактер, како и корисничките популации. Конечно, на врвот на оваа партиципативна пирамида, се наоѓа Советот за партиципативен буџет (COP), кој го утврдува општинскиот буџет, земајќи го предвид советодавниот и партиципативен процес на локално и тематско ниво. Потоа, буџетот, се усвојува од страна на извршната власт.

Иако овој експеримент се базира на принципот на универзално и директно учество (секој жител има право да интервенира во дебатите кои го засегаат управувањето со неговата животна средина), сепак и за оваа пракса се констатирани одредени ограничувања. Тешко е да се обезбеди учество на единките кои се исклучени на економски и социјален план. Исто така, се констатира дека во дебатите преовладуваат непосредните и локалните интереси на сметка на „издигањето на општиот“ и на долгорочниот интерес.

Втората фигура е таа на локалното здружение кое ги групира граѓаните според местото на живеење (местната заедница), според една тема или, пак, според одредена цел, а понекогаш и ситуационо. Во оваа партиципативна формула, локалното граѓанско содружништво значи многу. Тоа едноставно ги исклучува локалните власти (администрацијата и избраните службени лица). Граѓанското содружништво е алатка за да се направат јавните политики поефикасни и поправедни, за да се обнови социјалната врска во рамките на индивидуалистичките општества и за граѓаните да ги научат основите на демократијата.

Повеќето комитети и други локални совети не се толку нови области на директна демократија (укажуваме на застарената природа на зборот), колку нови политички можности. Во оваа смисла, ова движење промовира зголемување на бројот на нови простори за делиберација.

Ако таа денес на многумина им се чини како решение, без сомнение парцијално, на кризата на претставништвото, партиципативната демократија е се уште неизвесна. Фактот дека повеќето искуства со партиципативната демократија се засновани на принципот на универзално учество, не ја исклучува афирмацијата на принципот на претставување. Често се слуша дека мислењата кои се формулираат во таквите совети мора да бидат репрезентативни за членовите на локалното граѓанско содружништво. Но, врз која основа треба да се воспостави таа репрезентативност? Дали ждрепката или самопредлагањето, така како што тие понекогаш се практикуваат, ја гарантираат репрезентативноста на сите мислења кои постојат во општеството? Освен тоа, како да се осигура дека овие иницијативи на локално ниво ќе придонесат за развој на една сеопфатна политичка визија и да се избегнат шовинистичките или корпоративистичките рефлекси? Дали овие процеси на делиберација и учество не се социјално селективни и релативно несоодветни за одредени сегменти од населението кои веќе заостануваат во однос на политичкиот систем? На крајот, делумно одговарајќи на загриженоста за подобрување на управувањето со јавните политики, дали овие искуства не се место за поттикнување контроверзии и за политичка борба или обид за постигнување на консензус? До која мера овие информативни постапки, слушањето, консултирањето на жители на некој кварт кој се реновира или на редовните корисници на едно јавно превозно претпријатие, сите заедно можат да ги земат предвид разликите во мислењето, особено *vis-à-vis* чинителите и институциите кои се во коренот на овие практики?

# V. ГРАЃАНСКОТО СОДРУЖНИШТВО ВО ПОЛИТИКАТА НА РАЗВОЈОТ

На крајот од овој милениум се појави една нова интернационална рамка за помошта за равој, артикулирана околу глобалните цели насочени, пред се, кон намалување на сиромаштијата во светот. Точно е дека во 2001 година, 1.2 милијарди лица живееја со помалку од еден долар на ден и дека повеќе од 2,8 милијарди живееја со два долара на ден (UNDP, 2002). Паралелно со тоа, добија предност новите инструменти, какви што се буџетската помош и секторскиот пристап (види понатаму) на сметка на помошта преку проекти. Стеснувајќи го прашањето за развојот на прашање на борба против сиромаштијата, новите стратегии за интернационалната помош се обидуваат да ја разционализираат помошта по пат на воспоставување заеднички фондови за финансирањето на оние сектори кои се оценети како приоритетни. Секако, таа нова рамка настојува да организира нови односи помеѓу институциите на развојот, локалните влади и организациите на граѓанското содружништво, во името на еден „партиципативен" развој. Така, земјите во развој би можеле да навлезат во ера на ко-владеење или споделено владеење (Ackerman, 2004).

## ДРЖАВАТА, МОТОР НА МОДЕРНИЗАЦИЈАТА

Развојот, таков каков што се сфаќа денес ги влече своите корени од неуспехот на теориите и политиките за развојот од 1950-ите, 1960-ите и 1970-ите години. Има настојување тој да се поистовети со она што Гишу и Гусо (Guichaoua et Goussault, 1993) го нарекуваат „комплекс на развивач", што ќе рече, оној (комплет) од национални и интернационални агенции и НВО (интернационални или локални) кои се одговорни за дефинирањето, спроведувањето и управувањето со развојните проекти и протоците на финансиската помош.

Во текот на трите децении по Втората светска војна, поимот граѓанско содружништво беше отсутен од размислувањата во врска со патиштата на модерноста кои земјите од третиот свет (терминот е создаден од демографот Алфред Сови во една колумна во *L'Observateur* во 1952) требаше да ги прифатат. Требаше да се причекаат 1980-тите години и

секако 1990-тите за овој поим да почне да се појавува редовно во внатрешните дебати за комплексот на развивачот (особено благодарение на конференцијата од Рио за Земјата од 1992). Во златните *шеесетти*, „развитокот“ и „модернизацијата“ се заменливи термини, а почетниот имплус на оваа модернизација е нешто што во неразвиените општества доаѓа однадвор. Се очекуваше дека потоа определени внатрешни сили регрупирани околу државата ќе го продолжат процесот. Модернизацијата е работа на локалните елити чии што активности, преку филтрација, треба да обезбедат придобивки за целокупната неактивна популација.

Овие теории за модернизацијата поаѓаат од два постулати. Прво, забрзаниот раст на производните сили треба да се постигне преку диверзификација на производството и, во оригиналната теориска варијанта, барем, преку индустријализација. Второ, државата треба да задржи главна улога во контролата на процесот на економски раст. Повеќето независни држави наследија тежок административен апарат кој ќе им овозможи да го спроведуваат процесот на модернизација започнат, наводно во колонијалната ера. Токму врз основа на ова колонијално наследство и на верувањата на развивачите во доблестите на државната интервенција, според зборовите на Џ.Ф. Бајар (Bayart, 1983), во, т.н. земји во развој, државата ќе се конструира *против* општеството. Сепак, периодот на независност во многу земји од Југот покажа постоење на мноштво организации со различни цели (од селски заемнопомошти, фолклорни организации до – квази – политички и културни организации). Така, политикологот К. Јунд подвлекува дека „ако граѓанското содружништво можеме да го дефинираме со неговиот содружнички живот, тогаш би можело да се укаже дека деколонизацијата беше неговата златна ера“ (Young, 1994: 38). Токму ваквото граѓанско содружништво, делумно изградено од колонијалната управа и од метрополската држава, во некои земји ги роди националистичките барања во периодот на деколонизацијата.

Во тој период не среќаваме интерес за граѓанското содружништво во алтернативните визии и критики на западниот модел на модернизација. Во текот на студената војна, советскиот модел споделуваше две клучни идеи со либералниот модел. Најпрво, тоа е идејата дека економскиот развој оди преку развојот на производните сили, а потоа,

дека верувањата и старите традиции треба да се заменат со владеење на разумот. Критичките и реформистичките модернизациски теории (вклучувајќи ја и струјата наречена латино-американски “зависничари” кои укажуваа на економската зависност на земјите од Југот во однос на земјите од Северот) не беа заинтересирани за придобивките од граѓанското содружништво. Тие ја осудуваа блискоста меѓу владејачките елити од Југот со оние од големите империјалистички сили, но тоа повеќе беше со цел да се воздигне доблеста на еден оттуѓен народ отколку да се нагласат капацитетите за контра моќ на едно автономно граѓанско содружништво.

## КРИЗА НА ДРЖАВИТЕ РАЗВИВАЧКИ И КРИЗА НА РАЗВИТОКОТ

Оваа првична етатистичка концепција за развојот ќе се соочи со предизвици во 1970-тите и 1980-тите години, со распадот на единството на земјите од третиот свет, не само како цел, туку и како политички проект (на „неврзаните“). Се прави разлика помеѓу она што сега се нарекува НРЗ (најмалку развиени земји) и НИЗ ( ново индустријализирани земји). Што уште имаат заедничко, денес, Бенин и Чиле? Буркина Фасо и Сингапур? Неуспехот на теориите на зависноста само го истакнува малаксувањето на државите и на националните популистички движења во Латинска Америка, започнато со доаѓањето на власт на воениот режим и завршено со неолибералниот бран (Робинсон, 1996).

Во рамките на агенциите на ОН, кон крајот на 1960-тите следуваат извештаи (меѓу другите: извештајот на Jackson од 1968, извештајот на Prebisch и на Pearson од 1969) кои го регистрираат неуспехот на развојот: дебаклот на политиките за трансфер на технологија и на асистенцијата на агенциите за помош и развој, раст на долгот, проширување на јазот меѓу развиените и неразвиените земји. Исто така, се забележува осека на кеинезијанските терории и интервенционистичките политики, а пораст на неолибералниот бран кој ги преплави британската и американската администрација (крајот на 1979).

Профитирајќи од неуспехот на критичките теории за модернизацијата кои причините за недоволниот развој ги лоцираа делумно надвор од овие земји, неолиберализмот се обнови со теориите кои причините

за неразвиеноста ги наоѓаа во присуството на пречки во рамките на самите општества во развој. Пречката веќе не се нарекува нужно „традиција“, туку дисфункционалности на државата во земјите во развој (Peemans, 1997). Се нагласува (нео)патримонијализмот, покровителството, рентиерската културата која го гангренизира државниот апарат и која го попречува развојот во земјата за која станува збор. Кризата не произлегува просто само од големината на јавната администрација (најчесто нарекувана надуена), туку, исто така, и од неспособноста на повеќето земји (особено во Африка) да остварат правни, политички и економски услови за акумулација на капиталот (Sandbrook, 1987).

Економска криза, кризата на развојот и „идеолошката“ или „ академска“ криза се испреплетуваат создавајќи го „мисионерскиот катехизам“ (Hibou, 1998) на Бретон Вудс институциите од 1980-тите и 1990-тите, инаку наречен „вашингтонски консензус“, според изразот употребен од економистот Џ. Вилијамсон во 1989 година. Основните принципи на вашингтонскиот консензус (антиинфлаторна монетарна политика, приватизација на национализираните сектори, либерализација на локалните пазари и постојана потрага по конкурентност на глобалниот пазар преку зајакнување на компаративните предности) се насочени кон повлекување на државата и, по системот на сврзани комуникациски садови, кон истакнување на важноста на алтернативните економски, социјални и политички оператори. Реформата на таа корумпирана и неефикасна држава ќе биде полесна доколку земјите во развој се наоѓаат во економската криза соочени со драматични долгови и доколку, на највисоко ниво на нивните јавни администрации седат алумни на Светската банка или на ММФ (Dezalay и Гарт, 2002).

Во 1980-ите години, се забележува почетокот на новиот интерес за други социјални сили, за други чинители на развојот. Во академската средина, со постразвојната струја (Badie, 1994), политиката повеќе не се ограничува само на државата, не се чита само „од горе“ туку, исто така, и „одоздола“ (*cf.* делата на Истражувачкиот центар за Црна Африка, во Бордо), и стана соодветно да се биде внимателен во поглед на популарните начини на политичко дејствување кои ја копираат (дури и делумно) ендогенизацијата на една увезена држава (Bayard, 1989). Во тоа време, терминот „граѓанско содружништво“ е прилично позитив-

но прифатен од страна на политиколози африканисти, дури и од оние (вклучувајќи го и Chabal 1986) кои неколку години подоцна ќе искажат најголема недоверба *vis-à-vis* тој поим.

Згора на тоа, 1980-ите беа период на голема афирмација на НВО-ции во гала концертот на интернационалната помош. Нивната афирмација во „комплексот на развивачот" ќе биде многу видлива во 1990-тите благодарение на два нови „концепти" кои се појавија во таа „финансиска деценија" од 1980-тите: (доброто) владеење и граѓанското содружништво.

*Од добро управување во коуправување*

На барањето за „помалку држава" на конзервативистичката револуција од 1980-тите години, доброто управување одговара со волја за воспоставување „најдобра држава", што ќе рече, поефикасна и порационална.

Поимот управување се појави како еден нов аватар на неолибералниот развој. Кон економското прилагодување се додава политичко прилагодување (на Sernaclens, 1998). Некогаш ова значи децентрализација на донесувањето одлуки и вредување и легитимирање на интервенциите на новите социјални чинители од приватната сфера, невладиниот сектор, во управувањето со економскиот и социјалниот развој.

Новиот однос меѓу државата и граѓанското содружништво кој се најави со појавувањето на темата „добро управување" вклучува една фундаментална двосмисленост. Тој подразбира губење на монополот на државата врз функциите на наредување и политичка арбитража. Оваа стратегија на политичко прилагодување се применува во земјите каде што востановувањето на таквиот монопол на држава беше, само по себе, проблематично. Зајакнувањето на народот и особено на најсиромашните делови од населението, може да остава впечаток, барем на ниво на дискурс, за учество во процесот на демократизација на политичките режими на Југот и Истокот. Килнани соодветно ја сумира идеолошката инвестиција во поимот граѓанско содружништво од раните 1990-ти, во контекст на доброто управување: „Граѓанското содружништво, во очите на оние кои него го промовираат, ја претставува желбата да му се вратат на општеството неговата економска и со-

цијална моќ или моќта на изразување кои ги узурпирала државата" (Khilnani, 2001: 38). Некои не пропуштија да ја издигнат хипотезата за „приватизација на државата" (Hibou, 1999). Граѓанското содружништво стана незаменлив запчаник на политиката на развој, таква каква што е дизајнирана и оркестрирана од страна на интернационалниот комплекс-развивач, во услови на редефинирање на улогата на државата. Тој запчаник станува толку неопходен колку што државните приходи, во овој посебен контекст, се намалуваат, а со тоа ослабуваат и капацитетите за подржување на клиентелистичките мрежи од кои профитираа постколонијалните сили. Граѓанското содружништво зазема важно место меѓу, од една страна, економскиот развој (либерализацијата на пазарот) и, на друга страна, политичкиот развој (особено либерализацијата на авторитарните режими во текот на 1980-ите и 1990-ите години). На дневен ред повторно се наметна равенството меѓу модернизирачките политики (преку слободно функционирање на пазарот) и консолидирањето на демократските режими (или поточно олигархии) [Badie, 1994]. „Смалувањето на државните активности, согласно на плановите за структурално прилагодување требаше, логично, да води кон едно граѓанско содружништво кое ќе биде способно да ја ограничи моќта на државата и да обезбеди база за либералните политики и демократијата" (Abrahamsen, 1996: 15-161)

*Демократизација на развојот, развој на демократијата*

Најпрво, граѓанското содружништво се согледува како поддршка на развојот на пазарната економија. Се формулираат две визии за поврзаноста меѓу економскиот и политичкиот развој. Првата ја нагласува важноста на новата бизнис класа, а не повеќе на државата, како агент како на економскиот раст така и на политичкиот развој. Значи, економската либерализација е таа која доведува до појава на нови социјални сили на пазарот. Чекор по чекор, се формира новата буржоазија, автономна во однос на државата, и се обидува да се издигне во алтернативен политички чинител, со цел да ги заштити своите интереси. Притоа, таа турка кон демократизација равивајќи еден полиархичен режим. Во оваа визија, граѓанското содружништво се согледува од аголот на новите мали и средни претпријатија (МСП), приватизираните претпријатија итн. (Abrahamsen, 1996). Историјата учи дека, сепак, појавата на новата буржоазија родена во еден слободен пазар не е

гаранција дека демократизацијата е обезбедена. Една друга визија ја нагласува појавата на многу здруженија кои ја сочинуваат основата на едно активно граѓанство, артикулирано и добро информирано, способно да ја ограничи моќта на државата и да формулира алтернативни политики (Monga, 1994). Братон (1994). Таа во овој аспект се приближува до тезата на Патнам, во таквите доброволни здруженија гледа место за вежбање на демократија на пониско скалило. Во овој втор пристап, фокусот се става врз она што би можело да се нарече демократизација на развојот (Pirotte, 2002), односно процес кој ги поттикнува луѓето да учествуваат во тековното управување со проектите и програмите кои ги тангираат нив. Во овој контекст, организациите на граѓанското содружништво стануваат нови развојни брокери (Bierschenk Chauveau и Olivier de Sardan, 2000).

Вреднувањето на граѓанското содружништво не е ограничено само на економскиот аспект. Тоа, исто така, се однесува и на политичката страна на стратегиите за развојната помош. Европската комисија денес инсистира на вклученост и соработката на граѓанското содружништво во развојните проекти како неопходност за да можат земјите партнери да ги усвојат своите стратегии за борба против сиромаштијата. Во својата декларација од април 2001 година, *Комисијата* го додава следново за улогата на граѓанското содружништво: „Партиципација од најшироки можни размери на сите сектори е од суштинско значење, не само за создавање на неопходните услови за зајакнување на демократското ткиво на една земја, туку и за подобрување на интеграцијата на сиромашните популации“ (Европската комисија, 2001: 15).

Повлекувањето на државата може, исто така, да доведе до приклонување кон инфра- политички групи и идентитети. Наводната природна врска помеѓу функционирањето на граѓанското содружништво и зајакнувањето на демократијата се покажува навистина упростувачка.

## ШЕСТТЕ ПРИЧИНИ ЗА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКОТО СОДРУЖНИШТВО

Американскиот политиколог Лари Дајмонд препознава шест причини за поддршка на појавувањето на граѓанското содружништво во контекст на политичката транзиција и економските реформи:

- Граѓанското содружништво е резервоар на политички, економски, културни и морални ресурси за контрола на моќта на државата;
- Разнообразноста на граѓанското содружништво гарантира дека државата нема да е во рацете на една мала привилеграна група;
- Порастот на содружничкиот живот ја дополнува работата на политичките партии во поттикнувањето на политичката партиципација (...);
- Граѓанското содружништво би можело да ја стабилизира државата бидејќи граѓаните имаат поголем интерес за одржување на општествениот поредок. Покрај тоа што граѓанското содружништво може да ги зголеми барањата кон дражвата, тоа исто така може да ги зголеми капацитетите за подобрување на нивната сопствена благосостојба;
- Граѓанското содружништво е местото за регрутирање на нови политичи лидери;
- Граѓанското содружништво му се опира на авторитаризмот." (извор Diamond 1991: 7-11)

Покрај тоа, некои граѓански ангажмани некогаш произведуваат многу недемократски резултати (Roniger, 1994; Bermeo et Nord, 2000). Некои мали групи граѓани со значајни ресурси и со привилегиран пристап до донесувањето одлуки може да ги наметнат своите засебни интереси на политичката агенда за сметка на интересот на мнозинството (Armony, 2004). Исто така, вклучувањето на граѓаните во граѓанското содружништво може да има за последица пораст на социјалните разлики, пренагласување на засебните идентитети, спроведување јавни политики кои ги продлабочуваат поделбите во едно општество (Skocpol et Fiorina, 1999). Така, како и во претходниот случај, може да се заклучи дека граѓанското содружништво не нуди *a priori* никаква гаранција за демократијата.

## ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО СОДРУЖНИШТВО ВО СРЦЕТО НА РАЗВОЈОТ

По крајот на колонијализмот, надвладеа „митот за државата“. Како голем уредувач на независните општества, таа беше насочена да ги задоволува потребите на граѓаните. Овој мит ќе се споделува речеси две децении, се до 1980-тите години, откога улогата на државата ќе премине на пазарот и на „приватниот сектор“ како претпоставени одговори на очекувањата на потрошувачите (Carbone, 2003). По падот на Берлинскиот ѕид, митот за пазарот се интегрира со тој за граѓанското содружништво и ја менува новата политичка агенда на разојот.

*Милениумските цели*

Од шести до осми септември 2000 година во Њујорк, се одржа 55-то собрание на Обединетите Нации, подобро познато како Милениумскиот самит. На тој самит ќе се родат т.н. милениумски развојни цели (МРЦ) со кои приступтните 191 шефови на држави се обврзаа да ја искоренат сиромаштијата од лицето на земјата до 2015 година. Подетално, овие цели предвидуваа намалување за 50% на екстремната сиромаштија и на гладот, основно образование за сите, промовирање на еднаквост меѓу половите и осамостојување на жените, намалување на смртноста кај новороденчињата за две третини и на смртноста кај родилките за три четвртини. Потписниците, исто така, се обврзаа да го сопрат ширењето на сидата и маларијата, да обезбедат еколошки одржлив развој и конечно да установат глобално партнерство за развојот. Амбициозна програма која некои ја исмеваа заради недостаток на реализам, но, сепак, Милениумските развојни цели ќе обезбедат нова глобална рамка (парадигма?) за развојната помош во која организациите од граѓанското содружниште од Северот и уште подиректно од Југот се повикуваа на соработка. Осмата од Милениумските развојни цели, која се однесува на глобалното партнерство во борбата против сиромаштијата, навести дека за да им парираат на земјите од Северот, од кои се бара да водат една подарежлива политика на помош и да придонесат да се намали товарот на долгот, земјите во развој треба да усвојат подобро управување со јавните финансии, да се обврзат на добро управување, да учествуваат во воспоставувањето на отворен систем на трговија, врз основа на предвидливи и недискриминаторски правила. Конечно, со

оглед на амбициозните цели на оваа нова рамка, треба да се мобилизираат сите сили (приватни економски оператори, граѓанското содружништво) кои придонесуваат локално за остварувањето на овие цели. Во овој поглед, точката 20 од Декларацијата вели: „Ние , исто така, решивме [...] да изградиме силни партнерства со приватниот сектор и со граѓанското содружништво со цел да се промовира развојот и да се искорени сиромаштија" (ОН, 2000, достапно на веб-сајтот www.un.org /french/). Точката 30 потврдува: "Следствено на тоа, ние решивме [...] да му дадеме можност на приватниот сектор и на граѓанското содружништво во целина, да го дадат својот придонес кон целите и програмите на Организацијата" [ОН , 2000, достапни на веб www.un.org/french/]. Ваквиот партиципативен развој значи ги вклучува организациите од граѓанското содружништво како посредници и бранители (во функција на застапници) на сиромашните популации кон кои целат современите програми за помош. Оваа улога се остварува на три нивоа на развојната пракса: во елаборацијата на националните програми и јавните политики, во спроведувањето и следењето на спроведувањето на овие политики и во нивната евалуација .

*Стратешките документи за намалување на сиромаштијата (СДНС) и спогодбата од Котону*

Токму во оваа рамка на развојната помош се впишуваат и други иницијативи на ОН, како што се Стратешките документи за намалување на сиромаштијата на Светска банка и Меѓународниот монетарен фонд. Кон крајот на 1990-те, двете најважните организации за кредитирање на развојната помош ќе одлучат да го стават на дневен ред моделот на план за структурно прилагодување (ПСП), кој се употребува од почетокот на 1980-тите. Ако ПСП беа отфрлани (понекогаш на локално ниво, многу насилно) поради нивните социјални и економски последици, вниманието на банкарите од Вашингтон го привлече секако постојаната критика на глобалниот модел на раст кој не ги зема предвид реалностите и желбите на локалното население. Оттука, намерата ќе биде да се променат политиките за помош на овие институции во насока на нивно пренасочување кон поддршка на национални и партиципативни процеси (водени од страна на соодветните влади), повикувајќи ги и организациите на граѓанското содружништво. СДНС се подготвени од страна на владите во земјите со ниски приходи преку

еден партиципативен процес кој ги вклучува активните локални сили (приватниот сектор, организациите од граѓанското содружништво...) и развојните агенции (вклучувајќи ги ММФ и Светската банка). СДНС значи ги дефинира макроекономските, структурните и социјалните политики и програми кои земјата ќе треба да ги спроведува во текот на повеќе години, со цел да се намали сиромаштијата и да се поттикне економскиот раст. Овој документ треба да ги изрази потребите од надворешно финансирање и изворите на пропратното финансирање

СДНС, кои до крајот на 2005 година беа усвоени во четириесет и пет земји, исто така, вклучуваат и промена во методологијата и инструментите за спроведување на помошта. Тие, најпрво, насочуваат кон рационализирање на помошта со давање предност на буџетската помош за макроекономската поддршка на земјата во развој и подобрување на ефикасноста на нејзините институции, јавните политики и процесите на управување. Тоа значи, исто така, концентрирање на фондовите за меѓународната помош, со употреба на секторски пристапи според кои владите, развојните агенции и организациите од граѓанското содружништво се согласуваат за финансирање на некоја секторска политика и некоја програма со соодветни трошоци (на пример во образованието, здравството ...). Ефектот од овој секторски пристап, особено во секторот на граѓанското содружништво, се согледува преку градењето коалиции од здруженија (главно НВО-ции) кои најчесто настојуваат да се пласираат како консултативни тела и секако како тела за контрола на јавните политики.

## СЕКТОРСКИТЕ КОАЛИЦИИ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ОД ГРАЃАНСКОТО СОДРУЖНИШТВО

Малави, мала земја во Источна Африка со 10 милиони жители, го започна процесот за СДНС во 2001 година. Ако првата слика беше повеќе од заматена (просечен раст од 1,2 % во однос очекуваниот од 7%), секторските политики понудија нов поттик за инвестициони програми во областа на здравството, образованието и земјоделството. Се направија различни коалиции на НВО-ции за учество во процесите за консултација и надгледување на расходите, како и резултатите остварени од Владата во овој сектор. Граѓанската Коалицијата за квалитетно основно образование (CSCQBE) групира, од 2002 година, дваесет и три НВО-ции кои работат во образовниот сектор. Нејзината главна активност беше да ги анализира средствата во годиш-

ниот буџет наменети за настава и да ги надгледува промените во овој сектор (стапката на запишување и на осипување, соодносот наставници/ученици, итн.). Малависката мрежа за здравствена еднаквост (MHEN), уште една коалиција на НВО-ции формирана во исто време, ја контрола достапноста на лековите во регионалните болници, бројот на обучени здравствени работници достапноста на финансиски средства за нивните плати. Граѓанската содружничка земјоделска мрежа (CISANET) го следи буџетот за земјоделството наменат за приоритети трошоци за потребите на сиромаштијата. Малависката мрежа за економска правда (MEJN) се состои од дваесет и седум НВО-ции со цел да надгледува дали економските и социјалните политики и стратегии на владата се поволни за сиромашните (Giffen, 2005).

Иако граѓанското содружништво е повикано да игра одредена улога во новите развојни програми, таа сè уште не е прецизно дефинирана. ММФ и Светската банка прецизираат дека „елаборацијата на една развојна стратегија од страна на владата може да создаде соодветна рамка за подобрувања на координацијата на активностите на Светската банка и ММФ, како и на регионалните банки за развој и другите мултилатерални тела, билатерални агенции за помош, НВО-ции, универзитетски институции, тинк-тенкови и организациите од приватниот сектор“ (ММФ 1999: 5). Оттука, по принцип на елиминација, можеме да заклучиме дека „граѓанското содружништво“ се однесува на последните четири типови чинители. Но, ако природата на чинителите кои го сочинуваат тоа „партнерско“ граѓанско содружништво во плановите за борба против сиромаштијата е многу широка, сепак се констатира дека Светската банка и ММФ малку подобро ги дефинираат контурите на улогите на различните чинители. Ако е јасно дека локалната влада ја држи во раце елаборацијата и спроведувањето на плановите за борба против сиромаштијата, граѓанското содружништво, според примерот на Светската банка и на ММФ, е сеприсутен партнер, не само во подготовката на плановите, туку, исто така, и во нивното следење и оценување. Активноста на граѓанското содружништво се согледува како клучен фактор за да се направи владата одговорна.

Вакво проширување на овластувањата на организациите од граѓанското содружништво во рамките на партнерството со националните влади (или локалните ако станува збор за децентрализирани средини), а со цел поефикасно управување со развојните програми и проекти, не

е карактерситично само за инситуциите на Обединетите нации. Друг важен пример е развојот на односите меѓу Европската унија и земјите од Југот кои што претставуваат продолжение на оваа нова „парадигма“. Спогодбата од Котону беше потпишан во јуни 2000 година меѓу членовите на групата Афрички држави (четириесет и осум држави), Карибите (петнаесет држави) и Пацификот (четиринаесет држави) заедно именувани како АКП, и петнаесетте земји-членки (во тоа време) на Европската унија. Тој си поставува две главни цели: прво, да се олесни постепената интеграција на АКП земјите во светската економија (во согласност со барањата на Светската трговска организација); од друга страна, нешто што е многу популарно меѓу главните донатори на разавојната помош, е целта да се редуцира, односно да се искорени сиромаштијата со почитување на принципите на одржливиот развој, што воедно е посакувана цел и од страна на Европската унија. Предложените средства за искоренување на сиромаштијата во светот се идентични во Брисел и во Вашингтон и се сведуваат на истиот тој партиципативен пристап кој значи вклучување во управувањето и на други развојни чинители, покрај локалните јавни власти. Член 2 од договорот од Котону го штити тој принцип на учество според кој „покрај државата како главен партнер, партнерството е отворено за различни типови други чинители, со цел да се промовира учеството на сите слоеви од општеството, приватниот сектор и организациите од граѓанското содружништво во политичкиот, економскиот и социјалниот живот“ (Спогодбата од Котону , глава 1, чл. 2).

## ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПАРТИЦИПАТИВНИОТ РАЗВОЈ

Во некои земји во развој, некои сосема млади граѓански содружништва (овде упатуваме на содружничките сектори кои се појавија во контекст на неодамнешната демократска транзиција) станаа миленичиња на современиот менаџмент на развојот. Инсистирањето за партиципативен пристап доведе до еден нов концепт, оној за *сопственоста*, што ќе рече за „присвојување од страна на земјите-партнери на нивни сопствени стратегии (за развој)“ (Европската комисија, 2000: 6) кој е претставен како клуч за успехот на тековните политики .

Наспротив сите разновидни димензии на современата неразвиеност, се дава еден единствен лек: учество на сите, особено на најсиромашните во економскиот и политичкиот развој. Сепак, постојано се подвелкуваат нејаснотиите во воспоставувањето вистински партиципативни процеси. „Партиципацијата обично се гледа како важна само тогаш кога тоа овозможува да се намалат трошоците и одговорностите на владата. Таа наеднаш станува 'практична' и 'атрактивна' тогаш кога владите можат да го префрлат извршувањето на услугите врз невладините организации и врз групи во заедницата или да го убедат месното население да обезбеди доброволна работа или материјали. Директното вклучување на граѓани и социјални групи во суштинските функции на власта останува исклучително ретко"(Ackerman, 2004: 447-448)

Оценките во однос на реалноста на партиципативниот процес, во контекст на оваа нова парадигма на развојната помош, се поделени. За некои, учеството е божемно, СДНС во нивниот краен исход се покажуваат само како маркетинг кампања на Светската банка и ММФ кои ним им овозможуваат со нова терминологија да ја остварат истата агенда, започната со ПСП. Студиите (вклучувајќи ги и оние финансирани од страна на самата Светска банка) за партиципацијата во рамките на процесот на СДНС даваат умерени констатации. Вагле (Waglé et al. 2002) укажува на многубројните критики: ограничувања на информациите и консултациите само на засегнатите страни во главниот град, доминацијата на министерствата за финансии и на програмирањето во насочувањето на СДНС, слаба интеграција на некои невладини организации (особено на здруженијата на жени).

Иако партиципативниот процес не е совршен, тој сепак отвора нови можности за влијание на локалните и интернационалните организации од граѓанското содружништво врз политиката на развојот. Но, А. Фрејзер забележува значителен баласт кој се поврзува со репрезентативноста на групите кои партиципираат во еден многу технократски процес: „Може да се рече дека СДНС беа дизајнирани од страна на, но ѝ, за групите кои се способни да ги изразат своите проекти во форма на плански модел и дискурс проблемски насочен кон сиромаштијата. Таквите групи се многу ретки, а уште поретки се оние кои ризикуваат да започнат нови национални социјални процеси во земјите во развој.

Оттука, неизбежно, СДНС не успеваат да покажат интерес за идентитетите и приоритетите кои вистински преовладуваат во граѓанското содружништво“ (Frasier, 2005: 12)

Во случајот на сиромашните, но демократски општества од Југот, не е јасно зошто зајакнувањето на развивачката улога на приватните оператори - чиј легитимитет е најчесто базиран на самопрогласување на нивната сопствена репрезентативност, наспроти некоја влада произлезена од гласачката кутија - претставува реален демократски напредок. Во случај на диктаторските режими, оспорувањето на авторитарната држава од страна на некои организации од граѓанското содружништво не гарантира легитимност на агентите на развојот, ниту политичка и социјална репрезентативност на овие организации. Постои голема опасност да им се припишат демократски или развојни вредности на организации од граѓанското содружништво со многу променливи аспирации, со различни мобилизациски капацитети и различна ефикасност (Richmond, 2003).

Од друга страна, шемите за партиципативен развој на Светската банка и ММФ, како и на Европската унија се засноваат на радикална разлика (не на спротивност) меѓу државните и не-државните оператори на развојот на трите нивоа на интервенција (дефинирање, спроведување и оценување). Спогодбата од Котону, на пример, претпоставува дека може јасно да се препознаат чинителите кои и припаѓаат на државата и оние на исклучително широкиот недржавен сектор (Членот 6 од Спогодбата од Котону ги третира „недржавните чинители“, односно „организациите од граѓанското содружништво“). Според тоа, границите меѓу приватното и јавното мора да бидат јасно одредени. Сепак, особено во Африка (која опфаќа две третини од земјите на АКП кои се вклучени во Спогодбата), секојдневно воочливите ситуации на преклопување помеѓу положбите кои единките ги заземаат истовремено на економското, политичкото и содружничкото поле, ја прават едноставно нефункционална оваа поделба која е суштинска за правилно функционирање на ваквите нови партнерства.

Конечно, брзо се појавува опасност и во процесот на селекција на „недржавните чинители“ во локалните средини. Голем е ризикот партиципацијата од оваа нова парадигма за развојот да се ограничи на

здруженијата кои веќе се добро поставени и признати од страна на владата и донаторите. Да не заборавиме дека овие последните (донаторите), во текот на 1990-тите години, развија политики на зајакнување (empowerment) на една ограничена фракција од новиот НВО сектор. Не би било изненадувачки да се види дека ваквите партнерства функционираат во изолација, дека, во крајна линија, сопственоста врз развојните програми и борбата против сиромаштијата се однесува само на ограничен број на чинители, секогаш истите: образованите поединци, претежно урбани и поврзани, како со јавните власти, така и со „граѓанското содружништво" и со интернационалните донатори. На кратко, не би било зачудувачки ако се констатира, преку сведоштвото на овој партиципативен развој, дека се зајакнуваат доминантните положби стекнати или повторно преземени од страна на елитните чинители кои во периодот на т.н. „транзиција" во 1990-тите години, успеале да ги мултиплицираат пристапите до ресурсите непходни за одржување на нивната хегемонија (било преку создавањето на една НВО, било преку одржување или подобрување на својата положба во државниот апарат, било преку преземање на економските активности, повеќе или помалку формални и повеќе или помалку легални).

Можно е, исто така, кланската логика и управувањето со долгот на заедницата (Marrie, 1999) да допуштат одредена прераспределба на еден дел од овие ресурси кон други „недржавни" чинители кои биле запоставени на почетокот од процесот на партиципативен развој. Ова е, се чини, реален услов за усвојувањето на новиот меѓународен развоен поредок од страна на осиромашените популации од Југот кои требаше да бидат значителен дел од корисничката популација, мобилизирана во функција на тој партиципативен развој. Да се надеваме дека, ни обесхрабрувањето, ни цинизмот, ни ефектите од тој тренд во меѓувреме не ја завршиле својата работа.

# VI. КОН ЕДНО ГЛОБАЛНО ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО

Денес многу се зборува за *интернационално*, *светско* па и за *глобално* граѓанско содружништво. Посткомунистички, постиндустриски, постматеријалистички, постмодерни, нашите општества денес, повеќе од кога било, се подредени на диктатот на *глобалните економски играчи*, во свет кој новите технологии и средства за комуникација, се повеќе и повеќе, го сведуваат на големината на едно село. Националната сцена ќе се празни од својата смисла, од нејзината кохерентност како и од своето значење, а во полза на една интернационална сцена чија што регулација не се одвива безболно. На глобалниот пазар како и на интернационалната заедница ќе им одговара едно интернационално граѓанско содружништво, „сфатено како еден медиум преку кој се конституира еден збир од глобални правила и една рамка за глобално менаџирање на бизнисите (економски). Со тоа се поврзува и идејата за ерозија на концептот за суверенитетот, идеја дека државата се повеќе станува предмет на глобални правила врз кои граѓаните на соодветните држави, во принцип, може да влијаат се помалку“ (Kaldor, 2003: 194)

Да се постави прашањето за постоењето на интернационално или глобално граѓанско содружништво е сосема соодветно ако при тоа се потпираме врз социјалните употреби на овој поим, како во медиумите, така и во поголемиот број од современите граѓански акции. Темата пак за едно интернационално граѓанското содружништво не е нова, за што сведочеше размислувањето за ова прашање од страна на Имануел Кант во XVIII век, со едно делумно поинакво значење.

## КОСМОПОЛИТСКОТО ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО НА ИМАНУЕЛ КАНТ

**„**Најголемиот проблем за човечкиот род, оној кој што самата природа го принудува човекот да го реши, е воспоставувањето на едно цивилизирано општество каде законот важи за сите. Бидејќи единствено во општеството, и тоа токму такво кое на своите членови им овозможува голема слобода, а со тоа и еден општ антагонизам меѓу своите членови и кое сепак на еден многу строг начин ги поставува и заштитува границите на таа слобода за да може таа да биде одржлива во името на слободата на другите; бидејќи највисокиот идеал на природата сака самото човештво

да го оствари својот идеал токму во такво општетство, како сите цели на својот пат; затоа е потребно едно општесто во кое, со надворешни закони, слободата ќе биде поврзана со силна врска со една неоспорлива моќ, што ќе рече дека еден совршено праведен граѓански устав ја исполнува врховната задача на природата за човечкиот вид. [...]. Целокупната култура, секоја уметност која го краси човештвото, најубавиот општествен поредок, сите тие се плодови на несоцијабилноста која самата себеси се принудува на дисциплина за на тој начин преку оваа изнудена уметност, да ги развие целосно семињата на природата [...]. Овој проблем е најтешкиот и, исто така, проблем кој човечкиот род го реши најдоца. Тешкотијата [...] е следна: Човекот е животно кое, поради тоа што живее со други членови на својот род, има потреба од господар. Бидејќи тој сигурно ја злоупотребува својата слобода во однос на сличните на него [...]. Затоа нему му е потребен господар кој ќе ја скрши таа негова засебна волја и него ќе го принуди да почитува една универзално важечка волја; со што секој ќе може да биде слободен [...]. Но, врховниот шеф треба да биде и самиот праведен, а сепак да е човек. Затоа оваа задача е најтешката од сите, а совршено решение за неа не е можно [...]. Проблемот на создавањето на еден совршен граѓански устав зависи од проблемот на воспоставувањето на закони со кои ќе се уредат надворешните односи на државите и не може да се реши без тоа. Која е целта да се работи на изработката на еден граѓански устав уреден со законите меѓу поединците, односно на организирањето на една заедница? Бидејќи истата таа несоцијабилност која го принудува човекот на оваа задача, повторно е причина поради што секоја заедница бара докази во надворешните односи меѓу држава со друга држава во однос на неограничената слобода (....). Преку војни, преку екстремни тензии кои бараат неуморни подготовки, преку очајот кој произлегува од неа и од кој, во крајна линија, секоја држава мора внатрешно да страда, дури и во време на целосен мир, го поттикнува секого да ја напушти состојбата на диво беззаконие и да влезе во едно општетство на нации [...] . Оттука, потребно е да се воспостави една космополитска состојба на јавна сигурност помеѓу државите, која не ја елиминира секоја опасност за човештвото да не се успие, но која веќе нема да биде без принципот на еднаквост на нивните активности и меѓусебни реакции, за кој веќе нема да се распарчуваат едни со други.“ (Извор: Kant, 1784, 1988: 15-21)

Денес, причините, ризиците и идеалите веќе не се складирани ниту на една конкретна територија, ниту во еден конкретен народ. По 1930-тите година, предвесниците на политичката екологија во Франција (Jacques EIlul et Bernard Charbonneau) ја донесоа на свет денес познатата реченица: „Мисли глобално, делувај локално.“ Ако слоганот ги над-

мина далеку границите на еколошкиот активизам, несомнено дека и дејствувањето исто како и мислењето, денес имаат колку глобални, толку и локални тенденции. Минималистичките концепции за граѓанското содружништво, со кои изобилува дел од англо-саксонската литература, исто така, го олеснуваат преминот на промислувањето за граѓанското содружништво од национално кон интернационално ниво. Од моментот во кој ќе почнеме да мислиме, како Јан Арт Шолте (Jan Aart Sholte 1999) дека во граѓанското содружништво се вклучени сите активности кои значат намерен обид - надвор од државата и пазарот и на еден организиран начин - да се учествува во образложувањето на јавните политики, норми и/или подлабоките социјални структури, од тој момент прашањето за постоењето на интернационалното граѓанско содружништво повеќе не се поставува поинаку, освен како прашање за капацитетите за влијание и за пристап до една претпоставена глобална арена. Така, за овој автор, глобалното граѓанско содружништво вклучува граѓански активности кои: 1) отвораат интернационални прашања; 2) вклучуваат транснационални комуникации; 3) поседуваат една глобална организациона структура; 4 ) работат врз основа на претпоставка за една супранационална солидарност. *А приори*, самите овие критериуми го ограничуваат бројот на кандидати, но авторот истакнува дека само една од тие карактеристики би можела да биде доволна за интегрирање во големото семејство на интернационалното граѓанско содружништво.

Треба да се земат в предвид две прашања кои ги наметнува постоењето на вистинско интернационално граѓанско содружништво, прашања кои се однесуваат на самата негова дефиниција. Од една страна, каква содржина и каква кохерентност треба да му се припише на тоа интернационално граѓанско содружништво, кое како и локалните или националните граѓански содружништва, изгледа разнолико, опфаќа сешто и е слабо кохерентно и што може да биде заедничко за тие бројни компоненти? Од друга страна, поимот граѓанско содружништво, неговата семантичка еволуција и неговите социјални употреби се чини дека се во принцип поврзани со социо-историската траекторија на политичката, економската и социјалната модерност својствена на западниот свет. Според некои истражувачи, оправдано е да се сомневаме во постоењето граѓанско содружништво надвор од општествата

кои, со нивната специфична историја и со еволуцијата на нивната филозофска мисла, овозможија да се оформи таквото граѓанско содружништво и таквите концепции. Оттука, дали можеме навистина да зборуваме за едно интернационално граѓанско содружништво или, пак, за едно западно граѓанско содружништво проектирано врз многу различни социјални, економски, политички и културни реалности?

## ДАЛИ ПОСТОЈАТ НЕЗАПАДНИ ГРАЃАНСКИ СОДРУЖНИШТВА

Паралелно со глобалниот успех на поимот граѓанско содружништво, како помеѓу граѓаните така и во медиумите, во академскиот свет остана отворена расправата за релевантноста на употребата на овој поим во анализата на незападните социо-политички реалности. Воведниот дел на овој труд покажа дека еволуцијата на концепцијата за граѓанското содружништво се чини дека е поврзана со западниот свет, како во однос на специфичната траекторија на неговата политичка, економска и социјална модерност, така и во однос на историјата на политичките и филозофските размисли на таканаречениот западен свет. Дали под превезот на справувањето со интернационалното граѓанско содружништво не соучествуваме во еден нов аватар на вестернизацијата на светот? Дали со овој концепт кој некои го сметаат за двосмислен, не се мешаат повторно чинители чија природа и цели се сосема различни? Да се зборува за граѓанско содружништво претходно е потребно да се соочиме со дискусиите за западната или за универзалната природа на граѓанското содружништво, барем како идеал (како што некои би рекле, демократија, правна држава или пазар) кој е достапен на сите. Две сфаќања се спротивставуваат во врска со прашањето за постоењето на вистински граѓански содружништва надвор од специфичниот контекст во кој е роден овој концепт: првото претставува еден нормативен универзализам, а второто една западна исклучителност (Lewis, 2000).

Првото сфаќање е прифатено, главно, од истражувачи англофони (меѓу нив, Diamond, 1988; Bratton, 1989; Harbeson 1994) за кои граѓанското содружништво е суштински елемент за добро функционирање на демократскиот систем. Нема демократија без граѓанско содружништво било каде и да е (универзален аспект). Применето на не-западната социо-политичка реалност, граѓанското содружништво станува

активен елемент на процесот на демократизација и показател на напредокот на овој процес. Граѓанското содружништво не само што се појавува и се консолидира во текот демократизација, туку тоа е и пожелно (нормативен асект), демократијата е најпогодниот политички систем за економски и социјален развој на една недоволно развиена земја.

На ваквиот нормативен универзализам му се спротивставува сфаќањето за западната исклучителност, кое го прифаќаат главно истражувачи кои произлегуваат од франкофонската политикологија (Haubert, 2000, Chabal ет Daloz, 1999; Bayart, 2001). За нив, релевантноста на концептот граѓанско содружништво, кој наследува различни текови на западната политичка филозофија е, во основа, неизвесна во социо-културниот контекст на Југот. Три критериуми се одлучувачки за постоењето на граѓанско содружништво; „диференцијацијата на приватните социјални простори во однос на политичкиот простор; индивидуализацијата на општествените односи која и дава на граѓанската лојалност приоритетна вредност; хоризонталност на односите во рамките на едно општество која што ја предпочита содружничката логика во однос на заедничарската структурација и, која што, како таква, ги маргинализира партикуларистичките идентификации во полза на државо-националната идентификација" (Badie, 1992: 116). Но, се чини дека овие суштински карактеристики навистина не се среќаваат, особено не во Африка која е обележана со истрајност на критериумите на припишани припадности и покрај усвојувањето на модели на државо-национален политички развој.

Ако нормативниот универзализам би можел да се оквалификува како наивна и во најмала рака идеолошки насочена визија, сфаќањето за западната исклучителност се чини, во најмала рака, радикално и, исто така, западноцентрично. Тоа што граѓанското содружништво кое се појавува на Југот не соодвествува целосно на западните критериуми, не е ниту многу чудно, ниту многу безнадежно.

## НЕВЕРОЈАТНОТО АФРИКАНСКО ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО

На двете страни од Атлантикот, дебатата за постоењето на граѓанско содружништво во Африка е особено жива. Најрадикалните критики доаѓаат од политиколозите (главно франкофони) како Бертран Бади (Bertrand Badie, 1992) или Патрик Шабал и Жан-Паскал Далоз (Patrick Chabal et Jean- Pascal Dalloz, 1999) или, исто така, Максим Обер и Пјер-Филип Реј (Haubert Maxime et Pierre-Philippe Rey, 2000). Најуштинската дисквалификација на граѓанското содружништво во африканскиот политички контекст произлегува од едно сфаќање според кое во овие земји, државата и содружништвото се меѓусебно проникнати до таков степен што тие се пресликуваат едно со друго, според две сценарија: на првото, она за абсорпција на содружништвото од страна на авторитарната држава, фантастичко сценарио за интегрална држава (конкретно Copans, 1980), му одговара она за државата ризом (Bayart, 1989) според кое државата е гангренизирана од содружништвото и заедничарските логики кои него го пресекуваат (Otayek, 1999). Поимот граѓанско содружништво е вистински погребан од Шабал и Далоз во нивната книга *Africa Works!* (1999). Според овие автори, во Африка не е можно граѓанско содружништво едноставно затоа што државата и содружништвото не се никогаш диференцирани и поради тоа тие не ослободиле засебен простор за едно одвоено и автономно граѓанско содружништво. Вакво-то постојано проникнување, лесно воочливо на социјалните мрежи, е фундаментална карактеристика на секуларното владеење специфично за црна Африка. „Според нас појавата на граѓанско содружништво сфатено како збир од институционализирани структури, раздвижувани од индивидуи кои следат заеднички интереси без било какво мешање од страна на владите, не би можела да биде многу значајна доколку не постои силна и навистина диференцирана држава' (Chabal et Daloz, 1999: 34). А тука тоа не е случај. „Каде престанува 'фамилијата' во контекст на често распространетите визии во врска со ова прашање? Имајќи го предвид фактот дека африканските општества тешко може да се разберат како масовни општества, дека атомизацијата на населението и значителното ослабување на заедничарските структури не изгледаат веројатни за скоро време, дали групите за притисок кои настојуваат да промовираат етничко-регионални интереси, на пример, издигнаат граѓанско содружништво? Ако се прифаќа дека ова последното подразбира доброволна и формализирана промоција на колективните интереси, дали тогаш и клиентелистичките мрежи, односно на мафијата, некое фундаменталистичко движење или на некоја секта спаѓаат во тоа? Исто толку важно е каде да се смести сеприсутниот универзум од неформалности? Дали треба граѓан-

ското содружништво да се сведе само на официјалниот свет на економски групации, на професионални синдикати, на клубови со свои седишта или во тоа се сместуваат и собирите на истомисленици со окултен карактер (масонските ложи, на пример), кои може да бидат многу моќни и детерминирачки?“ (Chabal et Daloz, 1999: 32).

Можен е еден средишен пат – меѓу нормативниот универзализам и западната исклучителност (Pirotte, 2002). Најпрво мора да се избегне визијата за спонтаното настанување на незападните граѓански содружништва во 1980-тите и 1990-тите години. Повлекувањето на државите од 1980-ите години, е често пропратено со еманципација на содружничките сектори, но етичките и политичките димензии (како појавата на автономни и целосно оперативни јавни простори) немаа доволно време да се развијат толку брзо. Понатаму, треба да се прифатат различните социо-историски траектории кои влијаат врз појавата на еден автономен простор кој ќе и годи на граѓанската активност, простор кој е доволно одвоен од заедничарските стеги, но кој, исто така, е подеднакво независен и од јавните власти. Ако не е чудно тоа што зачудувачки на југот на Сахара не може да се наиде на европско граѓанско содружништво, дали тоа значи дека африканскиот граѓанин е толку неспособен да изнедри свое сопствено граѓанско содружништво и да ја елаборира сопствената историчност во овој увезен концепт? На крајот е потребно да се согледа дека надвор од расправите иницирани од политиколозите за постоењето на не-западни граѓански содружништва, овој поим денес е осмислувач и извор на социјални врски и е интегриран во репертоарот на акциите и стратегиите на илјадници социјални чинители насекаде на планетата.

## ИНТЕРНАЦИОНАЛНО ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО

Датата на раѓање на интернационалното граѓанско содружништво, според некои набљудувачи, би се поврзала со Светскиот самит во Рио од 1992. За оние, кои ставаат акцент на оспорувањето на светскиот економски модел, тоа јасно се појави со мобилизацијата против преговорите со СТО во Сиетл на крајот на 1999 година. Други го вперуваат прстот на 1997 година кога сто дваесет и две земји, под притисок на

повеќе од триста невладини организации, го потпишаа Договорот за забрана на нагазните мини.

Интернационализацијата на граѓанското содружништво главно се врти уколу два содружнички кластери, понекогаш блиски – при осудата на одредени аспекти на економската глобализација - понекогаш далечни, но секој мотивиран од специфични фактори. На една страна, интернационалното граѓанско содружништво се обидува да се отелотвори преку новите невладини организации, кои се развија скоро низ целиот свет, главно во текот на последната деценија од дваесеттиот век. На друга страна, појавата на интернационалното граѓанско содружништво се согледува низ помалку или повеќе структурираните граѓански мобилизации, кои се артикулираат во врска со глобалната осуда на светскиот економски поредок.

*Успесите на интернационалните невладини органзиации*

Интернационалното граѓанско содружништво се отелотворува, најпрво, во намножувањето, ширум целиот свет, на еден посебен содружнички тип, невладини организации. Во Франција, со исто значење, почесто, се зборува за ОИС, организации за интернационална солидарност [OSI, organisations de solidarité international], (особено Ryfman, 2004). Ваквиот содружнички процвет на четирите страни на планетата има неколку истакнати карактеристики.

Она што паѓа во очи, најпрво, е обемот и брзината на оваа појава, во текот на 1980-ите и 1990-ите години. 1980-ите години, означени од страна на М. Братон како „Декада на НВО“ (Bratton, 1989), секако беа декада на западните невладини организации. Според податоците на ОЕЦД (Организацијата за економска соработка и развој), во западните земји во 1980 година имаше 1600 НВО-ции. Приближно десет години подоцна, нив ги има повеќе од 4500 (Fossi et Borghese, 1988). Со падот на Берлинскиот ѕид, оваа појава на интернационализација го доживува својот врв. Ниту еден регион во светот не е одминат од оваа појава. Непал, на пример, во 1990 година имаше 220 невладини организации. Три години подоцна има 1200. Во 1997 година, едно интернационално истражување изброја околу еден милион во Индија, 210 000 во Бразил, 17 500 во Египет и 15 000 во Тајланд (Salamon et al., 1999). Ваквиот раст,

во толку кус период е изненадувачки. Тоа, несомнено, се должи на новите политички можности кои се создадаваа во периодите на демократска транзиција (како оној од 1970-ите во Јужна Европа, 1980-ите во во Латинска Америка и 1990-тите во Централна и Источна Европа или, исто така, во супсахарска Африка), но тој, исто така, се должи и на променливата правна дефиниција на содружништвото од една до друга земја (Doucin, 2000). Сепак, ова содружничко обагатување и колку да е впечатливо, не зборува за ефикасноста на овие организации кои често се повикувани да исполнат некои нови важни функции во локалниот економски развој, во учењето на демократијата или во обезбедувањето социјални услуги на сметка или со кофинансирање на јавните власти.

Во земјите кои во авантурата на демократизацијата влегоа во последниот квартал на дваесеттиот век, уште во раните утрински часови на транзицијата се виде зголемување на бројот на содружнички практики од сите видови: политички партии, синдикати, здруженија за само-помош и, секако, невладини организации, не заборавајќи го намножувањето на медиумите. Ваквата разновидност е вредност на демократските режими, за разлика од монолитноста на поранешниот режим на партија-држава. Со самото нивно постоење, НВО-ции се некаква гаранција за демократизацијата и показател на развојот на овој процес; некои африкански, латиноамерикански и источно европски земји даваат голем број примери за тоа. Посткомунистичка Романија во период помал од десет години се стекна со еден содружнички сектор од над 20 000 НВО-ции. Според Маркусен (Marcussen, 1998), невладините организации, во споредба со институционалните чинители на развојната соработка имаат поголеми капацитети да стигнат до најсиромашните и да работат во запуштените области; тие је поттикнуаваат партиципација на локалците и го помагаат спроведувањето на проекти во директна соработка со корисничките групи; функционираат со пониска цена; иновираат, експериментираат, се прилагодуваат пофлексибилно на променливата реалност; ги зајакнуваат локалните институции и организации и моќта на маргинализираните групи.

На почетокот, успешноста на НВО-ции се конструираше на основа на истакнување на неефикасноста, не само економската, туку, и социјалната, културната или еколошката неефикасност на големите развојни проекти. Исто така, овие НВО-ции, во последните петнаесет години, не

се задоволија само со зголемувањето на нивниот број. Тие, исто така, успеаја удобно да се сместат дури и во рамките на интернационалните институционални структури и да се назначат себеси за посредници во управувањето и испораката на развојната помош. При создавањето на Економско-социјалниот совет на Обединетите нации по Втората светска војна, невладините организации заземаа 45 места. Денес ги има повеќе од 2000 акредитирани. Според Алан Фаулер (Alan Fowler, 1993) вкупниот проток на странска помош што се канализира преку НВО од 2,7 милијарда американски долари во 1970 година ќе се зголеми на 7,2 милијарди дваесет години подоцна. ОЕЦД во раните 1990-ти години ги проценуваше годишните трошоци на НВО од Северот на повеќе од 10 милијарди (OECD, 1993). Сепак, многу е тешко да се знае точниот износ на развојна помош кој се канализира преку НВО-ции. Иако еден мал дел од протокот се испраќа директно до овие невладини организации, еден друг дел од билатералната или мултилатералната помош транзитира подеднакво преку невладините организации, но преку некоја услуга од страна на владите, на пример. Затоа, многу е веројатно дека бројките наведени од страна на истражувачите се далеку од реалноста. Помеѓу 1977 и 1988 година, 6 % од проектите финансирани од Светска банка претпоставуваа вклученост на невладини организации. Од 1993 година, оваа бројка достига 30 %. Од 1995 година, повеќе од половина од проектите финансирани од Светската банка имаат за партнер некоја НВО (Banque mondiale, 1996). Во 1976 година, Европската заедница се опреми со буџетска линија од 2,5 милиони евра (во тоа време еку) за кофинансирање на НВО-ции во земји членки на ЕЕЗ. Триесет години подоцна, поради проширувањето на ЕУ, но, исто така, и поради зголемување на бројот на НВО-ции, оваа линија достигна 200 милиони евра. Што се однесува до средствата за итна помош од Европската унија, за кои е заинтересиран еден добар дел од НВО секторот, од 1990 и 1998 пораснаа од 114 на 820 милиони евра (Cohen, 2003). Паралелно на ваквите финансии, развојните тела во своите организациски рамки востановија канцеларии за врски и други консултативни бироа за граѓанското содружништво. Така, од 2002 година, Светската банка има 120 експерти за граѓанско содружништво (комуникатори и специјалисти во општествените науки) распределни по националните претставништва (околу 80 специјалисти во 70 национални канцеларии), регионални канцеларии и „тимот граѓанско содружништво,“

како и една мала координативна група која е утврдена во високите ешалони на организацијата во Вашингтон.

Учеството на НВО-ции на интернационалната сцена не се случува само под плаштот на партнерството со развојните агенции. Овие здруженија, исто така, интервенираат и во својство на чинители на лобирање пред меѓународните тела или како разгласни шалтери (улога за застапување) по повод некои самити (или против некои самити). Порасна нивната медиумска видливост на меѓународните конференции и самитите кои се случуваа во 1990-тите. Тие често се гласноговорници на безгласните, на сиромашните, на запоставените од растот и глобализацијата. Зголемувањето на бројот на невладини организации по студената војна се одвива паралалено со покренувањето на глобалните проблеми во агендата на „меѓународната заедница" (Beck, 1986). Во 1968 година, на Конференцијата за човекови права во Техеран, тие беа 200 на број. Во 1995 на Самитот за социјален развој во Копенхаген имаше десет пати повеќе, а истата година, во Пекинг, 4000 НВО-ции беа акредитирани за да асистираат на Конференцијата за жените. Од аспект на овој НВО пол на интернационалното граѓанско содружништво, се согледува се поважното на место на транснационалните НВО (Cohen, 2003).

*Глобалната содружничка револуција*

Паралелно со зајакнувањето на транснационалните НВО, појавата на НВО надвор од западниот свет го поттикна развојот на планетарни содружнички мрежи, изнедрувајќи го она што Лестер Салмон и соработиците го нарекуваат „глобална содружничка револуција".

Ваквата интернационализација на содружничката формула на НВО и вмрежувањето на овие нови структури во развојните проекти Север/Југ не значи дека исчезнале и односите на моќ меѓу Северот и Југот рамките на тие мрежи. Интернационалното граѓанско содружништво најчесто претпоставува асиметрични односи помеѓу чинители со нееднакви финансиски, човечки или технолошки ресурси (Pouligny, 2001).

Друга забелешки може да се направи во врска со хомогеноста на интернационалното граѓанско содружништво. Најпрво да ја нагласиме

важноста на регионалните или националните правни контексти кои обезбедуваат различни рамки за содружничките практики (некои земји се држат до правна рамка која датира од почетокот на дваесеттиот век, други усвоија, некогаш под интернационален притисок, посодветна правна рамка). Терминот НВО може да прикрие многу различни содружнички практики, од една земја до друга, од еден агол на светот до друг. Така, до 2000 година, со терминот НВО во Романија се означуваа сите содружнички практики кои не се створени по волја на јавните власти. Во Белгија, НВО се, првенствено, непрофитните здруженија вклучени во развојната соработка; тие се главно финансирани од страна на министерството кое е надлежно за одредено прашање. Овде како и во случајот на поранешната колонија Конго, зборуваме за развојни НВО. Оттука, терминот „невладина организација“ е поуниверзален од содружничката практика на која тој упатува.

Конечно, не може да се игнорираат стратегиите за професионализацијата како цел на некои од овие нови НВО денес (Hamilton, 2000; Pirotte, 2003, Poncelet et al, 2005). Овие стратегии, развиени од страна на големите западни агенции не се без последици врз „новонастанувачките“ граѓански содружништва. Учествувајќи во таквите политики за ‘зајакнување’, невладините организации се подложени на ефектот на униформизацијата кој нив ги прави буквално заменливи една со друга, бидејќи тие усвојуваат идентични начини на оперирање, идентични организациски структури и развојни проекти. Денес, ништо не наликува толку на една професионализирана НВО од Будимпешта колку една професионализирана НВО од Лима или од Џакарта. Ова не е без проблем во однос на идентитетот и локалните корени *vis-à-vis* корисниците на нивните активности. Стратегијата за зајакнување, исто така, се спроведува и преку една клиентелистика логика на селектирање на НВО од страна на донаторите. Овој механизам ја зајакнува финансиската зависност на тој мал сегмент од НВО секторите од кој се очекува да ги отелотворат новонастанувачките граѓански содружништва. Конечно, овие стратегии ја консолидираат поделбата помеѓу професионализирите и вклопени во транснационалните мрежи НВО и другите, оставени на маргините на претходните и кои се принудени да се снаоѓаат сами на свој начин.

### *Навремениот сојуз меѓу НВО и алтерглобалистите*

Хранејќи се од овој содружнички процвет и особено од резултатите од работата на интернационалните невладини организации врз планетарните прашања (долгот на земјите во развој, заштита на животната средина, половиот род, почитувањето на човековите права ...), се оживотворува еден втор пол на интернационалното граѓанско содружништво, кој се одвива паралелно, но не е целосно опфатен со првиот. Тој се состои од движења, од „колективи", здруженија, повеќе или помалку формализирани, кои споделуваат – речиси целосно – исто омаловажување на социјалните и еколошките ефекти и економските влијанија на економската глобализација. Ако И. Сомие (Sommier, 2003) ги опфаќа овие два пола во рамките на алтерглобалистичките движења, тогаш Н. Мајер и Ј. Симеан ( Mayer et Siméant, 20040), а особено С. Коен (Cohen, 2003) јасно покажуваат дека сферите на дејствување, побарувањата и чинителите на алтерглобализацијата како и полето на интернационалната солидарност (во кое спаѓаат секторите за човекови права, екологија, хуманитарна и развојна соработка) понекогаш се пресекуваат, но никогаш целосно не се преклопуваат. Самиот Коен со право укажува дека големите интернационални невладини организации не се претставуваат себеси како оспорувачки движења, дури и ако оспорувањето може да е дел од нивниот репертоар на колективни акции. Најрелевантен пример за тоа е оној на ОКСФАМ, најмоќната НВО активна во полето на развојната соработка и искоренувањето на сиромаштијата. Оваа англиска невладина организација е интегрален дел на светските и европските социјални форуми, но во поголемиот дел од нејзините активности и барања таа застапува помалку радикални насоки во споредба со повеќето здруженија на движењата кои се наклонети на еден поинаков свет. Покрај тоа, активните членови на организациите кои своите активности ги развиваат во насока на одбрана на човековите права ретко се изјаснуваат за прашања во врска со економската глобализација. Некои хуманитарни невладини организации усвоија една линија на ургентно и повеќе медицинско дејствување (како Лекари без граници) кое многу ретко нив ги насочува кон критика на срамот кој и се припишува на економската глобализација.

Според Пеш и Пади (Pech et Padis, 2003), во контекст на интернационалното граѓанско содружништво, ние живееме во период на привремен сојуз помеѓу големите невладини организации и алтерглобалистичкото движење, на пример. Овој сојуз ја маскира опасноста од тоа НВО да бидат видени како „детронизирани во поредокот на доблестите и отпорот од страна на новите социјални движења и да бидат вшмукани во орбитата на радикалноста, која ним не им е блиска (Pech et Padis, 2003). Алијансата се покажува прагматична: на една страна, „алтер“ бунтовниците и движењата имаат потреба од големите невладини организации и нивните финансиски средства и логистика; на друга страна, интернационалните НВО-ции барајќи начин да се покажат во тек со дебатите и горливите прашања во дадениот момент, имаат потреба од мобилизацискиот капацитет на „алтер“ движењата. Така, според некои автори, премолчено се дефинира еден пакт за ненапаѓање, чија што голема заслуга би била да нè убеди во едно единствено и солидарно граѓанско содружништво и во зголемувањето на неговото влијание.

Професионализација на најмоќните пост-трет световски НВО-ции, исто така, доведе до појава на тензија, внатре во нив, помеѓу принципот на дејствување и принципот на учество (Pech et Padis, 2003). Првиот принцип оди во крајност поради загриженоста за дејствувањето и, како последица од тоа, вклучува прагматизам, професионалност и кредибилитет пред партнерите. Но, НВО-ции остануваат зависни од донации, од волонтирање, а тоа значи од одредена популарност во јавното мнение. Овие НВО-ции се, во крајна линија, подложни на истите слабост како и претпријатијата кои понекогаш го предизвикуваат демократското мислење. Чинителите на светското граѓанско содружништво, исто така, можат да ја изгубат својата легитимност во националните или интернационалните јавни простори поради осветлувањето на нивните пропусти (пр. скандалите во Франција со АРЦ или со невладината организација ÉquiLibre).

*Поволни фактори за интернационалното граѓанско содружништво*

Овие два пола на таканареченото интернационално граѓанско содружништво профитираат од два поволни фактори.

Првиот е политичкиот контекст кој настана по крајот на Студената војна. Крајот на идеолошкиот конфликт кој од Втората светска војна го делеше светот на два табора поволно влијаеше за појавата на една глобална визија за ризиците – визија веќе поддржана од повеќе интернационални НВО-ции - и на непходноста од одржлив развој (овозможувајќи го појавувањето на придружниот поим за глобалните јавни добра. Колапсот на комунистичкиот блок, исто така, го прошири опсегот на дејствување на интернационалните невладини организации, во прв ред, на хуманитарните НВО-ции (Brauman, 2002).

Покрај на интернационалната сцена, последиците од крајот на биполарниот модел се согледуваат и на националните сцени, како критика на државата, било на државата развивач било на држава на благосостојба. Некогаш таквата држава се осудува за премногу наметлива, друг пат за губење на политиката и неспособноста државата да се издигне како контра моќ во однос на глобализираната економска моќ. Како што беше нагласено понапред, периодите на демократска транзиција кои отпочнаа во Латинска Америка, Источна Европа и во некои земји во Азија и супсахарска Африка, најпрво, резултираа со преоткривање на правото на здружување, оставајќи да се верува во будењето на едно вистинско граѓанско содружништво во овие земји.

## СОНОТ НА СВЕТСКИОТ АСОЦИЈАЦИОНИЗАМ

Освен овие фактори кои се специфични за контекстот по студената војна во 1990-тите години, без посебни тешкотии, историските корени на ова „интернационално граѓанско содружништво" можно е да се најдат во бројните практики на интернационална солидарност и милосрдие од XIX век. Некои аналитичари (посебно Laurent, 2002) во денешните алтерглобалистички движења гледат продолжение на еден голем проект за светско општество, започнат во XIX век и прекинат во XX од страна на националистиките катаклизми и од студента војна. Движењата против ропството, (Британското и странско антиропско друштво, основано во 1823) или пацифистите, првите хуманитарни организации како Црвениот крст (основан во 1863), движењето за правото на глас на жените, или интернационалните научни здруженија ја прикажуваат сликата за претходниците од XIX век. Идејата за меѓународен суд се зачна за време на Општиот конгрес за мир во 1890 година. Пред Првата светска војна се установија повеќе или помалку формализирани мрежи на интернационални органи-

зации. Во 1913 година, французинот Анри Лафонтен ја доби Нобеловата награда за мир за создавање, три години порано, на Централната канцеларија на интернационалните здруженија, која подоцна станува Унија на интернационални здруженија (UIA). Оваа организација, која веќе пред Првата светска војна имаше 230 членки, се обиде да ги оживотвори интернационалните визии и идеалите за универзален мир од тоа време. Таа е поврзана со создавањето на Друштвото на нациите и на Интернационалниот институт за интелектуална соработка, претходникот на УНЕСКО. Со целосна посветеност, UIA денес, со седште во Брисел, настојува да одржи редовни контакти со 40.000 организации низ целиот свет.

Додека во 1874 година имаше 32 интернационални организации, нивниот број порасна на 466 во 1914 година, за да стигне до 1500 во 1954 година. Поради воениот контекст, во 1930-тите и 1940-тите, се појавуваат нови организации за добротворна поддршка како *Планот родители посвоители* (денес Интернационален план), основан во 1937 година за да им помогне на децата жртви од Шпанската граѓанска војна. Американските НВО-ции Католички служби за помош (1943) и ГРИЖА (1945) масовно обезбедуваа храна, облека и медицинска помош за европјаните по војната. Оксфорд Комитетот за против гладот (ОКСФАМ) е основан во октомври 1942 за организирање помош за грчките цивили кои умираа од глад за време на окупацијата и за прифаќање на бегалци од Пелопонез. Подоцна ќе се појават хуманитарните здруженија од новата генерација, посветени на обезбедувањето итна медицинска помош прилагодена на политичките, економските, и социјалните услови со кои се соочуваа на терен (Лекари без граници основана во 1971 година и Лекари на светот во 1980).

Друг клучен фактор е развојот на средствата за комуникација и за ширење на информации, развој кој ја поттикнуваше интернационализацијата на движењата, со истовремено намалување на трошоците на колективната мобилизација. Многу каузи не би биле познати и поддржани без новите средства за комуникација. Кофи Анан од подиумот на Обединетите нации во 1999 година кажа дека глобалната информатичката револуција го преобрази граѓанското содружништво пред наши очи. Сепак, треба да се признае дека и колку да се влијателни и брзорастечки ефектите од овие нови алатки за комуникација, пристапот до нив останува нерамномерен, како од земја до земја (Северот е попривилигиран во споредба со Југот), така и во рамките на едно исто општество (развиено или не). Поради тоа овие алатки може да пројават

тенденција кон зајакнување на капацитетот за мобилизација на побогатите, а за намалување на репрезентативноста на интернационалното граѓанско содружништво.

*Пречките за интернационално граѓанско содружништво*

Концептуализацијата на интернационалното граѓанско содружништво страда од неколку поедноставувања. Поимот граѓанско содружништво многу често се користи како општа и хомогена категорија. Односно, со него се упатува на мноштво локални или национални чинители и ситуации. Транснационалните мобилизации се покажуваат, многу често, како лостови на дејствувања кои и понатаму се одвиваат во националниот или локалниот простор. Проширувањето на дејствувањето надвор од границите има за цел да обезбеди пристап до дополнителни ресурси (Pouligny, 2001).

Не помалку отколку на локално ниво, глобалното граѓанско содружништво е, често, една неконзистентна реалност која ја артикулираат многу различни чинители. Граѓанското содружништво претпоставува договор меѓу различните компоненти на оваа раздвиженост (НВО-ции, синдикати...). Меѓутоа, алтерглобализациската небулоза изгледа уште похетерогена за да постигне таков договор. Полето на организации за интернационална солидарност (или НВО-ции) и самото е многу диференцирано (помеѓу хуманитарноста, екологијата, човековите права, борбата против сиромаштијата ...). Покрај тоа, пристапот до интернационалното граѓанско содружништво или одржувањето во негови рамки, исто така, може да бидат условени од технолошки и економски фактори кои фаворизираат одредени играчи, а оневозможуваат други. Лидерството тука е почесто западно, дури и меѓу оние кои, на форумски состаноци, во статии во зборници, на манифестациони конференции, ја напаѓаат вестернизацијата на светот преку економската и културната глобализација.

## ЗАПАДНИОТ БАЛАСТ НА СВЕТСКОТО ГРАЃАНСКО СОДРУЖНИШТВО

„Тоа што понекогаш се нарекува „светско граѓанско содружништво“ или „интернационален граѓанин“ е всушност збирштина од НВО-ции од Северот, Југот и (поретко ) од Истокот. Да ги споменеме 2800-те организации претставени во Порто Алегре во 2000 година или 50-те илјади делегати во 2002 година и други. Ваквите збирштини, иако првично симпатични, сепак се многу проблематични. [...] Таканаречените глобални форуми се претежно направени од нас самите (протестанти од Северот) и некои внимателно одбрани партнери од Југот кои се повеќе или помалку наш одраз и наши соработници и на кои им се плаќа авионски билет [ ... ]. Од суштинско значење е тоа што глобализацијата, која е напреден момент на вестернизацијата на светот, се оспорува од страна на западњаците. [...] Нашите „партнери“ Африканци се најчесто невработени „дипломци“, конвертирани во НВО бизнисот, а кои Жан-Пјер Оливие ги нарекува „брокери на развојот“. Истакнати примери од праксата - движењето на безземјашите, Индијците од Чиапас и подкомандантот Маркос, движењето Chipko, итн. - се значајни гаранции, но треба да се користат претпазливо. Кога станува збор за теоретските референци, како оние на Амартја Сен, Мухамед или Вандана Шива, тие се алиби произведени од страна на западните универзитети, а чија веродостојност останува да се оцени. Не помалку важно да се биде свесен дека од нив тотално изостанува исламистичкото оспорување, застапувано од речиси една милијарда муслимани во светот, како што се отсутни и африканскиот континент и широк дел од Азија, особено Кина. Латинска Америка е посебен случај, кој не е изземен од двосмисленоста ако се земе предвид важноста на револуционерните партии, на една страна и, улогата на статисти доделена на домородните народи во Порто Алегре, на друга страна. Мора да се каже дека повеќето од овие жртви на глобализацијата, не се интересираат за ваквите расправии на „белите“. Тие навистина не се чувствуваат засегнати, а нивните проекти за опстанок или за отпор – кога такви постојат - не се дел од нашите ментални шеми“

Извор: Latouche (2002: 83-84)./

Во контекст на глобализацијата, би можеле да се прашаме дали светското граѓанско содружништво е, исто така, разделено помеѓу една национална перспектива и една космополитска перспектива. Особено важно е разидувањето помеѓу некои големи и стари НВО-ции, по потекло од западот (главно англо-саксонски освен на полето на хуманитарноста) кои го претставуваат интернационалното граѓанско со-

дружништво и кои развиваат стратегии кои одат од конфронтација до интеграција и огромниот број на локални НВО-ции расфрлани на сите четири страни на светот, а кои имаат само локални визии и ги засегаат само локални побарувања.

На Југот, повеќе фактори придонесуваат за ограничување на радиусот на дејствување на организациите од граѓанското содружништво само на нивната локална област. Многу нови организации се создаваат со минимални средства, што придонесува за ограничување на нивните амбиции Најсреќните (или послушните) добиваат помош од надвор, што често им овозможува да се издигнат на локално ниво како институција или како интернационална невладина организација. Тие, исто така, се поддржани и од локалните социјални логики врз основа на инфраполитичка солидарност (род, народност). За да се обезбеди потенцијална рамнотежа во репрезентативноста Север/Југ на интернационалното граѓанско содружништво, би требало да им се овозможи на локалните НВО-ции од земјите во развој да биде слушнат нивниот глас на интернационалните арени.

Овој идеал е уште потешко да се постигне надвор од светот на НВО-ции, особено надвор од најмоќните транснационални НВО-ции, каде се чини дека се појави промена во стратегијата во текот на изминатите петнаесет години, за што сведочи појавувањето на одредени тематики како фер трговијата, елиминирањето на ГМО или одбраната на *заедничкѿе добра*. Овие НВО-ции не го доведуваат суштински во прашање глобалниот економски поредок, туку, тие, повеќе како реформатори отколку како радикали, формулираат нови критики кои ја испитуваат одговорноста на чинителите на пазарот. Така, за англиската НВО ОКСФАМ, внесувањето на земјите во развој во светската трговија останува најсигурниот начин за развој. Но, ова внесување мора да се направи врз посолидарна, поетичка основа (види ја кампањата „чиста облека") и пофер (една од подружниците на ОКСФАМ, ОКСФАМ-фер трговија е главен чинител во движењето за фер трговија). Од 1990-тите години, со одреден успех се спроведни педесетина кампањи насочени кон критика на практиките на големите мултинационални компании. По неговата вмешаност во Гринпис, Шел се повлече од лобито против Кјото и се зафати со етички ангажман во доменот на заштитата на животната средина и човековите права; под притисок од НВО-ции, Техасо,

Pepsi-Cola и Levi's ја напуштија Бурма (за разлика од Total) за да не и плаќаат депозити на диктатурата на Национална лига за демократија. „[...] НВО-ции едноставно го ценеа своето искуство со медиумската агитација и ги искористија сите ресурси кои произлегоа од експлозивната средба: на демократијата на мислењето и капитализмот, средба во која брендирањето на марката е, повеќе од било кога, стратешка вредност" (Pech et Padis, 2003: 69). Така, ако еден дел од глобалното граѓанско содружништво се активира во обликувањето на темелите на еден поинаков свет, еден друг дел од него (можеби финансиски посилен и поинтегриран во меѓународната јавност) индиректно се преокупира со зајакнување на оспоруваната глобална капиталистичка економија. Од оваа перспектива, интернационалното граѓанско содружништво тежи помалку како контрамоќ, отколку како индиректна поддршка на капиталистичката моќ. Новата критика на капитализмот не го доведува во прашање системот, туку повеќе неговите недворешности.

На кратко, претпоставката дека е на пат конституирање на интернационално граѓанско содружништво се соочува со троен предизвик.

Прво, оној за *репрезентативноста*. Што претставуваат овие организации на интернационалното граѓанско содружништво? Во чие име тие зборуваат? Што е нивниот мандат? Како што злонамерно подвлекува Пјер-Жан Рока: „Говорот во име на 'идните генерации' нужно имплицира дека никогаш не се доведуваат во прашање мандатите! По дефиниција, идните генерации се 'безгласни' и не може да го дадат своето мислење ... дури ни за НВО-ции, кои велат дека нив ги претставуваат " (Roca, 2001: 21).

Вториот предизвик е оној на *легитимноста*. Во името на што, на кој принципи, се искажуваат овие здруженија? Во врска со ова се покрена расправа помеѓу здруженијата кои се длабоко локално вкоренети (кои англо-саксонците ги нарекуваат *grassroots organisations*) и големите НВО-ции кои формулираат глобални концепции и решенија. Таа се дуплира дополнително со поврзувањето на проблемите на легитимететот со оние на репрезентативноста, и се спротивставува на здруженијата базирани на технички или професионален легитимитет и оние кои се перчат дека се во првите редови на значајните и социјално вкоренети колективни мобилизации.

Конечно, интернационалното граѓанско содружништво, исто така, мора да го докаже своето *важење*. Со други зборови, станува збор за предизвикот на неговата ефикасност и *одговорност* со кои интернационалното граѓанско содружништво постепено ќе се соочува. Дали ова множество од интернационални здруженија и разнообразни мобилизации служи за нешто? За што служи Сиетл? За што служат социјалните форуми? Колку многу јалови дискусии, кажани, прекажани и оспорени факти ... за еден Договор од Отава.

Конечно, од шеснаесеттиот век наваму, граѓанското содружништво во западна Европа се оформуваше во односот со државата (апсолутистичка на почетокот). Светското граѓанско содружништво треба да се конституира во однос со една светска држава која се уште не постои. Социо-економската и политичката легитимност на граѓанското содружништво која што се преведува со термините управување и автономија (сфатени како способност да се дејствува според сопствените закони), на интернационално ниво, несомнено бара донесување одлуки и автономна одговорност во однос на државите. Бизиу (Biziou, 2004), како сила која го исполнува овој критериум едвај да гледа нешто друго освен глобалниот пазар, истиот оној против кој се борат алтерглобалистите.

## ГРАЃАНИНОТ -ПОТРОШУВАЧ: ЕДНА ПОГРЕШНА ПАТЕКА?

Конституирањето на едно вистински интернационално граѓанско содружништво, подеднакво хомогено и кохерентно како во однос на она за што се застапува, така и во однос на политичкото дејствување, но, исто така, разнообразно и урамнотежено според географското, културното, социјалното и економското потекло на неговите чинители се чини се уште е далечно. Дали треба да заклучиме дека интернационалното граѓанско содружништво не е ништо друго, освен идеолошки дискурс?

Социологот Улрих Бек предложи оригинално обмислување на играта на моќта и доминација во мета-играта на меѓународната политика (Beck, 2003). За да се разберат односите на моќ кои се појавуваат денес,

треба да се премине од националната перспектива (игра) кон она што Бек го нарекува космополитска перспектива (или мета-игра).

Ние сме сведоци на премин не од модерна во постмодерна ера, туку од првата модерност (играта на националната перспектива) во втората модерност (на метаиграта на космополитската ера). Бек овде го пресвртува марксистичкиот детерминизам: тоа не се објективните услови на егзистенцијата тие кои ја детерминираат свеста на чинителите, туку свеста на чинителите за новите можности на играта која ја навестува состојбата на мета-играта. Во оваа мета-игра доминира еден чинител: светскиот капитал. Овој капитал следи едно јасно утврдено правило детерминирано од либералните принципи веќе искажани од страна Мандевиј во неговата *Басна за пчелите:* следејќи ги своите интереси, секој го приложува својот камен на зданието на општото добро. Бек потврдува дека привлечноста на светскиот капитализам сепак не произлегува од еден незауздан индивидуализам туку од ветувањето за глобална правда, и дека неговата моќ се должи на фактот дека тој не мора да се организира политички за да биде *глобален играч*.

Наспроти овој хегемонистички светски капитал, според Бек, повеќе не стои ни една друга контра моќта, бидејќи државата, со оглед на хипотетичкото напуштање на политиката, останува ограничена во својата национална перспектива и не знае како да излезе од неа. Единствената сила која е способна да се издигне како контра моќ против тој триумфалистички капитализам е светското граѓанско содружништво кое се отелотворува во ликот на граѓанинот потрошувач. Контра моќта на потрошувачот лежи во неговата способност да ја отфрли потрошувачката против што *глобалните економски играчи* не можат да сторат ништо. Бидејќи капиталот не може да ги отпушти потрошувачите, тоа е главната слабост на тој глобализиран капитал.

Меѓутоа, за да ја ужива таа моќ, потрошувачот треба да има избор помеѓу неколку производи и да има куповна моќ која ќе му овозможи да троши алтернативни производи. Во западниот свет, овие два главни услови може многу брзо да се исполнат, но веројатно не за сите. Повеќето студии за т.н. алтернативни потрошувачки (на пример, етичките или фер производите) покажуваат дека овие социјални практики сè уште се резервирани за еден сегмент од населението кој е обезбеден со

доволно социјални, културни и економски капитали. Но, дури и под претпоставка дека оваа алтернативна и одржлива потрошувачка не претставува дополнителен трошок во портфолиото на домаќинствата, треба да се надминат вообичаените пречки за мобилизација на потрошувачите. Тие препреки се границите на едно движење кое се задоволува со повикувањето на политичката моќ на потрошувачот-цар. За разлика од сфаќањето на Бек, Марк Жакмен (Jacquemain, 2002) покажа, многу јасно, дека ликовите на граѓанинот и потрошувачот не треба да се мешаат. Потрошувачот во принцип практикува индивидуална слобода: тој сам одлучува дали да купи или не ГМО или дали да троши банани произведени „со достоинство." Неговата вистинска моќ е ограничена во доменот на казнувањето, неговото оружје е *бојкотот*. Акумулацијата на индивидуалните одлуки на потрошувачите е она што се поставува евентуално како контра моќ наспроти светскиот капитал. Ако моќта на потрошувачот не може да се негира во еден систем на демократија на мислењето каде резултатите на големите трговски групи зависат, исто така, од нивната слика за брендот, се чини многу поневеројатно да се воспостави една вистинска демократија на планетарно ниво врз основа на толку кревки движења. Обратно, граѓанската акција се базира на практикување колективна слобода, една активна реакција во јавниот простор. Во својот колективен аспект таа се чини, исто така, поскапа и помалку директно достапна. С*обирот* е тој кој одлучува за насоката на преземените активности, кој размислува за последиците од овие или оние чинови или говори врз колективот и неговата околина.

Во никој случај, улогата на потрошувачот не може да се прошири на нешто друго освен на реакција на ситуација на која е подложен. Потрошувачот е како боксер, кој пред да реагира секогаш очекува неговиот противник да му испрати еден солиден аперкат. Оваа моќ на потрошувачот, преоткриена во контекст на економската глобализација е далеку од тоа да претставува демократски напредок. Уште повеќе, таа моќ претставува едно ограничување, без двоумење, последната потенцијално заштитна моќ против ексцесите на светскиот економски систем во процес на дерегулација.

Локалните и интернационалните НВО-ции, алтерглобалистичките движења, поединечните потрошувачи кои купуваат органски, фер

или етички производи, хакерите желни да го ослободат интернет од трговските монополи, сите тие, се чини, придонесуваат доброволно или не за секојдневно оформување на едно граѓанско содружништво на кое уште повеќе сметаат финансиските и индустриските групи и политичките лидери. Ако оформувањето на претставите, барањата и мобилизациите на овие чинители отвора некој проблем до точка на ослабување на политичките капацитети и наликува на некои форми на самоисполнувачки говор, тоа сѐ уште не значи дека заедно со нечистата вода треба да се фрли и бебето. Ако интернационалното граѓанско содружништво не постои сѐ уште, некои од неговите практики веќе денес ја надминуваат ембрионалната форма. Важно е општествените науки објективно да го анализираат тоа интернационално граѓанско содружништво кое што се движи по две патеки: прво, онаа на интеграција во светскиот поредок (која некои содружнички чинители ја омаловажуваат) преку институционализација на некои чинители од ова „интернационално граѓанско содружништво“ во својство на партнери на интернационалните финансиски институции, влади и мултинационални компании; потоа, онаа со поголеми барања, а можеби и помалку интегративистичка, за оформување (утописко?) на автономен светски јавен простор.

# ЗАКЛУЧОК

„Во септември 2001, Центарот за граѓанско содружништво на престижната Лондонска школа за економија организираше еден интернационален семинар за поимот ‘интернационално граѓанско содружништво’. Учесниците беа од универзитети или активисти на социјални движења од сите континенти. Речиси сите ја опишуваа состојбата на нивното ‘граѓанско содружништво’ почнувајќи со подвлекување на флуидниот, двосмислен и недоволно научен карактер на самиот поим, на национално ниво и, *a fortiori* на интернационално ниво. Еден говорник во врска со тоа прашање потсети на класичната индиска приказна за тоа како три слепи опишуваат слон: ‘Тоа е лист!’, вели првиот , допирајќи ги ушите на слонот; ‘Тоа е дрво!’ додава вториот допирајќи една од нозете; ‘Не, воопшто: тоа е змија’, вели третиот, кој ја стави својата рака врз сурлата на слонот’ ... Денес, сè што се случува помалку наликува како првиот слеп да допира лист, вториот еден ќутук и третиот една змија, а секој извикува: „Ова е интернационално граѓанско содружништво!“ Сепак, по дводневни расправи, колку страстни толку возбудливи, сите се согласија да кажат дека нешто мора да постои, кое за да не биде розов слон, треба да биде политички и идеолошки феномен кој се пројавува во различни, но сепак споредливи форми во толку различни општества како што се она на Индија, на Бразил, на Франција, на САД или на Јужна Африка“ (Dreano , 2006).

Ова искажување на Бернард Дреано, претседателот на Европското собрание на граѓани, го илустрира специфичниот однос кој научниците, но и активистите го имаат кон поимот на граѓанското содружништво. Ова беше предмет на интернационалната конференција одржана во еден од најпрестижните универзитети во светот кој, згора на тоа, установи центар за проучување на тој предмет. Терминот ‘граѓанско содружништво‘ се чини дека е научно утврден. Сепак, поканетите истражувачи и активисти некако сите стигнаа до скоро исти заклучоци во однос на двосмислениот – односно ‘недоволно научен‘ карактер - на тој поим. Но, и покрај ова, се чини дека сепак ‘нешто постои‘, не само интитутивно. Тоа нешто, згора на сè, денеска има претензии да се протегне надвор од границите на националната држава.

Точно е дека истражувачот од општествените науки кој се интересира за овој поим и за неговата современа употреба може да стане шизофреничен, растргнат меѓу, на една страна, искственото на терен каде што ‘тоа нешто‘ настанува и, на друга страна, разновидните и дифузни теоретски концепции и радикални критики кои ја доведуваат во прашање основаноста на искористувањето на овој поим во анализата на истите тие теренски искуства.

Тоа што треба да сме претпазливи при употребата на овој поим, никогаш целосно ослободен од идеолошки и политички влогови, не значи дека треба да го отфрлиме научното проучување на теренските согледувања, осудувајќи ги чинителите (само)прогласени на граѓанското содружништво за узурпација на таа титула, бидејќи цената на тоа би била да пропуштиме некои социјални појави кои се показатели за можни промени во политичкото, економското, социјалното и културното уредување. Некои политиколози ја сметаат за многу глупава употребата на концептот граѓанско содружништво во анализата, на пример, на африканските социо-политички реалности, но тоа не ги засега одговорните во локалните НВО-ции, интелектуалците, политичките лидери, членовите на религиозните движења или здруженија за штедење и кредитирање да се претставуваат себеси како „чинители на граѓанското содружништво“ и да развиваат соодветни нови стратегии и идентитети.

Несомнено, овие социјални чинители претеруваат со употребата на овој многу трендовски концепт. Сигурно е дека сите тие не го прочитале Токвил или Хегел пред да вложат во нивното граѓанско содружништво. Денес е веројатно поважно да се надмине оваа констатција и поимот граѓанско содружништво да се разбере, не само од аспект на нормативните текстови и принципи, туку, и од аспект на претставите кои постојат за тој поим, како тие се искористуваат и кои се практичните ефекти и производи на различните нивоа на социјалниот живот (локално, национално, интернационално).

Исто така, решението можеби лежи во разбирање на граѓанското содружништво од гледна точка на еден проект за потеклото на претставите, на конкретните социјални практики. Лук Болтански и Ева Чиапело го дефинираат тој проект како „кластер од активни поврза-

ности кои создаваат форми, односно создаваат предмети и субјекти, стабилизирајќи ги и правејќи ги неповратни тие врски, (Boltanski и Chiapello, 1999: 157). Овие форми кои се градат секојдневно може да ги нагрнат на себе како аспекти на едно интернационално граѓанско содружништво, така и аспектите на едно национално или локално граѓанско содружништво, или на еден јавен простор во настанување, или на новите мрежи во кои се оформуваат нови резерви на социјални капитали, итн.

Овие дневни и променливи конструкции сигурно не ја олеснуваат задачата на истражувачите кои сакаат да ги разберат контурите на граѓанското содружништво кое што тие го проучуваат. Треба да се прави токму обратното: да се проучува проектот, неговите чинители, неговите локални ефекти (вклучувајќи ја и продукцијата на дискурси и идентитети) кои овозможуваат да се разбират секогаш специфичните контури на секој проект за конституирање на граѓанско содружништво.

Затоа, далеку од тоа да биде научно неефикасен, поимот граѓанско содружништво отвора пат за истражувачки програми кои ветуваат, нудејќи му на истражвачот можност да разбере голем број општествени промени.

# БИБЛИОГРАФСКИ УПАТИ

Abel O. (2002) “Du civisme protestant et de l’urbanité en général”, in Beleancier H. (dir.), *Le Civisme. Vertu privée d’utilité publique*, Paris, Autrement.

Abrahamsen R. (1996), “Economic liberalization, civil society and democratization : a critique of some common assumptions in contemporary development theory”, in Hansen M.H. et Rudd A.F., *Weak? Strong? Civil ? Embedded ? New Perspectives on State-Society Relations in the Non Western World*, Oslo, Center for Development and Environment, University of Oslo.

Ackerman J. (2004), “Co-governance for accountability : beyond ‘exit’ and ‘voice’“, *World Development*, vol. 32, n° 3, mars.

Anheier H.K. et Daly S. (dir.) (2006), *The Politics of Foundations : Perspectives from Europe and Beyond*, Londres, Routledge.

Armony A. (2004), *The Dubious Link : Civic Engagement and Democratization*, Stanford, Stanford University Press.

Aron R. (1967), *Les Étapes de la pensée sociologique*, Paris, Gallimard, 1993.

Badie B. (1992J, *L’État importé. Essai sur l’occidentalisation de l’ordre politique*, Paris, Fayard.

— (1994), *Le Développement politique*, Paris, Economica.

Banque Mondial (1996), *Partenariat de la Banque mondiale avec les organisations non gouvernementales*, Washington, Banque mondiale.

Barber B. (1984), *Démocratie forte*, Paris, Desclée de Brouwer, 1997.

Bayart J.-F. (1983), “La revanche des sociétés africaines”, *Politique africaine*, n° 11.

— (1989), *L’État en Afrique. La politique du ventre*, Paris, Fayard.

— (2001) “Le «pidgin» de la société civile”, *Alternatives économiques,* mars.

Beck U. (2003), *Pouvoir et contre- pouvoir à l’ère de la mondialisation*, Paris, Aubier.

Bermans S. (19971, «Civil society and the collapse of the Weimar Republic”, *World Politics*, n° 49, avril, p. 401-429.

Bermeo N. et. Nord P. (2000), *Civil Society Before Democracy. Lessons from Nineteenth-Century Europe*, New York/Oxford, Rowman & Littlefield Publishers.

Bevort A. et Lallement M. (dir.) (2006), *Le Capital social. Performance, équité et réciprocité*, Paris, La Découverte, “Recherches/ M.A.U.S.S.”.

Bierschenk T., Chauveau J.-P. et Oliver de Saudan J.-P. (dir.) (2000), *Courtiers en développement*, Paris, APAD-Karthala.

Biziou M. (2004), “De la société civile à la société civile mondiale”, *Cités*, n° 17.

Blondaux L. (2004), “L’idée de démocratie participative : enjeux, impensés et questions récurrentes”, in Bacque M.-H. et Sintomer Y., *Démocratie participative et gestion de proximité*, Paris, La Découverte.

Boltanski L. et Chiapeli.O E. (1999J, *Le Nouvel Esprit du capitalisme*, Paris, Gallimard, “NRF”.

Bourdie P. (1980), “Le capital social. Notes provisoires”, *Actes de la recherche en sciences sociales*, n° 31.

Bratton M. (1989), «The politics of government : NGO relations in Africa”, *World Development*, vol. 17, n° 4.

— (1994), “Civil society and political transition in Africa”, in Haberson J.W., Rothchild D. et Chazan N., *Civil Society and the State in Africa*, Boulder/Lonclres, Lynne Rienner Publisher.

Brauman R. (2002), *Humanitaire : le dilemme*, Paris, Textuel.

Cahoone L. (2002), *Civil Society. The Conservative Meaning of Liberal Politics*, Oxford, Black- well Publisher.

Carbone M. (2003), «Dossier : les acteurs non étatiques et Cotonou”, Le Courrier ACP-UE, n° 199.

Chabal P. (1986), *Political Domination in Africa. Reflection on the Limits of Power*, Cambridge, Cambridge University Press.

Chabal P. et Daloz P. (1999), *L’Afrique est partie ! Du désordre comme instrument politique*, Paris, Economica, “Analyse politique”.

Chevalier J. (1986), “Économie sociale et société civile”, in Curapp, *La Société civile*, Paris, pur.

Cohen J. et Arato A. (1997), *Civil Society and Political Theory*, Cambridge, MIT (4e édition).

COHEN S. (2003), “ONG, altermon- dialistes et société civile interna-tionale”, *Actes du colloque “Les mobilisations altermondialistes”*, Paris, FNSP, 3-5 décembre 2003 (disponible sur www.afsp.msh- paris.fr/publi/rfsp/v54n3.html).

Colas D. (1992), *Le Glaive et le Fléau. Généalogie du fanatisme et de la société civile*, Paris, Grasset.

— (2002), “L’absencc de société civile sous le communisme, sa faiblesse sous le postcommunisme”, in Colas D.. (dir.), *L’Europe postcommunisîe*, Paris, PUF.

Coleman J.S. (1990), *Foundations of Social Theory*, Cambridge, The Belknap Press of Harvard University Press.

Commission europeenne (2000), *La Politique de développement de la Communauté européenne. Déclaration du Conseil et de la Commission*, Luxembourg, Office des publications officielles des Communautés européennes.

— (20011, *Coopération au développement des pays ¡es moins avancés. Lutter contre la pauvreté*, Luxembourg, Office des publications officielles des Communautés européennes.

Copans J. 11980), *Les Marabouts et l’arachide. La confrérie mouride et les paysans au Sénégal*, Paris, Le Sycomore.

Desroches H. (1983), *Pour un traité d’économie sociale*, Paris, CIEM.

Dezalay Y. et Garth B. (2002), *La Mondialisation des guerres de palais. La restructuration du pouvoir d’État en Amérique latine entre notables du droit et “Chicago Boys”*, Paris, Le Seuil.

Diamond L. (1991), *The Democratic Revolution : Struggles for Freedom and Pluralism in the Developing World*, New York, Freedom House.

Diamond L. et al. (1988), *Democracy in Developing Countries : Africa*, Boulder/ Londres, Lynne Rienner Publisher.

Doucin M. (dir.) (2000), *Guide de la liberté associative dans le monde. Les législations des sociétés civiles dans 138 pays*, Paris, La Documentation française.

Dreano B. (2006), “La belle Irène, l’éléphant et le gouverneur” (disponible sur www. attac.fr).

Edwards M. (2003), *Civil Society*, Londres, Blackwell Publisher.

Ehrenebrg J. (1999), *Civil Society : The Critical History of an Idea*, New York, New York University Press.

Elias N. (1939), *La Civilisation des mœurs*, Paris, Presses Pocket, 1974.

Eliasoph N. (19981), *Avoiding Politics. How American Produce Apathy in Everyday Life*, Cambridge, Cambridge University Press.

Etemadi N. (2000), “Limites et actualités du concept de société civile”, *L’Homme et la société*, n° 136-137.

ETZIONI A. (2000), “Communauta- rism and the moral dimension”, in EBERLY D. (dir.), *The Essential Civil Society Reader. Classic Essays in the American Civil Society Debate*, Oxford, Rowman & Littelfield Publishers.

FERGUSSON A. (1767), *Essay on the History of Civil Society (Essai sur l’histoire de la société civile),* Paris, PUF, “Léviathan”, 1992.

FMI (1999), *Cadre stratégique de lutte contre la pauvreté. Questions d’ordre opérationnel*, New York,

Fonds monétaire international (disponible sur www.imf.org).

FOSSI G. et BORGHESÉ E. (1988), “Les ONG dans le dialogue «public- privé» sur la coopération”, *Histoire du développement*, n» 3, septembre.

FOWLER A. (1993), “Non governmental organisations as agents of democratization : an African perspective”, *Journai of International Development*, vol. 5, n° 3.

FRASIERA A. (20051), «Quatre façons d’envisager les DSRP, les ONG et la démocratie”, *ONTRAC*, n°31, p. 11-13.

GAISTON J. (2002), “Liberal egalita-rianism : a family of theories not a single view”, in ROSENBLUM N. et POST R. (dir.), *Civil Society and Government*, Princeton/Oxford, Princeton University Press.

GAUTIER C. (1993), *L’Invention de la société civile. Lectures anglo-écossaises. Mandeville, Smith, Ferguson*, Paris, PUF, “Recherches politiques”.

GIJANDOUU A.R. (2002), *Djihad humanitaire : enquête sur les ONG islamiques*, Paris, Flammarion.

GIFTEN J. (2005) “Suivi de la stratégie de réduction de la pauvreté et des dépenses en faveur des pauvres au Malawi”, *ONTRAC*, n° 31, p. 5-6.

GRAMSCI A. (1926-1937), *Cahiers de prison*, Paris, Gallimard, 1996.

GROOTAERT C. (1997) “Social capital : the missing link ?”, in *World Banl, Expanding the Measure of Wealth: Indicators of Environmentally Sustainable Development*, Washington D.C., World Rank.

GUICHAUA A. et GOUSSAULT Y. (1993), *Sciences socia/es et développement,* Paris, A. Colin.

HABERMAS J. (1997), *Droit et démocratie. Entre faits et normes*, Paris, Gallimard, «NRF Fssais”.

Hamilton K. (2000), “Constructing an NGO sector in transitional contexts. The reach of NGO-donor “partnerships” in post-Soviet Georgia”, *IDS Bulletin*, vol. 31, n° 3.

Haberson J.W. (1994), “Civil society and the study of African politics. A preliminary assessment”, in Habreson J.W., Rothchild D. et Chazan N., *Civil Society and the State in Africa*, Boulder/Londres, Lynne Rienner Publisher.

Haubert M. (2000), “L’idéologie de la société civile”, in Haubeet M. et Rey P.P. (dir.), *Les Sociétés civiles face au marché. Le changement social dans le monde postcolonial*, Paris, Karthala.

Havel V. (1991), *Essais politiques*, Paris, Calmann-Lévy.

Hegl G.W.F. (1821), *Principes de la philosophie du droit ou droit naturel et science de l’État*, Paris, PUF, «Quadrige», 2003.

Hibou B. (1998), “Retrait ou redé-ploiement de l’État”, *Critique internationale*, n° 1.

— (1999), “L’État en voie de priva-tisation. Introduction au thème : la décharge, nouvel interventionnisme”, *Politique africaine*, n° 73.

Houtart F. (19981), “Fa société civilc : enjeux des luttes sociales pour l’hégémonie”, *Alternatives Sud*, vol. V, n° 1.

Howard M. (2003), *The Weakness of Civil Society in Post-Communist Europe*, Cambridge, Cambridge University Press.

Howell J. et Pearce J. (2001), *Civil Society and Development. A Critical Exploration*, Londres, Lynne Rienner Publisher.

Jacquemain M. (2002), *La Raison névrotique. Individualisme et société, Bruxelles*, Labor.

Kaldor M. (2003), *Global Ci vil Society*, Cambridge, Poiity.

Kant E. (1784), *Idée d’une histoire universelle au point de vue cosmopolitique,* Paris, Bordas, 1988.

Keane J. (1988), *Civil Society. Old Images, New Visions*, Cambridge, Poiity Press.

Khilnani S. (2001 J, “La «société civile». Une résurgence”, *Critique internationale*, n° 10.

Kuty O. (19981, *La Négociation des valeurs. Introduction à la sociologie*, Bruxelles, De Boeck, “Ouvertures sociologiques”.

LAGREE J.-C. (2004), "Société civile internationale, un concept à réévaluer", *Esprit critique*, vol. 6, n° 2 (disponible sur vcampus.univ-perp.fr/espritaitique).

LATOUCHE S. (2002), "D'autres mondes sont possibles, pas une autre mondialisation", *Revue du M.A.U.S.S.*, n° 20, second semestre.

LAURENT P. (2002), "L'émergence d'une société civile internationale", *Associations internationales*, n° 1.

LAVILE J.-L. (dir.) (1994), *L'Économie solidaire : une perspective internationale*, Paris, Desclée de Brouwer.

LEFEBVRE. J.-P. et MACHEREY P. (1984*), Hegel et la société*, Paris, PUF, "Philosophies".

LEHNING P.B. (1998), «Towards a multi-cultural civil society : the role of social capital and democratic citizenship», in BERNANRD A., HELMICH H. et LEHNING P.B., *Civil Society and International Development*, Paris, O C D F,,, North/South Institute.

LE PLAA F. (1879), *La Méthode sociale*, Paris, Méridiens Klinck- sieck, 1989.

LEWIS D. (2001), «Civil society in non western contexts : reflections on the "usefulness" of a concept", *Civil Society Working Paper*, n11 13.

LOCKE J. (1690), *Traité du gouvernement civil*, Paris, Flammarion, 1984.

MANDEVILE. B. (1714), *La Fable des abeilles ou les vices privés font le bien public*, Paris, Vrin, 1974.

MARCUSSEN H.S. (1996), "NGOs, the state and civil society", *Revue of African Political Economy*, n° 69.

MARIE A. (1999), *La Société des individus*, Paris, Karthala.

MARX K. (1859), *Fondement de la critique de la raison politique*, Paris, Anthropos, 1972.

MAYERN N. et SIMEANT J. (2004), "L'espace de l'alter- mondialisme", *Revue française de science politique,* vol. 54, n° 3.

MERCKEÉ P. (2004), *Sociologie des réseaux sociaux*, Paris, La Découverte, "Repères".

MOLNAR M. (1990), *La Démocratie se lève ci ¡'Est. Société civile et communisme en Europe de ¡'Est : Pologne et Hongrie*, Paris, PUF.

MONGA C. (1994), *Anthropologie de la colère : société civile et démocratie en Afrique noire*, Paris, L'Harmattan.

MONTESQUIEU (1748), *De l'esprit des lois*, Paris, Garnier-Flammarion, 1950.

Narayan D. ( 1999), “Bonds and bridges : social capital and poverty”, Washington, World Bank (disponible sur www.worldbank.org/poverty/ scapital/library/ narayan.pdf).

OCDE (1993), *Trends and Issues in the Evolving Relationships Between Donor Agencies and Development NGOs*, Paris, OCDE.

Oferlé M. (2004), *Sociologie de la vie politique française,* Paris, La Découverte, “Repères”.

Olson M. (1968), *Les Logiques de l’action collective*, Paris, PUF, 1987.

Otayek R. (1999), “La démocratie entre mobilisations identitaires et besoin d’Élal : y a-t-il une «exception” africaine ?”, *Autrepart*, n° 10.

Parisot L. (2005), “Allocution de Laurence Parisot à son arrivée à la tête du MEDEF” (disponible sur www.medef.com/).

PNUD (2002), *Rapport sur le déve-loppement humain 2001*, New York, Nations unies.

Pech T. et Paids M.O. (2003), *Les Multinationales du cœur. Les ONG, la politique et le marché*, Paris, Le Seuil.

Peemans J.P. (1997), *Crise de la modernisation et pratiques populaires. Zaïre, histoire et société*, Paris, L’Harmattan.

Perlas N. (2003*), La Société civile : le 3e pouvoir. Changer la face de la mondialisation*, Paris, Yves Michel.

Perrineu P. (2005), “Le rapport à la politique : une crise de la démocratie représentative ?”, *Cahiers français*, n° 326, mai-juin.

Pirote G. (2002), *L’Invention de la société civile en Europe de l’Est (Roumanie) et en Afrique subsaharienne (Bénin),* thèse de doctorat en sociologie, Université de Liège, Faculté d’économie, de gestion et de sciences sociales.

— (2003), *Une société civile post-révolutionnaire. Étude du secteur ONG de Roumanie. Le cas de lasi*, Louvain-Ia-Neuve, Académia-Bruylant, “Carre-four”, n° 1.

Poncelet M., Pirote G., Stang-Herlin G. et Sindayihebura E. (2005), *Les ONG en villes africaines,* Louvain-la-Neuve, Académia-Bruylant, “Afrique aujourd’hui”.

Pontieux S. (2006), *Le Capital social*, Paris, La Découverte, “Repères”.

Portes A. et Landolt P. |1996|, "“The downside of social capital”, *American Prospect*, vol. 7, n” 26.

Pouligny B. (2001), «L'émergence d'une société civile internationale ?", *Critique internationale*, n» 13, octobre.

Putnam R. (1993), *Making Democracy Work, Civic Traditions in Modem Italy*, Princeton, Princeton University Press.

— (1995), "Bowling alone : America's declining social capital", *Journal of Democracy*, vol. 6, n° 1.

— (1996), "La société civile en déclin : pourquoi ? Ut après ?", conférence John L. Manion du Centre canadien de gestion, Ottawa (Ontario), 22 février 1996 (disponible sur epe.lac- bac.gc.a/100/200/301/ccmd- ccg/john_manion-f/jml66f. pdf).

— (2000), *Bowling Alone : the Collapse and Revival of American Community*, New York, Simon and Schuster.

Putnam R. et Goss K. (2002J, "Introduction", in Putnam R. (dir.), *Democracies in Flux. The Evolution of Social Capital in Contemporary Society*, Oxford, Oxford University Press.

Rangeon F. (1986), "Société civile : histoire d'un mot", in Curapp, *La Société civile*, Paris, PUF.

Rawls J. (1971), *Théorie de la justice*, Paris, Le Seuil, 1997.

Ricci F. et Bramont J. (dir.) (1975), *Gramsci dans le texte*, Paris, Éditions sociales.

Richmond J. (2003), "Are our voices being heard ? Civil society participation in African poverty reduction strategy processes", document présenté à la conférence RoAPE sur "Africa : partnership as imperialism", 5-7 septembre, Birmingham.

Robisnon M. (1996|, «The role of aid donors in strengthening civil society", in CLAYTON A. (dir.), NGOs, Civil Society and the State : Building Democracy in Transitional Societies, Oxford, Intrac.

Rocap P.-J., (20011, "Des mandats ambigus", *Courrier de la Planète*, vol. 3, n° 63.

Roniger L. (1994), "Civil society, patronage and democracy», *International journal of Comparative Democracy*, vol. 35, n° 3-4.

Rooy A. Van (1998), *Civil Society and the Aid Industry*, Londres, Earthscan.

Rosanvalon P. (1976), *L'Âge de l'autogestion*, Paris, Le Seuil, "Points politique".

— (1995), *La Nouvelle Question sociale. Repenser l'État-provi- dence,* Paris, Le Seuil.

— (2004), *Le Modèle politique français. La société civile contre le jacobinisme de 1789 à nos jours,* Paris, Le Seuil.

ROUSSEAU J.-J. (1762), *Du contrat socia*l, Paris, Union générale d'édition, "10/18", 1973.

ROY O. (2002), "Asie centrale : la société civile en débat", *Revue internationale de politique comparée*, vol. 9, n° 2.

RYFMAN P. ¡2004), *Les ONG*, Paris, La Découverte, "Repères".

SALAMON L.M. et ANHELER H.K. (1996), "The international classification of nonprofit organizations. INCPO-revision 1", *Working Papers of the Johns Hopkins Comparative Non Profil Sector Project*, n° 19.

SALAMON L.M. etal. (1999), *Global Civil Society. Dimensions of the Non Profit Sector*, Baltimore, Johns Hopkins Center for Civil Societies Studies.

SANDBROOK R. (1987), "Personnalisation du pouvoir et stagnation capitalist" . L'Ftat africain en crise", *Politique africaine*, n° 26.

SCHOLTE J.A. (1999), "Global civil society : changing the world ?", *CSGR Working Papers*, n" 31.

SELIGMAN A. (1992), *The Idea of Civil Society*, Princeton, Princeton University Press.

SERNACIENS P. De (1998), "Gouvernance et crise des mécanismes de régulation internationale", *Revue internationale de sciences sociales*, n° 155.

SKOCPOL. T. (1985), *États et révolutions sociales*, Paris, Fayard.

SKOCPOL. T. et FIORINAM M. (1999), *Civic Engagement in American Democracy*, Washington, Brookings Institute Press/New York, Russel Safe Foundation.

SMITH A. (1776), *Recherche sur la nature et les causes de la richesse des nations,* Paris, Gallimard, "Folio", 1998.

SOMMIER I. (2003), *Le Renouveau des mouvements contestataires à l'heure de la mondialisation*, Paris, Flammarion.

TARAS R. (2005), "Civil society, human rights and the shaping of postcommunist Europe's identity politics", in MAY R. et MILTON A., *(Un)civil Societies. Human Rights and Democratic Transitions in Eastern Europe and Latin America*, Oxford, Lexington Books.

TARROW S. (1996), "Making social science work across space and time : a critical reflection on Robert Putnam's Making Democracy Work", *American Political Science Review*, No. 2.

TOCQUEVILLE A. (1835-1840), *De la démocratie en Amérique,* tomes 1 et 2, Paris, Robert Laffont, 1986.

WAGLE S. et al. (2002), *Participation in Poverty Reduction Strategy Papers : A Restrospective Study,* Washington, The Participation and Civil Engagement Group, Social Development Depart-ment, World Bank.

WALLERSTEIN I. (1991), “Histoire et dilemmes des mouvements antisystémiques”, in AMIN S. et al., *Le Grand Tumulte ? Les mouvemen ts sociaux dans l’économie-monde*, Paris, La Découverte, “Textes à l’appui”.

WALZF.R M. (1995), “The concept of civil society”, in WALZER M. (dir.), *Toward a Global Civil Society*, New York, Berghahn, vol. 1, International Political Currents, A Friedrich Ebert Stiftung Series.

WEBER M. (1904-1905), *L’Éthique protestante et l’esprit, du capitalisme*, Paris, Pion, 1964.

WOOLCOCK M. (1998), “Social capital and economic development: toward a theoretical synthesis and policy framework”, *Theory and Society*, vol. 27, n° 2.

YOUNG C. (1994), “In search of civil society”, in HAUHKSON J.W., Rothchild D. et CHAZAN N., *Civil Society and the State in Africa*, Boulder/Londres, Lynne Rienner Publisher.

ZARIFAN P. (19971, *Éloge de la civilité. Critique du citoyen moderne*, Paris, L’Harmattan.

# ИНТЕРНЕТ УПАТИ

**Accord de Cotonou**
http://europa.eu. int/comm/development/body/cotonou/agreement_fr.htni

**Banque mondiale et société civile**
www.banqueniondjale.org/

**Center for Civil Society Studies, Johns Hopkins Institute (États-Unis)**
www.jhu.edu/~cess/

**Centre for Civil Society-London School of Economics (Royaume-Uni)**
www.lse.ae.uk/eollections/CCS

**Civic Practices Network**
www.cpn.org

**Civil Society International**
www.civilsoc.org/

**Civicus (World Alliance for Citizens Participation)**
www.civicus.org

**Civitas**
www.civnet.org

**Nations unies et société civile**
www.un.org/issues/civilsociety/

**Objectifs du millénaire pour le développement**
www.un.org/french/millenniumgoals/

**The Saguaro Seminar (Civic Engagement in America)**
www.ksg.harvard.edu/saguaro/index.htm

**Union of International Associations**
www.uia.org

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
“Св. Климент Охридски”, Скопје

316.323.64/.7(091)

ПИРОТ, Готје
Поимот грѓанско содружништво [Електронски извор] / Готје Пирот ; [превод Ињо Трајковски]. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка, 2016

Начин на пристап (URL): http://mcms.mk. - Превод на делото: La notion de societe civile / Gautier Pirotte. - Текст во PDF формат, содржи 120 стр.. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 27.07.2016. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 109-119

ISBN 978-608-4681-65-6
I. Pirotte, Gautier види Пирот, Готје
а) Граѓанско содружништво - Историски развој - Свет
COBISS.MK-ID 101491210